*УНИВЕРЗИТЕТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ*
*ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ*

**- ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА -**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
14964
24.11.15

# ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

## РАЗВОЈ НА ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНИ ФОРМИ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

**- Сместување во згрижувачко семејство -**

**Ментор**
**Проф. д-р Сузана Миовска Спасева**

**Кандидат**
**м-р Катица Кичукова Голубовска**

**Скопје, јануари 2015 година**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

Вовед ........................................................................................................ 5

**ПРВ ДЕЛ**

**ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ**

**1. СЕМЕЈСТВОТО И НЕГОВАТА ВОСПИТНАТА УЛОГА**

1.2. Дефинирање на поимот семејство ............................................ 14

1.2. Родителството и развојни стадиуми на детето.................... 17

1.3. Воспитната улога на семејството ............................................ 22

1.4. Предизвиците на современото семејство.......................... 25

**2. СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА**

2.1. Што се подразбира под социјална заштита ................................ 28

2.2. Носители на социјала заштита и надлжности
на установите во системот.................................................................. 29

2.3. Услуги во социјална заштита

2.3.1. Социјална превенција.................................................... 37

2.3.2 Институционални форми на заштита. ............................ 39

2.3.3. Вонинституционални форми на заштита......................... . 45

2.4.Улогата на стручниот тим во заштитата на детето...................... 56

2.4.1 Улогата на педагогот во заштитата на детето.................... 58

**3 .ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС**

3.1. Што претставува деинституционализацијата.............................. 64

3.2..Процесот на деинституционализација во Р.Македонија.............. 64

3.3. Стратегија за деинституционализација ...................................... 67

3.4. Предизвици на деинституционализацијата................................ . 69

**4.. ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА ВО ДЕЛОТ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА** ............................ 73

## ВТОР ДЕЛ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ


1. Предмет на истражувањето ........................................................... 81
2. Дефинирање на поими ........................................................... 82
   - семејство
   - дете без родители и родителска грижа
   - вонинституционана форма
   - деинституционализација
3. Цели и задачи на истражувањето........................................................... .84
4. Хипотези на истражувањето........................................................... 86
5. Варјабли на истражувањето_........................................................... 87
6. Методи и техники за собирање на податоци ..................................... 87
7. Примерок на истражувањето........................................................... 89
8. Организација на истражувањето ........................................................... 90


## ТРЕТ ДЕЛ


**1 Анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражување**........................................................... 94

1.Стручна помош и поддршка на децата сместени во згрижувачките семејства од страна на ЦСР........................................... 95

2. Постапување согласно законската регулатива и стручно-методолошките упатства........................................................... .97

3. Идентификување на личните карактеристики на згрижувачите:........... 100

4. Идентификување на потребите од континуирана поддршка за сместените деца во згрижувачките семејства........................................... 107

5. Расположливи ресурси во трите општини за задоволување На потребите на децата сместени во згрижувачките семејства............ 113

6. Позитивни промени кај сместените деца во згрижувачките семејства од поддршката на мобилниот тим ...........................................................120

**2. Компаративна анализа на децата без родители и родителска грижа сместени во згрижувачко семејство во Р.Македонија и Р.Србија**

1.Искуства во Р.Македонија ........................................................... 127

2. Искуства во Р.Србија..................................................................... 157

3 . Согледувања од компаративна анализа на системот за социјална заштита во Р.Србија и Р.Македонија во делот на згрижувачките семејства........................................................................................ 179

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

Заклучоци .......................................................................................... 191

Препораки .......................................................................................... 198

Литература .......................................................................................... 202

**ПРИЛОЗИ**

ПРИЛОГ 1 Прашалник за згрижувачкото семејство

ПРИЛОГ 2: Прашалник за за сместено дете во згрижувачко семејство

ПРИЛОГ 3 Прашалник за согледување на ресурсите на локално ниво

ПРИЛОГ 4: Протокол за работа на мобилниот тим

## *ВОВЕД*

Децата на светот се невини, ранливи и зависни. Тие се исто така љубопитни, активни и полни со надеж, нивното време треба да биде исполнето со радост и мир, со игра, забава и со учење, а нивната иднина да се гради во слога и соработка. Со стекнувањето нови искуства и ширењето позитивни морални норми за животот се создава правилен темел за градење на нивната иднина.

Но за многу деца во светот, па и кај нас, стварноста е сосема поинаква. Тие секој ден се изложени на опасности што влијаат на нивниот правилен раст и развој. Тие страдаат како жртви на насилството, како бегалци и раселени деца, принудени да ги напуштат своите домови и корени, како инвалиди, како жртви на занемареност и запуштеност од страна на своите родители.

Постојат многу фактори што влијаат врз намалување на способноста на семејствата да ја вршат својата функција, како што се невработеноста, сиромаштијата, проблемите во семејната структура, занемарувањето и злоупотребата на децата, семејното насилство, проблемите со зависности, проблемите со менталното здравје и слично. Тоа ги прави семејствата маргинализирани и социјално исклучени. Овие фактори, кои се присутни и влијаат во светот, секако дека не ја заобиколуваат и нашата држава, исто и кај нас тие се причина за голем број деца да бидат изложени на социјален ризик.

Нашата држава вложува напори на разни начини да ги заштити децата, да ги намали нивните неволји, да го унапреди целосниот развој на нивниот човечки потенцијал и да им ја развие свеста за сопствените потреби, права и можности. Преку разни законски решенија се прават напори на поголем број деца изложени на социјален ризик да им даде можност да го пронајдат сопствениот идентитет и да ја согледаат својата вредност во средината во која живеат, да им се обезбедат сигурност и поддршка, без разлика каде се наоѓаат, дали се во биолошкото семејство, згрижувачко семејството или, пак, во некоја институција. Тие мора да бидат подготвени за одговорен живот и од најмлади години да бидат вклучени во секојдневните животни ситуации и да бидат подготвени да се справат со можните тешкотии.

Нашата држава преку своите политики и стратегии води посебна грижа за заштита на децата и на семејствата, особено за заштита на децата без родителска грижа.

Социјалната заштита во Р. Македонија е заснована врз начелото на хуманизам, социјална праведност и солидарност, кои државата им ги гарантира на сите граѓани, без разлика на полот, расата, бојата на кожата, националната, етничката, социјалната, политичката, верската, културната, јазичната, имотната и општествената припадност, онеспособеност и потекло.

При подготвувањето на законските решенија и на стручно-методолошките упатства за работа со лицата изложени на социјален ризик секогаш се тргнува од основните човекови права, вклучувајќи ги и правата на детето, за да се достигнат европските стандарди за грижа и квалитет.

Системот на социјалната заштита во нашата држава го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите што се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита. Системот се надградува преку стручната работа во установите за социјална заштита, спроведувањето развојни програми, стручното усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следењето на појавите и планирањето на работата, водењето на евиденцијата, како и преку спроведувањето надзор и истражувачка работа во оваа област.

Установа во системот на социјална заштита што непосредно работи со граѓаните за да ги заштити нивните права и да им помогне да ги надминат проблемите е центарот за социјална работа. Во Република Македонија имаме 30 центри за социјална работа.

Стручните работници во центарот за социјална работа, работејќи со граѓанинот и со семејството, помагаат во решавањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење, партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родители и деца, му укажуваат помош на семејството во остварувањето на неговата заштитна, воспитна и репродуктивна функција, поттикнуваат сакано и одговорно родителство и планирање на семејството, заштита на лица-жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе, даваат други советодавни и советувалишни услуги

за прашања од значење за развојот и социјализацијата на личноста и за остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Функциите утврдени во Законот за социјална заштита и другите прописи центарот ги реализира преку: стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа.

Стручната работа во центарот ја спроведуваат следниве стручни профили: социјален работник, психолог, педагог, правник, дефектолог, социолог, кои низ интердисциплинарна тимска работа им даваат услуги на разни категории граѓани изложени на социјален ризик. Овие стручни лица заштитата на децата без родители и родителска грижа ја спроведуваат во согласност со Законот за социјална заштита, Законот за семејство и со Законот за правда на децата.

Во согласност со Законот за семејство („Сл. Весник" бр. 148 /2013), дете без родители и родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чие родители, без оглед на причините, привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Според последните податоци од системот на ЛИРИКУС, електронска програма за внес на корисници на социјалните услуги, на Заводот за социјални дејности (www.zsd.gov.mk), во центрите за социјална работа во истиот период, 2013 година, регистрирани се вкупно 1.366 деца без родители и родителска грижа.

И покрај тоа што државата се грижи да ги заштити децата без родители и родителска грижа, сепак нивниот број од година на година расте (податоци од системот на ЛИРИКУС, електронска програма за внес на корисници на социјалните услуги, на Заводот за социјални дејности.

- 2010 година имало 986 деца
- 2011 година имало 1.084 деца
- 2012 година имало 1.272 деца
- 2013 година имало 1.366 деца

И покрај тоа што државата им овозможува големи права и услуги на децата без родители и родителска грижа (од нивно сместување, обезбедување

средства во висина од 3.000 евра при излегување од институција или згрижувачко семејство - стипендии, сместување во студентски домови, вработување, станови и слично), сепак бројот на деца без родителска грижа не се намалува. Тоа значи дека не се работи на искоренување на причините што доведуваат до тој ризик, туку се оди само на еден аспект, а тоа е санирање на последицата, односно заштита на децата. Најчесто поставувано прашање е што да правиме со родителите на овие деца што се со добра здравствена состојба и можат да се грижат за своите деца, но поради разни причини ги напуштаат.

Практиката покажува дека најчесто како причина за напуштање на сопственото дете се јавува кога брачните партнери засновале нова брачна заедница, па новиот брачен партнер не го прифаќа детето од претходниот брак и родителот остава државата да се грижи за детето. Исто така имаме ситуација кога родителите го оставаат детето и поради лоши материјално-станбени услови за живеење. Затоа е потребно државата да бара законски решенија како да му помогне на семејството да не го остава детето поради лоши материјално-станбени услови, привремено да му даде парични средства, но и да му помогне и да го вработи родителот за да може да ги подобри условите за живот и да биде заедно со своето дете. Додека, пак, за родителите што го оставаат детето поради започнување нова брачна заедница е потребно да се работи со нив на јакнење на родителските капацитети, во насока на поголема родителска одговорност, да ги сфатат родителските обврски. За оние родители што не ги прифаќаат стручниот пристап и поддршка секако е потребно да се преземат соодветни правни постапки, како што е одземање на родителското право или, пак, да се поднесе кривична пријава против нив, кривично да одговараат за негрижа за сопственото дете, а со тоа детето ќе има можност да оди на посвојување додека е на помала возраст.

Но прво и основно е да се направи законска промена во дефинирањето на оваа категорија деца, што ќе се подразбира под „дете без родителска грижа“ и дали ќе ги имаат истите права децата што останале без двајцата родители поради смрт и оние што се моментално без родителска грижа поради разни причини. Во однос на законските права и услуги што ги имаат децата без родители и родителска грижа, тие се премногу заштитнички, не водат кон нивно

осамостојување и градење на сопствената иднина. Во таа насока треба да се преиспита и да се најде друго законско решение во однос на паричните средства наменети за оваа категорија деца, на кој начин ќе се трошат и кој ќе ги контролира.

Во однос на формите на заштита на децата без родители и родителска грижа се застапени и институционалните и вонинституционалните форми. Во последниве неколку години поголем акцент се става на развивањето на згрижувачките семејства, но не и на поддршката на згрижувачките семејства во грижата за децата.

Нашето истражување е насочено токму кон поддршката на овие семејства, но не од страна на центарот за социјална работа туку од страна на мобилен тим што е формиран наменски за да работи со згрижувачките семејства во Прилеп, Македонски Брод и во Крушево. Овој начин на поддршка на згрижувачките семејства има за цел да покаже дека во заштитата на децата, во задоволувањето на нивните потреби и во стимулирањето на нивниот развој се вклучени голем број стручни лица од различни институции, секој на свој начин влијае врз детскиот развој.

Бидејќи децата се нашата иднина, на нив секогаш треба да гледа како на граѓани на светот, на утрешнината, па поради тоа нивниот живот, нивната заштита и нивниот развој треба да бидат услов за развојот на идното човештво.

Суштинска цел на националниот развој треба да биде збогатувањето на новите генерации со знаење и со потенцијали за да можат да одговорат на битните потреби на својата нација во границите на сопствените можности. Државата не треба да презема чекори само за сегашната генерација туку за сите генерации што доаѓаат. Не постои поблагодарна задача отколку на секое дете да му се овозможи подобра иднина.

Меѓутоа во нашата држава многу малку е истражувана оваа проблематика, заштита на децата без родители и родителска грижа, и има многу отворени прашања за кои нема одговор. Никој не ги анализира причините зошто одредена состојба или појава е таква, туку само кампањски се санираат одредени состојби, но, за жал, не се решаваат. Таквиот пристап само отвора нови проблеми.

Во нашето истражување ќе се обидеме да ја анализираме заштитата на деца без родители и родителска грижа, со посебен осврт на сместувањето во згрижувачко семејство, преку согледување на нашите достигнувања и компарација со системот на заштита во Р. Србија, за да го унапредиме квалитетот на грижа кон оваа ранлива категорија деца. Но исто така за издигање на квалитетот на грижа ги користевме и искуствата од други европски држави.

Во однос на структурата, трудот содржи теоретски и истражувачки дел.

Во теоретскиот дел се опфатени сфаќањата за поимот семејство, потоа што се подразбира под родителство и кои родителски стилови ги разликуваме, воспитната улога на семејството. Потоа тука се и системот на социјална заштита, улогите и надлежностите на установите, формите на заштита на децата без родителска грижа, како и процесот на деинституционализација и европските искуства во дело на заштитата на децата во згрижувачките семејства.

Вториот дел ја разработува методологијата на истражувањето, од дефинирање на предметот и поимите, определување на целта, задачите, хипотезите, варијаблите и примерокот што се истражува до методите и техниките што се применети во истражувањето, како и организацијата на истражувањето.

Во третиот дел се анализата и интерпретацијата на добиените резултати од спроведеното истражување, односно резултатите од континуираната поддршка на мобилниот тим што работеше со сместените деца во згрижувачките семејства во Прилеп, Македонски Брод и во Крушево. Исто така се прикажани и сознанијата до кои дојдовме од компаративната анализа на системот на заштита на децата без родителска грижа кај нас и во Р. Србија.

Во четвртиот дел се дадени заклучоците до кои дојдовме со истражувањето и препораките за подобрување на квалитетот на грижа, а со тоа и на самиот систем на социјална заштита.

Се очекува дека резултатите од истражувањето и препораките дадени во овој труд ќе поттикнат нови размислувања за законски, подзаконски и стратегиски промени во насока на издигање на квалитетот на заштита и грижа на децата без родители и родителска грижа, преку јакнење на постојните и создавање нови ресурси, т.е. алтернативни форми на грижа.

# ПРВ ДЕЛ

## Теоретски пристап кон проблемот

**„Сите среќни семејства личат едно на друго, а секое несреќно семејство е несреќно на свој начин“**

**Л.Н. Толстој**

# 1. СЕМЕЈСТВОТО И НЕГОВАТА ВОСПИТНА УЛОГА

## 1. 1. Дефинирање на поимот „семејство“

Семејството е една од најактуелните теми за истражување и за анализирање, бидејќи има најголемо влијание врз развојот на личноста на детето. Поради тоа семејството е предмет на проучување на повеќе науки, па затоа и постојат многубројни дефиниции, односно различни сфаќања. Но сите дефиниции тргнуваат од тоа дека семејството е најстара општествена група, односно претставува основна ќелија, општество во мало за детето, каде што може да ги задоволи своите биолошки и психолошки потреби, каде што започнува процесот на социјализација и каде што детето физички, емоционално, интелектуално и морално се развива.

Зборот „семејство“ води потекло од зборот „семе“, како поим во секојдневниот говор. Со семејство означуваме заедница од родители и потомци. Клучната цел на таквата заедница е одгледување на потомците. (Dr D. Kokovic, Dr M. Tripkovic, Dr M. Mitrovic, 1993)

Семејството е незаменлива средина, во која човекот се формира како личност, во која живее задоволувајќи некои од најважните потреби, кои можат да се задоволат само во семејството. Семејството е специфична биосоцијална заедница на луѓето, има значајна улога во развојот на човекот, но не само за него туку и за целото општество воопшто.

Семејството и семејните односи се променлива историска категорија, се модифицираат под влијание на различните општествени, историски и цивилизациски услови. Така што семејството (потесно семејство) е семејна заедница што се состои само од брачна двојка или од родители (двајца или еден) и нивните деца што не се во брак. Под семејство се подразбира и заедница на партнер и партнерка што живеат заедно, а законски немаат засновано брачна заедница.

Во согласност со дефиницијата за семејство се разликуваат следните типови семејства:

- брачна двојка без деца
- брачна двојка со дете/деца што не се во брак

- родители (партнери што не се во брак) со дете/деца што не се во брак
- мајка со дете/деца што не се во брак
- татко со дете/деца што не се во брак

Според Екерман, семејството е назив за институција што е стара колку и самиот човечки род, таа е парадоксална и несфатлива појава. Добива многу форми. Со векови е исто, а сепак никогаш не е исто. Постојаната преобразба на семејството се обликува според условите на животот што преовладуваат на одредено место и одредено време (Екерман Н., 1987, стр. 39).

Според реченицата на Владимир Илич Ленин, семејството е основна клетка од која е изградено општеството, што го втемелува имањето потомство како предуслов за имање општество.

Семејството и општеството се појави што не се забележани само кај луѓето туку се чести во живиот свет.

Во Универзалната декларација за правата на човекот од 1948 година се вели: „Семејството е природен и основен елемент на општеството и има право на заштита од страна на државата и општеството" (членот 16).

Во Педагошката енциклопедија, во редакција на Никола Поткоњак и Перо Шимлиша, за семејството, покрај другото, се вели: „Иако спаѓа во редот на најмалите општествени единици, семејството е една од најсложените појави. Во себе обединува голем број различни страни на човечкиот живот во општеството" (Педагошка енциклопедија, 1989., стр. 219).

Според Е. Гиденс (E. Gidens, 2003 г., стр, 187), семејството е група на луѓе што се директно сроднички поврзани, каде што возрасните членови ја преземаат грижата за децата.

Според М. Трипковиќ (M. Tripkovic, 1998, стр. 213), семејството е една од најзначајните, најкомплексните и најпознати општествени групи и камен-темелник на општеството. Тоа е сложена општествена група и примарна биопсихосоцијална заедница. Семејството е значајно за развојот на човечката личност.

Според социолошката дисциплина, семејството се гледа како основна единица на општеството и ја определува како историски променлива општествена група, која има свои специфичности во контекст на културните

различности. Тоа подразбира дека семејството е општествена група што има заедничка биолошка, економска и социјална основа, како и значајна улога во функционирањето и во одржувањето на општеството.

Според нашиот Закон за семејство („Сл. Весник“, 83/2004), семејството е животна заедница на родители и деца и на други роднини ако живеат во заедничко домаќинство.

Кога се разгледува односот на семејната организација и општествениот систем мора да се има предвид следново:

1. семејството е примарна општествена група во која се испреплетени биолошките и општествените фактори;
2. семејството е општествена група во која врските се засноваат на општествено-културни стандарди, но исто така и на психофизичката поврзаност на членовите;
3. семејната група е ќелиска организација што игра трансмисиска улога во општествениот систем, пренесувајќи ги по пат на социјализација барањата на општеството на младите генерации;
4. семејната организација е променлива во зависност од промената на општествениот систем;
5. основната функција на семејството секогаш е подготовка на младите да бидат возрасни членови на општеството.

Нашиот интерес е педагошкиот аспект на толкување на семејството и во согласност со тоа семејството е воспитно-едукативна единица.

Дефинициите само покажуваат како се сфаќа семејството, но за нас, педагозите, многу е значајно како практично функционира семејството, дали постојат предуслови за правилен развој на детето.

Семејството е значаен фактор во развојот и воспитанието на детето. Секое семејство треба да се темели на: љубов, брак, потомство и одговорно родителство. Функционално семејство каде што постојат љубов, позитивна клима, одговорни родители и добра комуникација претставува основа за правилен раст и развој на секое дете, а истовремено и темел за градење здрава популација, која им е потребна на секоја држава и општество.

## 1.2. Родителството и развојните стадиуми на детето

Кога станува збор за децата, а особено за оние без родители и родителска грижа, треба да го разгледаме и сфаќањата за родителството, бидејќи кај овие деца заради разни причини поради кои родителите не биле присутни во грижата на сопствените деца дошло до оваа појава на социјален ризик. Но за да не се повтори во новиот облик на заштита треба да знаеме што треба да им се овозможи на овие деца, какви квалитети треба да имаат згрижувачките семејства што ќе се грижат за оваа категорија деца.

Родителството е развоен процес. Развојот на родителството може да се разгледува од историска перспектива на човековиот род, од една, и во секој посебен случај на развој на односите родител-дете, од друга страна.

Родителството е процес во кој се создава непосреден, емоционално топол, индивидуален и релативно траен однос на одреден број лица од постарата генерација (мајката, таткото, другите роднини, воспитувачите, учителите) спрема детето, во кој на различен начин и со различни средства се обидуваат да му помогнат да израсне, при што не се важни ниту нивната крвна врска, ниту полот, ниту биолошките или менталните посебности, надарености или недостатоци.

Родителството се учи, па, оттука, добро е да се создава систем од знаења за поуспешно родителство што ќе го унапредува развојот на идните генерации (I. Longo, 2010.). Родителството е активен процес. Тој процес бара вештини и знаење за планирање, создавање, раѓање, одгледување, придонесување на разни начини за развој и осамостојување на децата. Родителството како процес вклучува нега, заштита и водење. Тоа е серија интеракции меѓу родителот и детето. Преку учење и искуство може да се зајакне родителската улога (Stanojlovic B., 1999 .).

Според Препораката (2006) 19 од Советот на Европа, позитивно родителство се однесува на родителско однесување засновано на најдобрите интереси на детето, кое го негува и го јакне и е ненасилно за детето. Овозможува негово признавање и насочување, а вклучува и поставување граници заради овозможување целосен развој на детето.

За целите на оваа препорака, терминот „родители" се однесува на лицата со родителско право или одговорност, а „родителство" се однесува на сите обврски на родителите, интеракцијата родител-дете, а целта е грижа за воспитувањето на децата.

Добар родител се станува преку грижа и разбирање за себеси и за детето на различни стадиуми од развојот, преку негување на врските и водење на детето низ секој развоен период, преку мотивирање детето да направи нешто најдобро што умее и преку застапување на неговите најдобри интереси. Треба многу да се учи за да се стане доволно добар родител.

Оној што одлучил да стане родител треба да се подготви за родителството и добро да обмисли како да му овозможи најдобар развој на детето во зависност од неговата посебност и возраст.

Стилот на родителство се однесува на тоа како родителите им одговараат на своите деца, како ги контролираат и социјализираат своите деца. Според тоа, се издвојуваат следниве четири родителски стилови:

1. попустливо-неодговорни родители (попустлив стил)
2. незаинтересирани родители (неодговорен стил)
3. авторитарни родители (авторитарен или диктаторски стил)
4. компетентни или авторитативни (демократски стил)

Нема единствен чист тип на родителство. Видот на родителскиот стил зависи од ситуацијата, искуството и од возраста на детето. Во основата на видот на родителството секогаш има високи или ниски барања, преголема или премала одговорност, љубов и нежност или непријателство, попустливост или строга контрола.

1. <u>Попустливо-неодговорните родители</u> обично на детето му даваат премногу нежност, а бараат премалку. Немаат јасни правила за однесување, малку комуницираат и малку дисциплинираат, немаат добра родителска структура и одбегнуваат да ја преземат одговорноста во моделирање на поведението на детето. Тие се родители што не се вклучени во одгледувањето на децата, бидејќи минуваат малку време со нив и не прават напори заедно со детето. Се оправдуваат дека многу работат, немаат време, дека се под стрес.

Децата на ваквите родители не знаат да се самоконтролираат, секогаш се недозреани, неодговорни, со многу агресивно поведение, имаат мала

самопочит, подоцна созреваат емоционално, тешко умеат да се справат со фрустрациите. бегаат од училиште, употребуваат дрога, бараат разни начини да го свртат вниманието преку прекршување на правилата и на законот.

2. Незаинтересираните или неодговорните родители многу малку одговараат на потребите на детето и многу малку бараат од него. За овие родители се вели дека се исти како попустливо-индиферентните, немарно-занемарливите или отфрлувачко-немарни. Тие отфрлаат, занемаруваат, не споделуваат нежност или се непријателски расположени кон детето. Овие родители не се вклучуваат во родителскиот процес туку се насочени кон својот комфор. Ова е штетно однесување, со тешки последици за детето. Од ваквите родители произлегуваат најнеспособни деца.

3. Авторитарни родители се оние што многу бараат, но не се многу одговорни. Наметнуваат многу дисциплина и барања, а даваат малку љубов и отворена комуникација. Крути се, казнуваат, не даваат избор ниту слобода на изразувањето, бараат послушност, почитување на редот и традицијата, а ги обесхрабруваат независноста и индивидуалноста. Не даваат да се преиспитува нивниот авторитет. Сè засновуваат врз својата моќ, ја вреднуваат послушноста како доблест. Користат физичко казнување, викање и закана.

Производ е дете кај кое нема љубопитство, спонтаност, креативност, упорност и независност. Не знаат како да одлучуваат за себе, не се сигурни како да се однесуваат, бараат некој да ги води. Може да имаат мала самопочит и недоверба, а поголема агресивност.

4. Авторитетни или компетентни родители се оние што се најдобро урамнотежени во одмерување на стилот на дисциплинирање. Тие ги насочуваат детските активности на рационален начин и целисходно. Тие поставуваат високи стандарди и очекувања за зрело однесување, поставуваат јасни правила. Стимулираат независност и индивидуалност, но и контролираат поведението да биде според прифатени стандарди. Имаат високи барања и висока одговорност во одмерувањето на добриот одговор на детските потреби. Даваат избори кога децата имаат некакви барања.

Постои добро одмерена комуникација, умешност за активно слушање, ги охрабруваат разговорот и размената на мислења, информации, знаења. Има добро одмерена доза на љубов и добра размена на емоции. Овие родители се топли, постојани и разумни. Детето може да го предвиди нивното однесување

кон него и знае што се очекува од него, бидејќи тоа му се објаснува на достапен начин. Користат позитивно поткрепување за учење на пожелното поведение.

Децата на овие родители главно се одговорни, независни, имаат висока самопочит и добро ја контролираат својата агресивност.

Според авторите на Модулот 4, Ангажирање и работење со семејства, подготвен од „Вествотер интернешнел партнершипс" (Westwater International Partnerships) и од Универзитетот во Стратклајд (University of Strathclyde), Шкотска, во консултација со персоналот од центрите за социјална работа, институциите за социјална заштита, персоналот од Заводот за социјални дејности и УНИЦЕФ, 2012 година, постојат пет типа родителски стилови што може да се идентификуваат: родителскиот стил може лесно да се препознае преку директно набљудување на тоа како родителот, или старателот содејствува со детето или преку прашување на родителот или старателот како се снаоѓа со детето во различни ситуации, и преку споредување на ова со информациите дадени подолу за стиловите на родителство.

Попустливиот родител се обидува да се однесува без казни, со прифаќање и афирмативно спрема детето, дозволувајќи им на децата да ги регулираат сопствените активности, и колку што е можно повеќе избегнува спроведување контрола врз активностите или однесувањето. Родителот што користи ваков стил се консултира со детето и дава објаснувања за семејните правила, но бара малку во смисла на одговорност во домаќинството, или придржување кон надворешно дефинирани стандарди на однесување. Попустливиот родител го карактеризира поставување малку или никакви граници.

Авторитарниот родител е спротивен на попустливиот родител. Тој се обидува да ги обликува, да ги контролира и да ги оценува однесувањето и ставовите на детето во согласност со востановен стандард на однесување, кој понекогаш е апсолутен стандард од надворешен извор. Авторитарниот родител ја цени послушноста и може да користи казнени, присилни мерки за да заузди однесување или ставови што тој ги смета за неприфатливи кај детето. Преговарањето меѓу родителот и детето не е можно во оваа ситуација; зборот на родителот е закон.

Авторитативниот родител презема одговорност за грижата и за контролата на своето дете. Овие родители му нудат на детето објаснувања за своите одлуки и поттикнуваат преговарање. Комуникацијата е важна за овие родители и постои почит за желбите и за гледиштата на детето. Овие родители се способни да спроведат цврста контрола кога е потребно, пропорционална со потребите на детето, но не контролираат само заради контрола. Тие поставуваат доследни ограничувања и стандарди за прифатливо однесување за сега и за во иднина.

Повладливиот родител оди многу подалеку од попустливиот и го задоволува секој каприц на детето. Овој родител едноставно се согласува со сите желби на детето. Тој не објаснува зошто секогаш попушта пред желбите на детето. Оттаму, ваквите деца може да пораснат неспособни да го одложат задоволувањето или да го прифатат зборот „не".

Индиферентниот или небрежниот родител е оној на кој изгледа дека воопшто не му е гајле за детето. Тој е неспособен да сфати дека детето има основни исконски потреби за нега, љубов и поврзаност. Овој тип родител може самиот да бил запоставен или имал проблеми со злоупотреба на супстанции. Истражувањата покажуваат дека родителите што злоупотребуваат супстанции сè повеќе стануваат одлика на децата што го привлекуваат вниманието на службите за социјална заштита.

Секако, постојат варијации помеѓу овие описи на родителски стилови и родителот или старателот не мора совршено да се вклопи во една категорија, но важното прашање е да се утврди кој стил најмногу го користат родителите или старателите во интеракцијата со своите деца.

Воспитната улога на семејството и родителските стилови се опфатени во трудот бидејќи се основа за правилен раст и развој на детето сместено во згрижувачко семејство. При процената на капацитетите на згрижувачите, стручните лица треба да водат посебно внимание како згрижувачот се грижел за сопствените деца и каков е неговиот воспитен стил.

Семејството секогаш треба да претставува стимулативна средина за детето, средина што ќе го поттикнува неговиот психофизички развој, каде што ќе се чувствува сигурно, исполнето со љубов, нега и грижа.

Родителите се оние што ја носат најголемата одговорност за развојот на сопственото дете, тие се први пренесувачи на знаење, кои треба едукативно да

го стимулираат детето преку охрабрување, игра, разговор, користење на добрите примери од средината, содржини и да интерпретираат позитивен личен пример.

Тоа се чекорите што водат кон патот на создавање позитивна и креативна семејно-воспитна клима. Процесот на воспитувањето подразбира постојани промени, брзи приспособувања на новото време, на новите опасности и предизвици, но и кон можностите и новите сознанија.

Затоа родителите мора перманентно да се образоваат, да ги унапредуваат своите родителски вештини, за да одговорат поадекватно на потребите на денешните деца.

Родителството се учи, а денес има различни начини и форми за решавање на родителските дилеми, зајакнување на родителските капацитети, збогатување на знаењата за развојните фази на децата, нормалните реакции и препознавање на отстапувањата во нивното однесување. На тој начин родителот ќе може да ги препознае знаците на асоцијално однесување, опасностите и заканите во пошироката и потесната средината и ќе може соодветно да реагира и навреме да превенира несакани појави во однесувањето кон сопственото дете.

Семејствата, односно родителите што сакаат постојано да учат да го усовршуваат родителството, со таквата животна ориентација на детето ќе му обезбедат безбедно детство, здрави морални принципи, самоуверено и самостојно дете што нема лесно да потпаѓа под туѓи влијанија, дете што ќе има јасна визија за сопствената иднина.

## 1.3. Воспитната улога на семејството

Семејството е институција во која детето го остварува првиот контакт со околината и која овозможува прво запознавање со предметите и со нивните карактеристики. Во него детето ги стекнува првите навики, ги прави првите чекори, ги искажува првите зборови и чувства. Во семејството детето ја стекнува основата за успешна комуникација и интеракција со непознатиот свет за него. Семејството е првото животно училиште во кое детето го стекнува основното знаење за луѓето, меѓусебните односи, животот и животните

проблеми (Vidanovic.I., 2006).Семејната средина е всушност двигател и координатор на целокупниот детски развој, примарен чинител во задоволувањето на емоционалните, физичките, психичките, социјалните, интелектуалните и детските развојни потреби за здрав и среќен живот.

Тргнувајќи од спецификите на семејниот живот и од улогата на семејството во развојот на личноста, науката сè повеќе убедува дека најповолна средина за воспитание и социјализација на единката е семејството. Овие два процеса се дополнуваат (Stanojlovic B., 1999 ).

Различните сфаќања за воспитната улога на семејството се должат на промените во самото општество, кое има влијание врз позицијата на семејството во него (Vukoje J., 2009).

Педагошките мисли за воспитната улога на семејството датираат уште од античко време. Според Аристотел, семејството има три улоги, и тоа: економска, брачна и родителска. Тој сметал дека во грижата за семејството требало повеќе да се внимава за луѓето отколку за недвижнината. Додека, пак, античките филозофи се залагале за воспитувањето на децата да се грижи државата.

Педагозите сметале дека секој меѓучовечки однос во семејството е истовремено педагошки однос, од причина што од родителите се барале правилни педагошки ставови, ниту престрого ниту преблаго, односно се барало родителите да ги вклучат децата во животот. Родителите не смееле да ги воспитуваат своите деца на својата среќа, затоа што односот на родителот кон своето дете треба да се темели на здрави и хармонични односи. Макаренко често предупредувал преку своите укажувања дека ако сакате да го отруете своето дете, дајте му да испие голема доза од вашата сопствена среќа и тоа ќе се отруе.

Според антрополошката теорија, семејството и неговата воспитна улога треба да се сфатат како примарна заедница на доброволно здружени луѓе, каде што на природен начин се врши социјализацијата, а истовремено се воспоставуваат односи со пошироката заедница. Во овие односи детето е рамноправен член во семејството.

За да се сфати значењето на семејството како за поединецот, за развојот на човештвото, така и за напредокот на општеството неопходно е да се определат и разгледаат неговите функции.

Функциите на семејството во текот на развојот на општеството се историски определени, зависни од времето и од местото во кое егзистирало семејството.

Според сфаќањата на Екерман, за семејството постојат следните три основни функции:

- Биолошка - според која семејството служи за одржување на видот
- Психолошка - според која членовите на семејството се упатени на заемна зависност заради задоволување на своите емоционални потреби
- Економска - според која членовите заемно се потпираат заради обезбедување на своите материјални добра (Екерман, 1987 ., стр. 42)

Според Д. Трајковски, семејните функции се детерминирани пред сè од местото и улогата што ги има семејството во општествената структура.

Семејните функции ги групира во три нивоа:

- Биолошка (задоволување на сексуалните потреби и на репродуктивната функција)
- Психосоцијална (социјализација на личноста, вршење на воспитната функција, развивање и негување на емотивните врски меѓу членовите во семејството)
- Економска (производствена и потрошувачка) (Д. Трајковски, 1998, стр. 20)

Семејството е место каде што се гради и формира личноста, животот во семејството игра значајна улога во развојот на личноста.

Во семејството во кое преовладува хармонична семејна атмосфера, која подразбира квалитетни семејни односи, претставува добра основа да се развијат кај детето сигурност, самодоверба и позитивни ставови за својата иднина (В.В. Đorđević, 1985.).

За да може да се прават позитивни промени потребно е секогаш да тргнуваме од размислувањата за сопственото семејство и сопственото однесување за да можеме да изградиме здраво семејство (Vukoje J., 2009 .).

Следењето и проучувањето на современото семејство, особено од гледиште на педагошките импликации, се од посебно значење за педагогијата.

Познавањето на природата на појавите и факторите што ги условуваат претставува основна претпоставка за избор на адекватни методи и постапки за успешно водење на воспитниот процес во семејството, а со тоа и развојот на личноста на младите.

Проблемот на семејното воспитување, односно остварувањето на воспитната функција на семејството е имплицирано од динамичните општествено-економски, политички и социјални промени што доведуваат до нов прогрес и нов систем на вредности што за родителите се тешко прифатливи.

Општествените промени, кои истовремено влијаат и на промените на вредностите кај човекот, секако дека се рефлектираат и на однесувањето на децата и на младите, на нивните стилови на живеење и сфаќања, кои бараат поголемо присуство на родителите. Но, за жал, улогата на семејството се губи, семејството се распаѓа. Затоа е потребно државата да стави поголем акцент на јакнење на семејството и на неговата воспитна улога, затоа што на тој начин можеме да градиме добра младина со здрави потенцијали и вредности.

## 1.4. Предизвиците на современото семејство

Современото семејство настанува и се формира под влијание на процесот на индустријализација и урбанизација, тоа е настанато во периодот на капитализмот. Тоа се карактеризира со рамноправност помеѓу брачните партнери, широк индивидуализам на членовите на семејството, од економско-производствена сè повеќе станува потрошувачка група. Кај современото семејство се забележуваат и одредени структурни промени, и тоа:

- Отсуство на патријархалното семејство, што значи опаѓа моќта на авторитетот на таткото, тој нема доминантна улога во семејството.
- Се појавуваат сè поголем број мали двогенерациски семејства, со едно-две деца, а со тоа се скратува можноста децата да ја научат меѓучовечката комуникација во рамките на поширокото семејство. Таа комуникација е значајна за социоемоционалниот развој на детето.

- Под влијание на урбанизацијата и индустријализацијата доаѓа до дезорганизација на семејната средина, која се манифестира со зголемување на бројот на некомплетни семејства и семејства што ги менуваат животната и работната средина.

Во современото семејство се забележани промени во динамиката на односите во семејството. Сè поголеми се демократизацијата и хуманизацијата во односите во семејството како помеѓу мажот и жената, така и помеѓу родителите и децата, со тенденција меѓусебно да се почитуваат. Родителите се грижат за сопствените деца, но грижата е претежно насочена пред сè на задоволување на нивните материјални потреби, а не и на емоционалните, кои се од големо значење за правилен развој на детето.

Во современото општество сè поголем е бројот на случаи каде што и двајцата родители се вработени, одат на работа, а со тоа сè помалку време имаат за да обезбедат правилна соработка и комуникација со своето дете, а тоа доведува до дисхармонија во семејството, не постои топла семејна средина. Се разбира дека ваквите односи во семејството влијаат и на воспитниот процес кон децата, а тоа, пак, доведува до неостварување на воспитните цели, што остава последици во развојот на младите.

Секогаш треба да имаме предвид дека семејниот систем во голема мера е изложен и условен од влијанијата на целокупните општествени збиднувања и промени, кои, пак, влијаат врз менување на неговата функција и воспитна улога. Сите овие промени што се случуваат во современото семејство се поледица на многу фактори, како што се невработеноста, сиромаштијата, проблемите во семејната структура, занемарувањето и злоупотребата на децата, семејното насилство, проблемите со зависности, проблемите со менталното здравје и слично, кои влијаат врз намалување на неговата способност да ја врши својата функција. Исто така и неприфаќањето на новиот систем на вредности од страна на родителите и генерацискиот јаз помеѓу родителот и детето се причина за конфликтна ситуација помеѓу нив.

Родителите не се сигурни кои вредности треба да им ги пренесат на своите деца за да бидат корисни членови на општеството.

Затоа е многу важно кога семејството, т. е. родителите се чувствуваат немоќно да се справат со проблемите и со семејната криза што го зафатила

семејството да побараат помош од институциите во системот. Но секогаш е подобро да се превенира, да не дозволиме семејството да го зафатат безизлезност и ерозија, да го лекуваме семејството долг временски период, подобро е да се спречи отколку да се лечи.

Институциите треба да му бидат партнери на семејството, да го водат низ процесот на созревање, да учат преку поддршка, но не да им се даваат готови решенија и да ги правиме родителите да бидат зависни од системот, како што вели кинеската поговорка „да ги научиме да ловат риба, а не да им дадеме готова риба", затоа што само на тој начин може да ги направиме да бидат успешни во одгледувањето на своите деца.

За да имаме здраво општество е потребно да имаме здрави млади личности, со позитивни морални вредности, одговорни, исполнителни, трудољубиви, образовани и воспитани. Тоа може да се постигне само доколку родителите во рамките на семејството обезбедат позитивна клима, широк и безбеден простор, исполнет со љубов, топлина, грижа, простор каде што детето ќе се пронајде, докаже и развие во зрела млада личност.

Но треба да бидеме свесни дека не можеме секогаш од сите родители да очекуваме да го постигнат тоа, да бидат одговорни кон сопствените деца, а тоа значи дека секогаш ќе имаме одреден број неодговорни родители, оние што немаат доволно капацитет да се справат со потребите и со проблемите на сопствените деца. Тоа значи дека родителите не можат да се справат со општествените промени, новите норми што се наметнуваат, брзото темпо на живот и едноставно спасот го наоѓаат во занемарување на сè што се случува околу нив и прифаќање на општествено неприфатливото однесување (консумирање алкохол, дрога, кражби, проституција и слично), а со тоа го занемаруваат и злоупотребуваат сопственото дете.

Но за државата не е прифатлив овој начин на злоупотреба на децата затоа ги заштитува преку разни форми (сместување во згрижувачко семејство, установа, мал групен дом и слично).

# 2. СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

## 2.1. Што се подразбира под социјална заштита

Социјалната сигурност на граѓаните, како во другите држави така и кај нас, се обезбедува преку градење систем во кој може да се задоволат одредени права и услуги. Правата и услугите на граѓаните што се во функција на нивна заштита се опфатени во системот на социјална заштита, а се регулирани со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13). Социјалната заштита всушност претставува систем на мерки, активности и политики за спречување и за надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и на социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Социјалните ризици претставуваат состојба во која се наоѓа граѓанинот и во согласност со законот за социјална заштита се дефинирани следниве социјални ризици:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици на старост и стареење
- ризици на еднородителско семејство
- ризици од невработеност, губење приход за издржување врз основа на работа и слично
- ризици од сиромаштија
- ризици од друг вид социјална исклученост

Јасно дефинираните ризици даваат поголема можност побрзо да се дејствува во заштитата кон граѓанинот, затоа што за секоја категорија граѓани постојат мерки на заштита за да се спречи или намали социјалниот ризик.

## 2.2. Носители на социјалната заштита и надлежности на установите

За да се обезбеди соодветна заштита и да се дејствува побрзо и подобро кон лицето изложено на социјален ризик во Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13) се дефинирани и носителите на правата и услугите што треба да им ги даваат на граѓаните. Во согласност со овој закон, носители на правата и услугите во нашата држава се:

- Републиката
- Општините
- Градот Скопје и општините во градот Скопје

Според овој закон, исто така се дефинирани и носителите на правата и услугите што се значајни за да може да се согледаат активностите и одговорностите кон граѓаните изложени на социјален ризик и секој има следниве надлежности:

**Републиката** треба да се грижи за социјалната заштита на граѓаните во согласност со начелото на социјалната праведност. Социјалната заштита во Р. Македонија е заснована врз начелото на хуманизам, социјална праведност и солидарност, која им се гарантира на сите граѓани, без разлика на полот, расата, бојата на кожата, националната, етничката, социјалната, политичката, верската, културната, јазичната, имотната и општествената припадност, онеспособеност и потекло. Таа го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош. Владата исто така донесува национална програма за развој на социјалната заштита, во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните во РМ, со мерки на активна политика на среден и долг рок. Исто така Владата донесува годишна програма за остварување на социјалната заштита со која се утврдуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, социјалната превенција, начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.

**Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје** треба да обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со законот, да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во согласност со националната програма, да ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и да донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје треба да обезбедуваат остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата што злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции, прекурсори и алкохол, лицата-жртви на семејно насилство, лицата-жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и да ја издигаат свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита, во согласност со одредбите на Законот за социјална заштита.

Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје можат со своја одлука, во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Секој е должен да се грижи за задоволување на своите животни потреби и на потребите на лицата што според закон е должен да ги издржува со своите приходи, да придонесува за спречување, ублажување или отстранување на социјалните ризици на кои се изложени тој и членовите на неговото семејство што е должен да ги издржува, како и активно да дејствува во спречувањето и во надминувањето на состојбата на изложеност на социјален ризик.

Системот и организацијата на социјалната заштита го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите што се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита.

Системот се остварува преку стручната работа во установите за социјална заштита, спроведувањето развојни програми, стручното

усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди, следењето на појавите и планирањето на работата, водењето на евиденцијата, како и преку спроведување надзор и истражувачка работа во оваа област.

- **Надлежности на Министерството за труд и социјална политика**

Во остварување на социјалната правда, социјалните права и услуги, намалувањето на општествената нееднаквост и општа хуманизација на општеството посебна улога имаат социјалната политика и социјалната работа. Правата и услугите во областа на социјалната заштита се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Во заштитата на граѓаните изложени на социјален ризик дејствуваат и органите на државната управа што претставуваат дел од извршната власт на државата.

Органите на државната управа што се дел од извршната власт на државата се основаат во области и подрачја што се значајни за функционирање на државата, за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.

Органите на управата, во рамките на своите надлежности, се должни на граѓаните да им обезбедат ефикасно и законско остварување на нивните со устав и закон загарантирани слободи и права, како и заштита на нивните интереси. Тие работат по начелата на законитост, одговорност, ефикасност, транспарентност, еднаквост и предвидливост.

Според Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13), Министерството за труд и социјална политика врши работи што се однесуваат на суштинските права на граѓаните, и тоа:

- правните односи во бракот, семејството и во вонбрачната заедница;
- односите помеѓу родителите и децата, старателството и посвојувањето;
- правните односи во семејното насилство;
- заштита на лицата со пречки во развој;
- заштита на младината и на жените;
- работните односи, вработувањето и вработеноста;

- заштита на работниците при работење;
- материјално обезбедување на привремено невработените;
- плати и животен стандард;
- социјална политика;
- пензиско и инвалидско осигурување;
- хумана популациска политика заради усогласен економски развој;
- унапредување на рамноправноста помеѓу половите;
- заштита на цивилните инвалиди од војната;
- заштита на борците од антифашистичката војна и од сите националноослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затворените за идеите за самостојност на македонскиот народ и државност, како и на членовите на нивните семејства што немаат можност за материјална и социјална егзистенција;
- врши надзор над законитоста на работењето на установите од областа на социјалната заштита;
- врши инспекциски надзор на работењето на установите од областа на социјалната заштита и
- врши други работи утврдени со закон.

Во состав на Министерството за труд и социјална политика се и:

- Управата за прашања на борците и на воените инвалиди и
- Државниот инспекторат на трудот

Во остварувањето на политиките, Министерството донесува стратегиски документи, планови и програми.

Имплементирањето одредени стратегиски документи или, пак, протоколи за соработка во насока на подобрување на заштитата на одредена категорија граѓани каде што се вклучени повеќе ресорни министерства и институции многу тешко се одвива.

Причини за тоа најчесто се нејасно дефинираните активности во оперативните планови или, пак, не се добро испланирани средствата односно буџетот за нивно имплементирање.

Политиките на ова министерство се насочени кон промени во законската регулатива и практиката/хармонизација со ЕУ, намалување на сиромаштијата и социјалната инклузија, спроведување на процесите на децентрализација,

деинституционализација, плурализација на услугите и слично. Законските промени секогаш треба да бидат во насока на подобрување на квалитетот и услугите на граѓаните. Тоа значи дека треба да се темелат врз претходно подготвени анализи за состојбите и за потребите.

Покрај органите на државната управа, во заштитата на граѓаните се и установите во системот на социјална заштита.

### ➢ Надлежности на Заводот за социјални дејности – Скопје

Во системот на социјална заштита влегува и установата Завод за социјални дејности, која, според надлежностите, се наоѓа помеѓу Министерството за труд и социјална политика и установите на социјална заштита.

Според Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/13), Заводот за социјални дејности - Скопје е установа за проучување на социјалните појави и проблеми и за унапредување на социјалните дејности, која ги има следниве надлежности:

- ги следи и ги проучува социјалните појави и проблеми во областа на социјалната заштита и социјалната работа;
- предлага и спроведува мерки за унапредување на социјалната заштита и социјалната работа;
- им укажува стручна помош на установите за социјална заштита и на работниците во нив;
- организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита;
- дава стручно мислење при подготвување програми за развој на социјалната заштита;
- ги подготвува стандардите и нормативите за работа и кадрите на установите за социјална заштита;
- подготвува методолошки упатства за работа на стручните лица во установите за социјална заштита;
- врши надзор над стручната работа на установите за социјална заштита и вработените во нив;

- врши статистичка обработка на податоците од евиденцијата што ја водат установите за социјална заштита;
- остварува стручно-научна соработка со поединци и со институции во земјата и во странство и спроведува издавачка дејност;
- дава, обновува, продолжува и одзема лиценци за работа на стручни лица во установите за социјална заштита;
- води регистар на издадени и одземени лиценци и спроведува континуирана едукација на стручните лица во постапката за давање лиценци.

Во однос на надлежностите на Заводот за социјални дејности, ресорното министерство не ги користи целосно можностите и не секогаш бара стручно мислење за одредени значајни прашања, што подоцна се покажало проблем во имплементирањето во практика.

На пример, во однос на отворањето на дневните центри за деца на улица од страна на Заводот за социјални дејности беше сугерирано овие центри да се отвораат во самата средина каде што живеат децата и нивните семејства, да не се носат децата од Шуто Оризари до Кисела Вода, како што е во Скопје, или пак од местото Баир до другиот крај на Битола, затоа што подобри резултати ќе се постигнат доколку стручните работници од овие дневни центри истовремено работат со децата и со нивните родители. Преку создавање на културно-хигиенските и работните навики кај децата ќе се градат и јакнат капацитетите кај нивните родители.

Ова е еден пример од многуте кога Министерството за труд и социјална политика спроведува законски промени, а претходно не побарало стручно мислење засновано на претходна анализа.

Од сознанијата во други држави во предлагањето и донесувањето законски промени за одредени права и услуги претходно се подготвува сеопфатна анализа и се бара стручно мислење од експерти за нивна имплементација, за да се намалат ризиците, односно да се превенираат несаканите последици.

## Надлежности на центрите за социјална работа

Во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/13), во системот на социјална заштита установа што директно работи на заштитата на граѓаните и на остварувањето на нивните права и услуги е центарот за социјална заштита. Во Република Македонија постојат 30 центри за социјална работа. Центарот претставува јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања, кој се основа под услови определени во Законот за социјална заштита заради вршење на работите од социјалната заштита.

Од делокругот на јавните овластувања центарот ги врши следниве работи:

- решава за правата од социјална и детска заштита и за правата од Законот за азил и привремена заштита;
- решава за работите утврдени со семејно-правните прописи;
- постапува по работите од својата надлежност утврдени со кривичноправните прописи;
- води евиденција и собира документација за корисниците на социјалната и семејно-правната заштита за применетите облици на социјална заштита.

Во остварувањето на своите функции стручните работници во центарот применуваат форми на стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа и работат со граѓанин (дете, адолесцент, возрасно лице) и семејство и со група граѓани.

Работејќи со граѓанинот и семејството, центарот помага во решавањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење, партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родители и деца, му укажува помош на семејството во остварувањето на неговата заштитна, воспитна и репродуктивна функција, поттикнува сакано , одговорно родителство и планирање на семејството.заштита на лица-жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе

Исто така центарот за социјална работа дава други советодавни и советувалишни услуги за прашања од значење за развојот и социјализацијата на личноста и остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Функциите утврдени во овој закон и други прописи центарот ги врши преку следните форми: стручна, советодавна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа.

Стручната работа во центарот ја спроведуваат социјални работници, психолози, педагози, правници, дефектолози, социолози што низ интердисциплинарна тимска работа им даваат услуги на разни категории граѓани изложени на социјален ризик.

Центарот за социјална работа во подготвувањето, донесувањето и спроведувањето на своите решенија, односно мерки, применува облици на социјална заштита, методи на социјална и друга стручна работа, а ги користи и услугите на социјалните, здравствените, образовно-воспитните и други установи.

Кога центарот за социјална работа ќе дознае за потребата некое лице да се стави под старателство, тој веднаш презема соодветни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на тоа лице и поведува постапка за ставање под старателство. Постапка за ставање под старателство се поведува по службена должност или по барање на заинтересираните лица.

При определувањето на обликот на заштитата врз лицето што се става под старателство, центарот за социјална работа првенствено се раководи од интересите на лицето што се става под старателство и интересите на неговото семејство, како и од материјалните можности, при што во реализацијата на заштитата соработува со соодветни организации и органи.

Старателот на малолетно лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа.

Во однос на улогата на носителите на социјалната заштита и надлежностите на установите во овој систем, освен оние што се дефинирани во Законот за социјална заштита, тие имаат и други надлежности што произлегуваат од други закони што се поврзани со корисниците за кои е наменета заштитата.

Во согласност со законските надлежности, овие актери во системот на социјална заштита имаат многу активности што се дефинирани и во разни стратегиски документи и протоколи на соработка.

Секогаш треба да се стремиме кон јасно дефинирана улога и надлежност затоа што така полесно ќе може да се следи нивната имплементација.

Надлежностите на органите на државната управа и установите за социјална заштита треба да му олеснат на граѓанинот изложен на социјален ризик во остварувањето на неговите права и услуги.

## 2.3. Услуги од социјална заштита

За да се заштити лицето изложено на социјален ризик во системот на социјална заштита, во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13), се предвидени и одредени услуги што може да ги добие лицето во зависност од степенот на ризик.

Услуги во согласност со овој закон се.

1. Социјална превенција
2. Институционална заштита
3. Вонинституционална заштита

### 2.3.1. Социјална превенција

Зборот превенција потекнува од латинскиот збор *праевенире*, што означува *да се спречи*. Во секојдневната употреба, кога ќе се слушне зборот превенција веднаш асоцира дека нешто треба да се спречи. Тоа значи дека треба да се работи на причините за развој на одредена појава.

Социјалната превенција како услуга што може да ја добие лицето изложено на ризик се остварува во центрите за социјална работа.

Во Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13), во членот 24 и членот 25, се предвидува остварување социјална превенција, а во членот 25 поконкретно се определува дека за остварување на социјалната превенција се преземаат мерки за спречување на настанување социјален ризик за граѓанинот, семејството или група луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи што соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита. Реализацијата на мерките

и на активностите се остварува во центрите за социјална работа во соработка со општината, предучилишните установи, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.

Во центрите за социјална работа социјална превенција се остварува преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи што соодветствуваат на потребите на корисниците.

Со мерките и активностите од социјална превенција се спречува појавата на разни социјални ризици, се вршат рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, за надминување или за ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик.

На национално ниво превенцијата се планира преку националната програма за развој на социјалната заштита, а општините во рамките на своите надлежности донесуваат соодветни програми и обезбедуваат средства.

Реализацијата на мерките и на активностите се остварува во центрите за социјална заштита, во соработка со општината, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.

Во согласност со постојаното зголемување на бројот на корисници изложени на социјален ризик, без разлика за која категорија станува збор, може да се констатира дека центрите за социјална работа во Република Македонија многу малку работат на превенција и на овој план не постои соработка со релевантни институции на локално ниво за зајакнување на превенцијата.

Слабостите во делот на социјална превенција се изнесени и во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 („Сл. Весник“, бр. 121/10) донесена од Владата на Р. Македонија, во која се вели дека посебно внимание треба да им се посвети на развојот и на унапредувањето на превенцијата и социјалните услуги.

Укажувањето на недостатоците во социјалната превенција упатува на тоа дека креаторите на политиката во Р. Македонија досега не ставале голем акцент на неа, па затоа таа сè уште не е доволно развиена.

Имајќи го предвид начинот на спроведување на социјалната превенција во практика, може да се констатира дека залагањата за нејзино заживување сè уште се само на ниво на наративни заложби, додека конкретни облици и форми преку кои би се реализирала во практика нема.

Во последниве неколку години се прават првите чекори во локалните самоуправи да се формира тело во кое ќе членуваат претставници од ресорните институции што ќе подготвуваат програми за работа, меѓутоа тоа се одвива многу бавно.

За да може да профункционира соработката на локално ниво преку учество на релевантните актери потребно е локалната самоуправа да подготви програма и да се обезбедат потребните средства за неа, за да може да се имплементира. Ако за самата програма се подготви акциски план со јасно дефинирани улоги на секој инволвиран актер и се определи динамиката на дејствување во согласност со активностите, резултатите нема да изостанат.

### 2.3.2. Институционална заштита

Системот на социјална заштита во Република Македонија, покрај вонинституционалните форми на заштита, го сочинува и институционалната заштита преку развиената мрежа на установи. Установите во системот се наменети за различни видови корисници во согласност со нивната возраст, здравствената состојба и нивните специфични потреби. Според овие критериуми, во нашата држава постојат следниве установи:

- установа за сместување доенчиња и мали деца без родители и родителска грижа до тригодишна возраст;
- установа за сместување деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и младинци;
- установа за сместување деца и младинци со воспитно-социјални проблеми;
- установа за сместување деца и младинци со нарушено поведение;
- установа за сместување деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој;

- установа за сместување деца, младинци и возрасни со пречки во телесниот развој;
- установа за сместување стари лица;
- установа за сместување лица со пречки во менталниот развој и
- установа за сместување лица-баратели на право на азил.

Во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/13), право на сместување во установа за социјална заштита имаат лицата што немаат соодветни услови на живеење во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на социјална заштита.

Право на сместување во установа за социјална заштита, според овој закон, покрај другите лица, има и:

- дете без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбедат на друг начин;
- дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, малтретирано и социјално необезбедено);
- дете со нарушено поведение.

Установи за сместување деца и младинци без родители и родителска грижа се:

- Дом за доенчиња и мали деца - Битола, кој згрижува од 0 до 3-годишна возраст
- Детски дом „11 Октомври“-Скопје, кој згрижува од 3 до 18-годишна возраст
- ПУ „СОС-детско село“-Скопје, 2001 година

Покрај овие установа, децата без родители и родителска грижа можат да се сместуваат и во другите установи за социјална заштита во согласност со видот и степенот на попреченост и со отстапувањето во поведението.

Институционалната заштита на децата без родители и родителска грижа се остварува во долунаведените установи во согласност со возраста, здравствената состојба и со отстапувањето во поведението кај децата изложени на социјален ризик.

**Дом за доенчиња и мали деца - Битола** е установа за деца без родители и без родителска грижа од 0 до 3-годишна возраст, која обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и здравствена заштита за децата. Се организира привремено сместување и престој на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето.

Во неа моментално се сместени 70 деца и ниту една бремена жена или самохран родител до тримесечна возраст на детето.

**Детски дом „11 Октомври"-Скопје** е установа за деца без родители и без родителска грижа од 3 до 18 години, која обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и воспитание за децата до обезбедувањето услови за нивно враќање во семејството, односно до оспособување за самостоен живот и работа, а најдолго до шест месеци по завршувањето на средното образование. Обезбедува посетување основно и средно образование во соодветна установа, организирање стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, организира различни облици на работа и живот, како и грижа за нивното здравје

Во неа моментално се сместени 53 деца и младинци.

**Установа за сместување деца и младинци со воспитно-социјални проблеми** за деца на возраст од 7 до 18 години, која обезбедува прифаќање и краткотрајно згрижување малолетни лица, опсервација и дијагностика на малолетни лица, сместување, воспитание, образование и корективен третман на малолетно лице во зависност од нивните потреби во траење до три години. Установата им обезбедува основно и средно образование на децата и на младинците во соодветните установи за образование.

Во установата моментално се сместени 35 деца и младинци

**Установа за сместување деца и младинци со нарушено поведение „Ранка Милановиќ"-Скопје** за деца на возраст од 10 до 18 години, која обезбедува згрижување, воспитание и основно образование на малолетни лица, а средното образование го обезбедува во соодветни установи за образование.

Установата извршува воспитна мерка упатување во воспитна установа, во согласност со прописите за извршување на санкциите и упатување во соодветна установа, поради нарушување во поведението, во согласност со закон. Обезбедува соодветни услови за сместување, исхрана, планирано и организирано спроведување содржини, мерки и активности во процесот на нивното воспитание и образование, слободни активности и културно-забавен живот, како и грижа за животот и здравјето на децата и на младинците сместени во установите.

Во установата моментално се сместени 19 деца и младинци.

**Установа за сместување деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој „Топанско Поле"-Скопје** обезбедува опсервација, рехабилитациско-корекциски третман, воспитание, образование и оспособување за работно-производствена активност, сместување, згрижување и здравствена заштита. Организира културно-забавни, спортски и други активности во зависност од потребите и од психофизичките способности и можности на лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој.

За возрасните лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој може да организира дневен и полудневен престој, згрижување и работно-производствена активност и работна терапија. Установата издава сертификат за оспособеноста на лицата за работно-производствена активност и работна терапија.

Во установата моментално се сместени 80 корисници.

**Установа за сместување деца и младинци со пречки во телесниот развој „Бања Банско"-Струмица** обезбедува згрижување (домување, исхрана, нега и грижа) до оспособување за самостоен живот и работа. Обезбедува основно и средно образование, организира стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, организира

различни облици на работа и живот и грижа за нивното здравје. Установата може да организира и одделение за возрасни лица со телесна попреченост, доколку има можност за тоа.

Во установата моментално се сместени 63 корисници, од кои 17 се деца.

**Установа за сместување лица со пречки во менталниот развој „Специјален завод“-Демир Капија** обезбедува сместување, згрижување, здравствена заштита, рехабилитација, работна и окупациска терапија, во согласност со нивните способности и здравствената состојба. Може да организира дневен и полудневен престој, згрижување, работно-производствена активност и работна терапија.

Во установата моментално се сместени 280 корисници, од кои 23 се деца.

**ПУ „СОС-детско село“-Скопје** е приватна установа за социјална заштита за сместување деца и младинци без родители и родителска грижа. Во рамките на установата останаа да функционираат долунаведените програми, а СОС-мајките преминаа во згрижувачки семејства под надлежност на ЈУМЦСР-Скопје.

- СОС-младински заедници за деца на возраст од 14 до 16 години има две, и тоа во Радишани и во населбата Бардовци во Скопје. Во овие заедници се опфатени 32 младинци.
- СОС-програма за полусамостоен живот и домување наменета за полнолетни младинци на кои им се дава поддршка за самостојно живеење, вработување и вдомување.
- Советодавен центар за родители и за деца е отворен во Гази Баба и во Шуто Оризари.

## ➢ Предности и недостатоци на институционалната заштита

Во минатото, во периодот по Народноослободителната војна, институциите што се отворале биле сместени во огромни објекти, со големи капацитети, бидејќи имало голем број деца што останале без родители. Но денес ситуацијата е променета. Во однос на капацитетите на установите нивниот број се намалува, меѓутоа објектите останаа и понатаму големи, па

затоа е потребно преиспитување на капацитетите и на потребите за отворање нови ресурси во согласност со потребите на корисниците изложени на социјален ризик. Тоа значи дека институциите треба да се трансформираат и приспособат во согласност со новите потреби, односно проширување на нивните надлежности.

Практиката укажува дека институциите го следат трендот како и во другите европски држави, полека се намалува бројот на деца (на пример во Домот за доенчиња и мали деца во Битола пред 10 години имаше по 115 деца, но денес бројот се движи помеѓу 70-80 деца).

Покрај тоа што во институциите се намалува бројот на корисници, значајно е да се истакне дека во поголем број од нив е започнат и процесот на трансформација.

На пример, во ЈУ детски дом „11 Октомври"-Скопје децата живеат во станбени заедници во просек по 8-10 деца, во кои е запазен принципот на браќа-сестри да живеат заедно. Просторот е опремен со кујна, трпезарија, дневна, спални и бања. Овој начин на функционирање им обезбедува услови за стекнување вештини за самостојно живеење. Бројот на стручни работници што се одговорни за една станбена заедница е 5 воспитувачи.

Исто така со сместените деца работи и стручен тим составен од: социјален работник, педагог и психолог. Во работата со децата е вклучен и спортски едукатор.

И покрај напорите за обезбедување квалитетна грижа и заштита на корисниците сместени во установи, сепак се забележуваат одредени недостатоци, како што се: недостиг од индивидуален третман на корисниците, недоволно ниво на оспособување за самостојност на корисниците, мал број стручен кадар, долг престој на корисниците во установите, неодржување или прекинување на врските со биолошкото семејство и со блиските сродници.

Заради надминување на овие недостатоци и издигање на квалитетот на грижата за корисниците се реализираат активности во насока na деинституционализација на корисниците сместени во овие установи и трансформирање на самите установи.

За да се постигне квалитетна грижа за корисниците изложени на социјален ризик потребно е формите на заштита да бидат во согласност на потенцијалите и со потребите на корисниците.

Имајќи ги предвид постојаните барања од страна на центрите за социјална работа за сместување деца во установите, сигурно е дека и во иднина ќе имаме потреба од институционална грижа за одреден број корисници.

Меѓутоа за овие корисници ќе треба да се отвораат повеќе мали групни домови, станбени единици и слично што ќе обезбедуваат поквалитетна услуга.

За да може правилно да се определи формата на заштита, стручните работници од центрите за социјална работа секогаш треба да прават добра процена, да ги проценат капацитетите на корисниците и ресурсите што ги имаат како можност за понатамошна заштита. Секогаш при определувањето на формата на заштита предлогот за сместувањето во институција да биде последната форма што ќе биде понудена во заштитата на лицето изложено на социјален ризик. Но не значи дека изборот на оваа форма на заштита треба да биде трајно решение. Напротив, сместувањето во установа не треба да биде и краткотрајно, додека стручниот тим работи на создавање услови за прифаќање на корисникот.

Многубројните светски и наши истражувања укажуваат дека долгиот престој на корисник во установа остава последици во неговиот развој. Затоа центрите за социјална работа, во соработка со локалната власт, треба да размислуваат за развивање превентивни програми за јакнење на семејството и за развивање вонинституционални форми на заштита.

### 2.3.3. Вонинституционална заштита

Покрај социјалната превенција и институционалната заштита, во услугите што може да ги добијат граѓаните изложени на социјален ризик во согласност со Законот за социјална заштита е вонинституционалната заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/13).

Вонинституционалната заштита се остварува во центарот за социјална работа или надвор од него и опфаќа палета на права што можат да ги користат граѓаните, и тоа:

- помош на поединец
- помош на семејство
- домашна нега и помош
- дневно згрижување во дневен центар
- сместување во згрижувачко семејство
- живеење во мал групен дом
- самостојно живеење со поддршка

Бидејќи акцентот во трудот е заштитата на децата без родители и родителска грижа во согласност со законските прописи во Р. Македонија, оваа категорија на деца се заштитува преку користење повеќе права и услуги, и тоа:

- сместување во установа за социјална заштита
- посвојување
- во згрижувачко семејство
- парична помош
- домување
- парична помош на лице што до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа
- парична помош за студирање

Кога станува збор за заштитата на децата како и секоја држава, така и Република Македонија е обврзана да ја почитува Конвенцијата за правата на детето.

Конвенцијата за правата на детето е усвоена на Генералното собрание на Обединетите нации, на 20 ноември 1989 година, а стапи во сила 2 септември 1990 година. Сите влади се повикани да ја ратификуваат конвенцијата што е можно побргу на меѓународни законски норми за заштита и благосостојба на децата. Р. Македонија ја ратификува во 1993 година и со тоа

стана земја-потписничка и обврзничка на почитување на правата на децата во согласност со Конвенцијата за правата на детето.

Оваа конвенција содржи збир на меѓународни правни норми посветени на заштитата и на благосостојбата на децата. Примената на конвенцијата за правата на детето, преку нејзино имплементирање во сопствените закони на секоја земја-потписничка, е многу важна, бидејќи секоја година се доставува извештај за состојбите на правата на детето.

Земјите-потписнички на оваа конвенција треба да ги почитуваат и обезбедуваат правата содржани во конвенцијата за секое дете под нивна јурисдикција, без каква било дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател (членот 2).

Исто така, државите-потписнички треба да обезбедат ниедно дете да не биде одвоено од своите родители против нивната волја, освен кога надлежните органи врз основа на судскиот увид, во согласност со соодветниот закон и процедури, одлучат дека таквото разделување е неопходно и е во најдобар интерес на детето (членот 9).

Државите-потписнички треба да вложат напори за да се уважи принципот двајцата родители да имаат заедничка одговорност во подигањето и во развојот на детето. Родителите или, во зависност од случајот, законските старатели имаат главна одговорност за издигањето и за развојот на детето. Интересите на детето се нивна основна грижа (членот 18).

Според членот 20 од Конвенцијата за правата на детето, детето што привремено или трајно е лишено од семејната средина или на кое, во негов најдобар интерес, не му е дозволено да остане во тој круг има право на посебна заштита и помош од државата. Република Македонија во согласност со својот национален закон - Законот за социјалната заштита - обезбедува алтернативно згрижување за таквото дете.

Поаѓајќи од глобалниот приказ за правата на детето и обврските на државата во нивното остварување, може да се каже дека Конвенцијата за правата на детето во голема мера е вградена во правниот систем на

Република Македонија, но, и покрај тоа, за поголем број деца и семејства реалноста е сосема поинаква.

Во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13 година), вонинституционалната заштита ги опфаќа следниве права:

- **прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита** опфаќа уочување на проблемот што произлегува од состојбата на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежна за давање услуги;
- **помош на поединец подразбира** примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали;
- **помош на семејство** опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители–деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот;
- **домашна нега и помош** се обезбедува на старо, снеможено и лице со телесна попреченост, како и лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, кое не е во состојба да се грижи за себе и поради тоа му се потребни нега и помош во задоволувањето на егзистенцијалните потреби.

Вонинституционални форми на заштита преку кои се остварува заштитата на децата без родители и родителска грижа се следниве: сместување кај блиски сродници, сместување во згрижувачко семејство и посвојување.

**- Посвојување**

Посвојувањето е вонинституционална форма на заштита на децата без родителска грижа преку која трајно се надминува ризикот во кој се нашло

самото дете. Со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето, посвоителите се биолошки родители на детето и ги имаат истите права и обврски како и другите биолошки родители.

Условите за посвојување, начинот на засновањето на посвојувањето, како и неговите форми се утврдени со строги законски норми, што значи со посвојувањето меѓу посвоителите и посвоеникот се воспоставуваат законски засновани односи какви што се меѓу родителите и децата родени во брак.

Остварувањето на постапката за посвојување се врши во согласност со Законот за семејство и со Правилникот за поблиските критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски пат („Сл. весник на РМ", бр. 66/04).

Комисијата за посвојување е формирана во рамките на Министерството за труд и социјална политика и ја сочинуваат 15 члена. На самата седница присуствуваат пет члена што се избираат пред почетокот на седницата по електронски пат од сите 15 члена што ја сочинуваат. Исто така, во тој момент се избира и претседателот што треба да ја води седницата.

Како што е изборот на комисијата по електронски пат, така е и целата постапка за посвојување избор на посвоител и избор на дете што треба да се посвои. Но претходно посвоителите треба да ја доставаат потребната документација за да можат да бидат евидентирани во електронската програма.

Изборот на посвоители се врши по електронски пат, во согласност со следниве критериуми:

- здравствената состојба
- психосоцијалниот статус
- материјалните услови
- станбените услови
- времето на чекање
- степенот на образование
- брачниот статус и
- државјанството

За секој од овие критериуми има определен број поени утврдени со Правилникот за поблиските критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски пат („Сл. весник на РМ", бр. 66/04).

За да можат стручните работници од центарот за социјална работа да ја направат процената на посвоителите и да ги проверат критериумите треба да постапат во согласност со Програмата за процена на посвоители подготвена од Заводот за социјални дејности.

Процената на децата во регистарот на можни посвоеници центарот за социјална работа ја прави во согласност со законската постапка, при што во делот на стручната работа ја прави во согласност со Програмата за процена на малолетни деца без родители и родителска грижа што се можни посвоеници.

Посвојувањето е најдобра вонинституционална форма на заштита бидејќи за детето значи трајно сместување, но постапката што се води по електронски пат не е добар начин, бидејќи не можат да се бодуваат сите квалитети на родителите, а и спојувањето на потенцијалното дете со посвоителот по електронски пат не е во ред, бидејќи да се посвои дете само од поднесените документи, без да се види самото дете, не заслужува понатаму да се коментира.

***- Дневно и привремено згрижување како помош на поединец и на семејство***

Во Република Македонија најголем број лица изложени на социјален ризик ги добиваат грижата и заштитата во рамките на своите семејства.

Министерството за труд и социјална политика во функција на давање помош и поддршка на семејствата ја разви формата на дневно и привремено згрижување.

За таа цел се отворија повеќе дневни центри, кои им даваат услуги на следните видови корисници: лица со пречки во интелектуалниот развој, лица со церебрална парализа, деца со аутизам, деца на улица, лица-бездомници, стари лица, лица-жртви на семејно насилство и лица што употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции.

Денес во Република Македонија ова право корисниците го остваруваат со користење на услугите на:

- 23 дневни центри за лица со пречки во интелектуалниот развој во Крива Паланка Берово, Битола, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Куманово, Прилеп, Пробиштип, Скопје ( Железара и Топанско Поле), Тетово, Велес, Штип, Виница, Дебар, Кратово и др.
- 1 дневен центар за лица со церебрална парализа во Скопје
- 1 дневен центар за деца со аутизам
- 2 дневни центри за деца на улица во Скопје
- 1 центар за лица-бездомници во Чичино Село
- 3 дневни центри за лица што употребуваат дроги и други психотропни супстанции

Во Република Македонија функционираат и дневни центри што се менаџирани од страна на невладини организации, и тоа:

- 6 дневни центри за лица со пречки во интелектуалниот развој од страна на републичкиот центар за поддршка на лица со пречки во развојот „Порака"
- 2 дневни центри на улица

Министерството за труд и социјална политика, ценејќи ги значењето, улогата и позитивните резултати на невладиниот сектор во областа на социјалната заштита, во текот на 2007 година започна со партиципирање финансиски средства потребни за работење на овие дневни центри.

Ова форма на заштита од нејзиното досегашното функционирање до денес бележи позитивни резултати, и тоа во: развојот на корисниците, стекнувањето одредени вештини и навики, промените во нивното однесување, нивната социјализација и полесното интегрирање во животната средина од една страна, како и помош и поддршка на нивните семејства во грижата за нив од друга страна.

Поради позитивните резултати од досегашното функционирање на овие дневни форми на грижа, една од приоритетните насоки на оваа стратегија е Министерството за труд и социјална политика да продолжи со нивно отворање во сите средини на локално ниво, каде што има потреба за тоа.

Недостиг во однос на функционирањето на дневните центри за деца со посебни потреби е тоа што тие останаа привилегија за одреден број деца што престојуваат од отворањето до денес и не е обезбеден влез на нови

корисници, бидејќи за корисниците над 26-годишна возраст немаме развиено форми на дневно згрижување.

Во однос на дневните центри за деца на улица имаме одредени недостатоци, а тоа е поради лошо избраната средина каде што се отворени, далеку од местото на живеење, па децата се земаат со организиран превоз и се носат во дневниот центар. Со тоа се изместуваат децата од биолошката средина. Доколку се наоѓаат во местото каде што живеат децата, стручните лица истовремено ќе можат да работат и со децата и со нивните родители. Само на тој начин ќе се постигнат позитивни промени кај децата и нивните родители.

На пример, ако вработените во дневните центри за деца на улица работат со децата на стекнување некоја навика и таа треба да ја вежбаат и применуваат дома, многу поголеми резултати ќе има доколку бидат вклучени и родителите, заеднички да ја учат и вежбаат навиката. Истовремено ќе се работи на осамостојување на децата од една страна и на јакнење на капацитетите на родителите од друга страна.

Потребата од развивање на овие дневни форми на грижа е голема, бидејќи истовремено им се помага на лицата изложени на социјален ризик и на семејството што им е поддршка.

**- Згрижувачко семејство**

Во системот на социјална заштита лицата изложени на социјален ризик се заштитуваат и со примена на друга вонинституционална форма на заштита, меѓу кои е и сместувањето во згрижувачко семејство.

За некои деца згрижувачкото семејство е замена за биолошкото, а за други претставува само привремена грижа, додека не се надмине ризикот во биолошкото семејство.

Во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/13), право на сместување во згрижувачко семејство му се обезбедува на:

- дете без родителска грижа до оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование, а не

постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбедат на друг начин;

- дете со воспитно-социјални проблеми (злоупотребувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете-жртва на семејно насилство;
- малолетен сторител на кривично дело или прекршок;
- лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му се потребни трајно згрижување и нега и
- старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој што не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин.

Но за да се направи правилен избор на згрижувачко семејство треба да бидат задоволени одредени критериуми што се пропишани во правилникот („Сл. весник на РМ“, бр. 15/13).

Процената на потенцијалното згрижувачко семејство стручниот тим ја спроведува во согласност со овие критериуми:

- возраста на згрижувачите
- степенот на образование
- здравствената состојба
- моралните подобности
- материјалните услови и
- станбените услови

Покрај горенаведените услови, згрижувачот треба да има успешно завршена обука, спроведена од страна на стручен тим во центарот за социјална работа во согласност со програмата подготвена од ЈУ „Завод за социјални дејности“-Скопје.

Оваа вонинституционална форма на заштита дава позитиви резултати во развојот на сместените деца, но има и одредени недостатоци, и тоа: згрижувачите долг временски период се грижат за децата (особено деца со тешка или комбинира попреченост што се деинституционализирани од Специјалниот завод-Демир Капија), децата стануваат потешки за чување и за

грижа, а згрижувачите стареат, психички и физички се истрошени бидејќи немаат дополнителна помош во грижата.

Во однос на оваа форма на заштита недостиг е и малиот износ на надоместокот за згрижување што го добива згрижувачот за згриженото лице, бидејќи има 24-часовен ангажман за лицето за што се грижи и одговорност во грижата.

Бидејќи оваа форма на заштита е предмет на овој труд, понатаму во текстот се објаснети позитивните и негативните страни од нејзината досегашна примена.

**- Мал групен дом**

Во системот на социјална заштита, покрај згрижувачките семејства, во воинституционалните форми на заштита се вбројува и малиот групен дом.

Во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/13), право на живеење во мал групен дом има дете без родители и родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост што нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместување во мал групен дом.

Во Р. Македонија функционираат 3 мали групни дома, и тоа:

- Првиот е отворен во 2008 година во Берово за деца без родители и родителска грижа, во кој се сместени 5 деца. Од отворањето до денес престојуваат истите деца. Малиот групен дом е организациска единици на центарот за социјална работа, сместен во посебен објект-куќа.
- Вториот е отворен во 2013 година за деца во ризик во Кавадарци, каде што бројот на корисници варира и се движи од 3 до 5 деца. И овој мал групен дом е организациска единици на центарот за социјална работа, сместен во посебен објект-куќа.
- Третиот мал групен дом е отворен во 2013 година, за деца без родителска грижа со посебни потреби. Овој дом е организациска

единици на установата Дом за доенчиња и мали деца-Битола и е сместен во простории на детска градинка, со капацитет за 8 деца.

Во малиот групен дом се обезбедува 24-часовна грижа за сместените деца од страна на стручен кадар што се грижи за децата во поглед на здравствената заштита, негата, помагањето во совладувањето на наставно градиво, стекнувањето културно-хигиенски и работни навики, подготовката на храна, бањање, комплетната заштита, негата и грижата за децата. Исто така се грижат и за хигиената во просториите и сè што е потребно за функционирање на малиот групен дом.

Оваа форма на грижа, според тоа како е замислена да функционира, претставува најблиску до семејната грижа, но не во целост, бидејќи има одредени недостатоци што треба да се надминат. Прво и основно, за да биде вонинституционална форма на заштита, потребно е за децата да се грижат згрижувачи лица што нема постојано да се менуваат.

Како што функционираат моментално трите мали групни домови, тие претставуваат мини-институции што се далеку од семеен тип на грижа.

Во овие три мали групни домови немаме доволно стручен кадар за да ги задоволи потребите на децата и многу често се менува.

Исто така како недостиг во досегашното функционирање на малите групни домови е малиот износ на буџетот што им се дава од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Но, и покрај недостатоците, може да се констатира дека оваа форма на заштита дава многу подобри резултати во развојот кај децата во однос на децата сместени во установа.

**- Организирано живеење со поддршка**

Во последниве неколку години во Р. Македонија почна да се отвораат и станбените единици со организирано живеење со поддршка.

Ова право на заштита, во согласност со Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ", бр. 148/13), го има лице со ментална или телесна попреченост, дете без родители и родителска грижа и дете со воспитно-социјални проблеми, преку самостојно и организирано живеење во посебни станбени единици со постојана или повремена помош од стручни или други

лица во остварувањето на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.

Нивото на поддршка се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченост на корисникот.

Овие станбени единици со организирано живеење со поддршка се отворени во Неготино и во Скопје од страна на НВО „Порака", во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Будимпешта, за деинституционализирање на корисниците од ЈУ „Специјален завод"-Демир Капија, каде што се сместени корисници со тешка и најтешка попреченост.

Кога станува збор за оваа форма на заштита можеби треба да се размислува во насока да се отвораат станбени заедници како превентивни единици што ќе ги опфаќаат корисниците што имаат потреба од сместување во установа, а за нив се грижеле родителите или најблиските, кои повеќе не се во можност да се грижат и бараат друг облик на заштита.

Исто така оваа форма треба да се применува и за другите категории корисници што го имаат законското право, а тоа се: децата без родители и родителска грижа и децата со воспитно-социјални проблеми.

Недостиг на оваа форма на заштита, како и за малиот групен дом, е тоа што влегува во вонинституционалните форми на заштита. Но како што функционираат моментално, со 24-часовна покриеност од страна на стручни работници, тие претставуваат мини-институции, а не вонинституционална форма на грижа.

Позитивната страна на оваа форма на заштита во однос на институциите е тоа што може да бидат згрижени мал број корисници, најмногу до 10 деца/корисници.

### 2.4. Улогата на стручниот тим во заштитата на детето

Заштитата на децата без родителска грижа во Р. Македонија се остварува во согласност со Законот за социјална заштита, Законот за семејство и со Законот за правда за децата („Сл. весник на РМ", бр. 148/13).

Постапката за заштитата на децата во ризик се спроведува во центрите за социјална работа, преку интердисциплинарна стручна работа од страна на

стручен тим, во состав: социјален работник, педагог, психолог и правник. Во постапката секој стручен работник се вклучува во фазите за постапување, ги реализира активностите дефинирани во стручно-методолошките упатства за постапувања, притоа почитувајќи ги домашната и меѓународната законска рамка.

Заштитата на детето без родителска грижа што се нашло во социјален ризик поради разни причини се одвива на тој начин што прво се става под старателство. Старател се бара прво да се назначи од редовите на блиски сродници, а доколку нема, за старател се поставува службено лице од центарот за социјална работа.

Бидејќи центарот за социјална работа ја има улогата на старател, за да го заштити детето ја спроведува оваа постапка и проценува кој старател најдобро може да одговори на потребите на детето за да ги заштити неговите права и интереси.

Потоа стручниот тим постапува во согласност со фазите дадени во стручно-методолошкото упатство, и тоа:

1. фаза процена на ризикот и потребите на детето
2. фаза на третман и следење на корисникот
3. фаза на престанок на третманот и подготовка на детето за самостојно живеење

Постапувајќи по овие фази, стручните работници се должни да подготвуваат и соодветна стручна документација што се внесува во досието на детето, кое се отвора со влегувањето на детето во системот, односно со давањето на правата и услугите во согласност со ризикот на кое е изложено.

Стручните документи што треба да ги подготват стручните работници од центарот за социјална работа треба да бидат во согласност со Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата на корисниците на правата од социјална заштита и документација на стручната работа („Сл. весник на РМ", бр. 171/11).

Од досегашната работа на центрите за социјална работа практика е првиот разговор и отворањето на досието за детето да ги реализира социјалниот работник, кој во најголем број случаи е и координатор на предметот, бидејќи овој стручен профил е повеќе застапен во центрите за

социјална работа. (Во центрите за социјална работа во Република Македонија се вработени вкупно 1.538 лица, од кои стручни профили 533, и тоа 242 социјални работници, 54 педагози, 71 психолог и 96 правници, според ЈУ „Завод за социјални дејности"-Скопје.)

Потоа во фазите за постапување се вклучуваат и другите стручни работници што преку примена на одредени методи, техники и инструменти доаѓаат до потребните информации за да можат да ги изградат својот стручен став и мислење, а врз изграденото мислење да ги дефинираат активностите што треба да ги реализираат со детето и со родителите изложени на социјален ризик.Така дефинираните активности на секој стручен профил во интердисциплинарниот стручен тим го олеснуваат пристапот кон добивањето информации, а со тоа и пристапот кон решавањето на проблемот.

Во интердисциплинарниот стручен тим, меѓу другите стручни профили, значајна улога има и педагогот.

Во 30-те центри за социјална работа во Р. Македонија има вработено вкупно 45 педагози, а во 8-те центри за социјална работа или воопшто нема вработено педагог или е заминат во пензија и не е пополнето местото со ново вработување од овој стручен профил. Центри за социјална работа каде што нема педагог се: Тетово, Ресен, Валандово, Виница, Делчево, Гевгелија, Демир Хисар, Македонски Брод.

### 2.4.1. Улогата на педагогот во заштитата на детето

Педагогот како стручен профил што е дел од интердисциплинарниот стручен тим е вклучен во сите постапки што ги води центарот за социјална работа во согласност со Законот за социјална заштита, Законот за семејство и со Законот за правда за децата, а притоа ги почитува и постапува и според другите домашни и меѓународни конвенции и правни прописи што се во функција на заштита на детето.

Педагогот како стручен профил што е дел од стручниот тим е вклучен во сите фази во работата при заштитата на детето без родителска грижа.

Постапката за заштита на децата без родители и родителска грижа се одвива низ три фази, и тоа:

1. процена на ризикот и на потребите на детето
2. третман и следење на корисникот
3. престанок на третманот и подготовка на детето за самостојно живеење

Во ***првата фаза, процена на ризикот и на потребите***, педагогот во согласност со другите членови на тимот треба да го определи степенот на изложеност на ризик во кој се наоѓа детето и да се дефинираат неговите потреби. Тоа значи дека педагогот од свој аспект треба да ги детектира причините зошто детето останало без родителска грижа за да може да се определи понатамошниот облик на заштита.

Во оваа фаза се утврдува степенот на ризик што е во корелација со степенот на загрозеност на животот, опстанокот и безбедноста на корисникот (дете/возрасен):

- Висок ризик - корисник во потреба од заштита поради сериозно загрозувачка животна околност. Се постапува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа.

- Среден ризик - корисник во потреба од заштита поради неисполнување на неговите потреби. Се постапува најдоцна во рок од 3 дена.

- Низок ризик - правата на корисникот ниту се почитуваат ниту се целосно исполнети. Се постапува најдоцна во рок од 5 дена по пријавувањето.

Ситуации што се со висок ризик и бараат непосредна акција од страна на стручниот работник се:

- Пријави за физичко или сексуално злоупотребување на дете/лице
- Дете/лице-жртва на семејно насилство
- Пријави за полициски притвор на дете што е или наводен престапник, или жртва на кривично дело, или пак сведок на кривично дело
- Пријави за дете што било пронајдено, изгубено или напуштено на улица без очигледни знаци за издршка или надзор
- Пријави за дете на суд, за кое судот може да ја одземе родителската грижа
- Секоја друга ситуација во која детето/лицето можеби е во непосреден ризик што се заканува по неговата безбедност

Изборот на методите, формите и техниките на работа со децата изложени на ризик е во согласност со возраста на детето, здравствената состојба и слично.

Доколку станува збор за бебе, кое е мало и со него не може да се воспостави комуникација, не може да се добијат информации степенот на изложеност на ризик и утврдување на причините и тогаш детето веднаш се сместува во Домот за доенчиња и мали деца-Битола. Со сместувањето на детето во оваа установа понатамошната нега, грижа, стимулирањето и следењето на развојот на детето се одвиваат од страна на стручниот тим од установата, кој имаат законска обврска да го информира месно надлежниот центар за социјална работа што го сместил детето.

Кога станува збор за здраво дете на поголема возраст, со кое може да се комуницира, педагогот во фазата на процена работи со детето на утврдување на причините, и тоа преку обезбедување на следните информации и сознанија (кога се појавил проблемот, како реагира детето, дали оди на училиште, во кое одделение/клас учи, информации во однос на успехот и на поведението, стекнати навики, користење на слободното време и слично).

Покрај тоа што во оваа фаза се работи со детето изложено на социјален ризик, педагогот работи и со родителите, доколку ги има, за да добие информации колку се тие грижливи кака родители, за нивната родителска улога, капацитети и слично.

Овие информации на педагогот му се значајни за да може да направи правилна процена и да утврди што ќе работи со самите родителите и во која насока ќе оди заштитата на детето.

По спроведената процена на степенот на изложеност на ризикот и утврдувањето на причината, педагогот и другите членови на стручниот тим подготвуваат поединечен наод и мислење на стручен работник, а потоа врз основа на поединечните наоди и мислења подготвуваат наод и мислење на стручниот тим за детето.

Наодите и мислењата што ги подготвуваат стручните работници се прават според образец во кој се наведени елементите како треба да се пишува еден наод, кои информации треба да бидат напишани за да се постапува понатаму. Овие обрасци се подготвени од страна на Заводот за социјални дејности и повремено се ажурираат во согласност со потребите и сознанијата

добиени од нивната практична примена.

По подготвувањето на наодите и мислењата, стручниот тим подготвува План за индивидуална работа со детето (образец даден од Заводот за социјални дејности). Во планот се дефинираат потенцијалите, потребите и ресурсите на корисникот.. Исто така, во планот јасно се дефинирани активностите на секој стручен работник и другите субјекти вклучени во третманот, динамиката на нивната реализација и роковите за реализирање.

Со подготвувањето на планот и неговото имплементирање се започнува со втората фаза - **фаза на *третман и следење на корисникот.***

Во оваа фаза секој стручен работник постапува во согласност со активностите и со динамиката определена во планот на корисникот, секоја преземена активност се бележи во листот за следење на работата со корисникот. Улогата на педагогот во оваа фаза е во согласност со возраста, здравствената состојба на детето и формата на заштита. Всушност педагогот, како и другите стручни профили, постапува според активностите и динамиката дефинирани во планот за детето.

Во зависност од должината на фазата на третманот, односно предвидените активности и роковите, се прави ревизија на планот за да се процени дали е реализиран или, пак, треба да се интервенира во некој дел за да се планираат нови активности.

За спроведувањето на планот на корисникот се назначува за координатор еден од стручните работници од тимот. Од сознанијата од практиката во центрите за социјална работа најчесто за координатор се назначува стручното лице што има поголем број активности со корисникот.

Во фазата на третман доколку детето е сместено во установа, згрижувачко семејство или мал групен дом, за неговиот третман се задолжени да се грижат стручните лица од установата или згрижувачите, а стручниот тим од центарот за социјална работа го следи третманот и по потреба интервенира. Во ситуации кога координатор на планот е назначен стручен работник, тој контактира со установата, ги добива сознанијата и понатаму ги информира другите стручни профили.

Во оваа фаза на третман, кога координатор е педагогот, многу е значајно да постои континуирана соработка со другите стручни работници, без разлика

дали станува збор за стручен тим од установата, малиот групен дом или од друг центар за социјална работа што е надлежен за згрижувачкото семејство. Тие меѓусебно треба да се информираат, да ги споделуваат информациите, да ги преиспитуваат планираните активности - сè во функција на подобар третман на детето и негово побрзо реинтегрирање во биолошкото семејство.

Во овој период, додека детето е опфатено со некоја форма на заштита, педагогот и другите стручни работници од центарот за социјална работа работат и со родителите и со блиските сродници за да создадат услови за враќање на детето назад во семејството, се разбира доколку постојат услови и доколку е во интерес на детето.

Со создавањето услови за реинтегрирање на детето во рамките на семејството или, пак, со негово осамостојување и завршување на правата и на услугите од социјална заштита започнува третата фаза, а тоа е ***- фаза на престанок на третманот*** **и подготовка на детето за** ***самостојно живеење.***

Подготовката на детето за негово осамостојување и престанокот на третманот се активности што се проткаени и во втората фаза, затоа што и во фазата на третманот детето стекнува вештини за самостојно живеење, но во третата фаза тие се поинтензивни и се насочени кон негово излегување од формата со која било детето заштитено. Се разбира, доколку е можно тоа и доколку е во најдобар интерес на детето.

Оваа фаза од заштитата на детето треба да значи среќен завршеток на третманот, односно обезбедена подобра иднина за него, негови зајакнати капацитети и оспособеност за самостојно живеење. Меѓутоа во практиката за голем број деца реалноста е сосема поинаква, децата со умерена, тешка, најтешка или комбинирана попреченост и понатаму остануваат опфатени со формата на заштита и нивното право на заштита само продолжува во согласност со возраста и со степенот на попреченост.

Во оваа фаза, како и на самиот почеток, педагогот и другите стручни работници прават процена дали се создадени услови за престанок на третманот, подготвуваат наоди и мислења на стручен работник/тим и се носи решение за престанок на формата на заштита.

Во однос на методите и техниките на работа со децата, педагогот и

другите стручни работници во центарот за социјална работа најчесто применуваат: разговор, интервју, увид во семејството, увид во установата или згрижувачкото семејство, посета во училиштето и слично.

Во последниве две години се применуваат разни скали за процена на потребите на детето и за процена на родителите. Овие техники им ја олеснуваат работата на педагогот и на другите членови во тимот. Со нивна примена се добива целосна слика за моменталната состојба и за потребите на детето во согласност со возраста, потребите и потенцијалите.

Заводот за социјални дејности како установа за унапредување на работата секогаш се стреми кон издигање на квалитетот на грижа кон корисниците, меѓутоа во спроведувањето на своите идеи во практика наидува на одредени бариери, кои подоцна се одразуваат на работењето на центрите за социјална работа.

Една од таквите бариери е и недостиг од стручни работници во центрите за социјална работа Во однос на педагозите, како стручен профил не се застапени секаде. На пример недостига педагог во ЦСР-Виница, Делчево, Крушево, Валандово и во Македонски Брод. Во други центри за социјална работа недостигаат други стручни профили. Поради овој недостаток се отежнува реализирањето на сите чекори во постапувањето со корисникот.

Во вакви случаи, каде што недостига стручен работник, се доставува барање до Министерството за труд и социјална политика за да назначи од кој центар за социјална работа ќе се постави стручно лице што ќе постапува. Меѓутоа назначеното стручно лице не е во можност постојано да го следи корисникот, бидејќи е одговорно и за свои предмети во центарот за социјална работа, каде што е вработено.

Друга бариера на која најчесто се наидува при спроведувањето на стручната работа со корисниците во центрите за социјална работа е каде што имаме цели стручни тимови, меѓутоа има недостиг од стручен профил педагог или пак психолог, а постојните се вклучени во стручни тимови на повеќе проблематики и поради тоа потешко можат да ги реализираат предвидените активности. Тоа се потврдува и од увидот во стручната документација, каде што може да се забележи дека тие многу малку посветуваат време на поддршката на сместеното дете, без разлика дали е во мал групен дом, установа или во згрижувачко семејство.

Во однос на овој проблем неколкупати е укажано до Министерството за труд и социјална политика, како од страна на Заводот за социјални дејности така и од страна на директорите на центрите за социјална работа, но, за жал, до денес не е решен. Има нови вработувања, но не се во согласност со доставените барања.

Бидејќи центрите за социјална работа не се ефикасни во функционирањето, Министерството за труд и социјална политика ангажира експерти да го преиспитаат и да предложат нов начин на организација и функционирање на центрите за социјална работа. Сè уште не се имплементирани резултатите од функционалната анализа во однос на реорганизацијата на центрите за социјална работа. (Функционална анализа на центрите за социјална работа во Република Македонија, 2013. Необјавен труд: Басме, консалтинг и тренинг. Скопје: МТСП и Светска банка.)

За да се издигне квалитетот на услугите кон корисниците потребно е да се надминат горенаведените бариери, да се вработат педагози и други стручни профили во согласност со бројот на корисниците и ресурсите што постојат на локално ниво (згрижувачки семејства, мали групни домови и слично).

# 3. ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС

## 3.1. Што претставува деинституционализацијата

Деинституционализацијата како збор тешко се изговара, а уште потешко се реализира, бидејќи е процес што трае долг временски период и е полн со неизвесности.

Процесот на деинституционализација и трансформација на установите во различни земји различно е започнат кај едни во 1950-тите години, кај други во 1980-тите, а пак кај трети земји во почетокот на 1990-тите години. Процесот прво започнал во западноевропските земји (Велика Британија, Данска, Шведска, Италија, Франција, Германија и други), а потоа и во другите европски земји.

Најчести причини за започнување на процесот биле преголемите институции, со голем број деца, кои чинеле многу за одржување, но исто така и неможноста да се понуди квалитетна грижа. Начинот и брзината на деинституционализацијата биле одраз на социоекономските и на културните специфики на секоја земја (Ajdukovic, M., 2004).

Од искуствата во други држави каде што овој процес е започнат многу одамна и сѐ уште трае, најчесто се укажува на фактот дека тоа е процес, а штом е процес значи дека трае долго и промените одат бавно. Но не треба да се разочаруваме туку, напротив, добро да го осмислиме за последиците да бидат помали, а процесот побезболен, како за корисниците така и за самите актери вклучени во него.

За овој процес постојат различни сфаќања. Така, на пример, проф. д-р Д. Лакинска истакнува дека овој процес треба да значи трансформирање на големите социјални институции во помали згрижувачки центри во рамките на општините или неколку општини да се грижат за еден центар. На овој начин одговорноста на централната управа, од Министерството, се пренесува на локалната заедница, што не значи дека централната власт нема да се грижи или нема грижа и понатаму за овие институции. Но таа грижа се поделува и со локалните сили што ги има општината, а исто така во голема мера туку се вклучува и семејството.

Процесот на деинституционализацијата од една страна подразбира излегување на корисниците од установите, а од друга страна развој на вонинституционални форми на грижа со кои ќе се згрижат корисниците.

Актуелниот процес на деинституционализација истовремено подразбира и реформи во традиционалните служби, односно установите за социјална заштита во кои моментално се сместени приближно 400 деца и младинци.

Сознанијата од другите држави каде што многу порано започнал процесот на деинституционализација укажуваат дека процесот трае долго, затоа е и процес, но и дека треба да се одвива внимателно, да се направи добро истражување на постојната состојба на децата сместени во установа и да се развиваат мали институции или, пак, згрижувачки семејства. Но исто така потребно е да се прави добра подготовка, како на децата што треба да излезат

од установата така и на стручниот кадар што треба да работи со нив. Начинот и брзината на спроведување на процесот на деинституционализација и трансформација на установите кај нас ќе зависат и од тоа колку е државата економски подготвена за имплементирање во практика.

### 3.2. Процесот на деинституционализација во Р. Македонија

Процесот на деинституционализација во Р. Македонија е започнат во средината на 1990-тите години, со започнување на работа на првиот дневен центар за лица со посебни потреби во Крива Паланка.

Потоа поинтензивно продолжи во 2000 година, со отворање дневни центри за деца со посебни потреби. Во Р. Македонија моментално функционираат 23 дневни центри за деца со посебни потреби, кои се посетени од страна на 400 корисници. Владата на Р. Македонија преку ресорното министерство во овој период активно работеше на спроведување на процесот на деинституционализација.. Во 2000 година со процесот интензивно се деинституционализираа децата со ментална попреченост што беа сместени во ЈУ „Специјален завод"-Демир Капија. По нивното излегување беа сместени во згрижувачки семејства во градови низ државата.

Во овој период исто така се зголемија бројот на згрижувачки семејства и бројот на деца сместени во нив. Во моментов во Р. Македонија имаме 180 згрижувачки семејства, со 281 сместен корисник, а од нив 32 деца се деинституционализирани од ЈУ „Специјален завод"-Демир Капија.

Во 2008 година е отворен и првиот мал групен дом во Берово, во кој се сместени 5 деца без родители и родителска грижа.

Во 2013 година се отворија уште два мали групни дома, и тоа еден за деца без родители и родителска грижа со пречки во психофизичкиот развој во Битола и уште еден за деца со воспитно-социјални проблеми во Кавадарци.

Во согласност со актуелните политики на Владата, сѐ повеќе се оди кон развивање вонинституционални форми на грижа и јакнење на биолошкото семејство, а со тоа се намалува бројот на деца во установи.

Позитивен пример за намалување на бројот на деца во установи е Домот за доенчиња и мали деца-Битола. Од институција што долги години имаше 100 деца, во последниве две години бројот на деца се движи 70-80 деца. Исто така е намален и бројот на деца во детскиот дом „11 Октомври"-Скопје, каде што моментално има 57 деца, а во изминатите години имало приближно по 80 деца.

Во насоките до стручните работници во центрите за социјална работа секогаш треба акцентот првенствено да се става на јакнење на биолошкото семејство за прифаќање на своето дете. Доколку не е можно тоа, тогаш сместување кај блиски сродници, посвојување или згрижувачко семејство.

Последна алтернатива треба да биде сместувањето во установа, и тоа за краток временски период.

### 3.3. Стратегија за деинституционализација

За координирано дејствување и спроведување на процесот на деинституционализација во декември 2007 година Владата на Република Македонија ја донесе Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија 2008-2018, која се темели врз Уставот на Р. Македонија, Конвенцијата за правата на детето, Стандардните правила за изедначување на можностите на инвалидните лица и слично.

Стратегијата за деинституционализација исто така тргнува од одредени принципи поставени во меѓународни и во домашните правни документи, и тоа:

- Најдобар интерес на корисникот
- Право на живот во семејство
- Граѓански права, еднаквост на можности и недискриминација
- Заштита од секаков вид насилство, злоупотреба и занемарување
- Инклузија и интеграција
- Партнерство
- Мултисекторска соработка
- Квалитет на социјалните услуги

Стратегијата всушност претставува рамка за развивање сеопфатен, одговорен, достапен и квалитетен систем на социјална заштита.

***Целта на стратегијата*** е да се издигне квалитетот на грижата за одредени категории граѓани изложени на социјален ризик што се утврдени како целни групи, преку реализирање на процесот на деинституционализација.

Стратегијата треба преку стратегиските политики и цели да обезбеди поддршка за лицата на кои им е потребна помош во рамките на нивните семејства или, пак, во згрижувачките и другите форми на вонинституционална заштита организирани во местото на живеење, наспроти грижата што се обезбедува во институциите.

Стратегиски насоки на кои се темели стратегијата за деинституционализација се:

- Развој на вонинституционални форми на заштита на регионално и локално ниво
- Постепено трансформирање на постојните установи за социјална заштита
- Развивање институционални и човечки ресурси на национално и локално ниво
- Обезбедување имплементација на стратегијата и одржливост на формите на заштита на локално ниво

За да може да се реализира процесот е потребно добро да се испланираат активностите, односно да се внимава на чекорите за спроведување, а тие се:

- Издигање на свеста на јавноста за процесот на деинституционализација
  - национално ниво
  - локално ниво
- Развој на соодветна структура за управување на процесот (формирање тело што ќе го раководи и следи процесот)
- Подготвување листа на институции што ќе бидат опфатени со овој процес, според приоритет
- Процена на децата што треба да се деинституционализираат според можностите
- Јакнење и развивање на постојните ресурси и градење/создавање нови ресурси

- Процена каде ќе се отвораат новите ресурси за да може да се искористи постојниот кадар
- Подготовка на децата што треба да се деинституционализираат
- Подготовка на кадарот
- Логистика (преку подготвување детален план и временски распоред на активностите)
- Воспоставување систем за следење и за поддршка на процесот

Како и сите стратегии така и оваа има и оперативен план за нејзино имплементирање во практиката. Доколку се почитуваат стратегијата и оперативниот план, многу полесно ќе се одвива процесот на деинституционализација во Р. Македонија.

### 3.4. Предизвици на деинституционализацијата

Во однос на спроведувањето на процесот на деинституционализација во Република Македонија, може да се констатира дека се одвива бавно и неорганизирано.

На оваа констатација веднаш се наметнува прашањето зошто се одвива бавно и неорганизирано. Одговорот е во самата стратегија, а тоа е поради тоа што процесот не се одвива според чекорите дадени во неа.

Во однос на тоа како се одвива самиот процес има поголем број недостатоци што го отежнуваат самото спроведување. Тие се многубројни, но некои од нив се:

- Несоодветно избрана установа за започнување на процесот (се започна со деинституционализирање корисници од „Специјален завод“-Демир Капија)
- Недоволна подготовка на кадарот во установата „Специјален завод“-Демир Капија
- Несоодветен избор на корисници за деинституционализирање (излегување на корисници за да се задоволи бројката за да се отворат станбените заедници со поддршка) од „Специјален завод“-Демир Капија

- Нема јасно определени критериуми за избор на корисниците што треба да се деинституционализираат
- Несоодветна подготовка на корисниците што треба да се деинституционализираат
- Несоодветно избрани локации за отворање станбени заедници (Скопје и Неготино)
- Нема подготвено јасни процедури во кои ќе се дефинираат активностите на сите субјекти вклучени во процесот со определена динамика и рокови (која е улогата на установата, НВО „Порака", Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности-Скопје и слично)
- Не е дефинирано колку од станбените заедници со поддршка ќе бидат превентивни
- Исто така проблем претставува и сместувањето на децата со умерена, тешка и комбинирана попреченост во згрижувачките семејства
- Партиципирањето на Министерството за труд и социјална политика за корисниците сместени во станбените заедници менаџирани од НВО „Порака"-Неготино
- Непостоењето лиценцирани НВО и приватни установи што можат да бидат испорачатели на услуги кон корисниците и слично

Сите горенаведени недостатоци се резултат на несериозниот пристап кон спроведување на Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија 2008-2018, каде што јасно се дадени чекорите на постапување и динамиката на спроведување на активностите.

Важно е деинституционализирањето на корисниците од „Специјален завод"-Демир Капија и сместувањето нови корисници што остануваат долго кај згрижувачите, по 15 и повеќе години, кои растат, се менуваат во тежина, стануваат сè потешки за чување, а од друга страна и згрижувачите стареат, се трошат, а немаат замена.

Овие тешкотии веќе се појавуваат, но во иднина ќе бидат и сè помасовни. Може да се доведеме во ситуација повторно да ги враќаме корисниците назад во установата или да развиваме друг облик на заштита. Затоа треба да се прави правилен избор на формата на заштита.

Неправилниот пристап во водењето на процесот може да доведе до сериозни проблеми и последици кај корисниците.

За да се надминат овие недостатоци потребно е да се преземат соодветни чекори за надминување на недостатоците, и тоа:

- Процесот на деинституционализација да се насочи кон деинституционализирање на децата од установите за деца без родители и родителска грижа, бидејќи на овие деца им е потребна грижа заснована на семеен тип или, пак, згрижувачко семејство. На овие деца им е потребна стимулативна средина што ќе го поттикнува нивниот развој и ќе ги подготвува за самостоен живот.

- За корисниците во „Специјалниот завод„-Демир Капија да се обезбедат соодветни услови за грижа и нега на корисниците, бидејќи тие веќе престојуваат повеќе од 30-40 години, веќе се социјализирале во средината и се добро прифатени од граѓаните. Овие чекори укажуваат на фактот дека во оваа установа треба да се направи внатрешна реорганизација, односно трансформација во насока на издигање на квалитетот на грижа и третман на корисниците преку обезбедување попријатни услови за живот.

- Подобро е да се размислува да се отвораат повеќе превентивни заедници во кои ќе се прифаќаат корисници што имаат потреба од сместување и кои доаѓаат од семејство. Тие побрзо ќе се адаптираат на новите услови и веднаш на самиот почеток ќе им се понудат подобри услови засновани на семеен тип на грижа.

- Во однос на деинституционализација на корисниците, без разлика за која установа станува збор, треба да имаме претходно подготвени

критериуми за избор, план за подготовка на корисниците, кадарот и на ресурсите каде што ќе бидат сместени.

- Партиципирање на Министерството за труд и социјална политика за корисниците што треба да се деинституционализираат и за отворањето нови форми на заштита треба да биде во согласност со буџетот или, пак, НВО да се аплицира пред европските фондови.

- За да се развиваат овие форми потребно е добро да се мапираат потребите за отворање на овие форми во согласност со потребите на корисниците.

- Во однос на згрижувачките семејства треба да се стави акцент на развивање и на другите видови (специјализирани, привремени, интервентни и професионални) за да се растоварат постојните.

Доколку имаме добро подготвен акциски план, каде што јасно ни се дефинирани активностите, динамиката и улогата на секој учесник, тогаш ќе имаме поголеми можности да ги превенираме заканите во спроведувањето на процесот. Исто така, за да ги превенираме заканите, а истовремено да ги согледаме нашите јаки страни во спроведувањето на процесот, може да се примени СВОТ-анализа.

# 4. ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА ВО ДЕЛОТ НА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

За да можеме да ги согледаме сопствените достигнувања како држава, во однос на заштитата на децата без родители и родителска грижа, со посебен осврт на сместување во згрижувачко семејство, потребно е да се направи согледување на искуствата во други европски држави.

Прашања што се согледани како искуства од другите држави се::

- Какви видови згрижувања постојат, односно какви форми на заштита за децата без родители и родителска грижа
- Во однос на згрижувачките семејства, кои критериуми треба да бидат исполнети за да се биде згрижувач
- Кои права, односно бенефиции ги имаат професионалните згрижувачи

Веднаш се наметнува прашањето зошто се согледани токму овие прашања.

За да знаеме до каде сме како држава во однос на грижата на децата потребно е да знаеме дали сме на вистинскиот пат со моделите што ги нудиме за заштита на децата. Но кога ја избираме формата на заштита, особено сместувањето во згрижувачко семејство, се прашуваме дали се добро избрани критериумите за селекција на заинтересираните граѓани за да бидат згрижувачи. Затоа ни е потребно да го истражиме второто прашање, да дознаеме кои се критериумите што треба да ги исполнат згрижувачите во другите европски држави. Но исто така за да го издигнеме квалитетот на грижа се потребни и сознанија за бенефициите што ги имаат професионалните згрижувачи во другите европски држави, бидејќи кај нас постои законска можност за професионален згрижувач, но во практика немаме регистрирано. Преку одговорот на овие прашања ќе ги дознаеме искуствата од другите европски држави, кои се од големо значење за нас.

- **Видови модели на згрижување**

Во однос на искуствата на други европски држави, според горенаведените прашања, дојдовме до следниве сознанија.

Разликите во моделите на згрижување во европските земји се резултат на нивните историски корени, различните економски, политички и социјални аспекти.

Од податоците во табелата бр. 1 може да се констатира дека во Европа денес можат да се идентификуваат многу видови згрижување, а тоа е поради тоа што секое згрижување треба да одговори на различните потреби на децата и нивните семејства (M. Laklija, 2011).

Од податоците во табелата може да се забележи дека згрижувањето кај блиски сродници и професионалното згрижување се застапени речиси во голем број европски држави. Но исто така во повеќе држави е застапено и кризното сместување, односно интервентно, и тоа го има во Холандија, Шкотска, Франција, Австрија, Словенија и во Србија.

**Табела 1. - Видови на згрижување**

| | ШВЕДСКА | ФИНСКА | ХОЛАНДИЈА | ШКОТСКА | ФРАНЦИЈА | ПОЛСКА | УНГАРИЈА | АВСТРИЈА | ИТАЛИЈА | СЛОВЕНИЈА | БИХ | СРБИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| грижување ај блиски родници | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | / | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| радициона но | ✓ | | | | | ✓ | ✓ | | | | | |
| пецијал зирано | | | | | ✓ | | ✓ | | | ✓ | | ✓ |
| рофеси нално | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| ризно | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| грижување ако краток | | | | | | | | | | ✓ | | ✓ |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дмор за иолошките одители | | | | | | | | | | | | |
| невно | | | | | | | | | ✓ | | | |
| икенд | | | ✓ | | ✓ | | | | | ✓ | | |
| ривремено раткотрајно | ✓ | | ✓ | ✓ | | | | | | | | ✓ |
| олготрајно | | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | |
| о одлука на удот | | | | | | | | | ✓ | | | |
| р. видови местувања ај грижувачи | | | | | | | | | | | | ✓ |

Кога станува збор за други видови згрижувачко семејство, на пример згрижувачки семејства за возрасни, многу малку постојат така регистрирани згрижувачи, исклучиво само за возрасни, Такви се најчесто оние семејства во кои претходно биле згрижени како деца, но бидејќи не биле во можност да живеат сами од најразлични причини го продолжиле сместувањето и останале долг период и прераснале од деца во возрасни. Со тоа се менува и улогата на згрижувачкото семејство, од семејство за деца преминало во семејство за возрасни. Интересен е примерот на Шведска, каде што постојат згрижувачки семејства за краткотрајно сместување на возрасни лица со психофизички тешкотии и лица што злоупотребуваат дрога.

**Табела 2. - Згрижувачки семејства за возрасни**

| | |
|---|---|
| ШВЕДСКА | згрижувачки семејства на лица-зависници од дрога (но не заеднички) и организации што обезбедуваат поддршка |
| ФИНСКА | законодавството опфаќа грижа за стари лица и за лица со посебни потреби |
| ХОЛАНДИЈА | / |

| | |
|---|---|
| ШКОТСКА | постои форма на краткорочно згрижување, како кратка пауза за биолошките семејства, обично за луѓе со сериозен психолошки и физички инвалидитет |
| ФРАНЦИЈА | згрижувачки семејства што се грижат за старите и хендикепирани лица |
| ПОЛСКА | законот нуди можност |
| УНГАРИЈА | згрижувачот може да обезбеди грижа за млади возрасни до 21 година, ако лицето не е во можност да обезбеди услови за самостојно живеење и е во редовното образование, а не постаро од 25 години |
| АВСТРИЈА | не постои |
| ИТАЛИЈА | не постои |
| СЛОВЕНИЈА | не, но доколку детето поради пречки во развојот не е способно за самостојно живеење или продолжување на образованието, барем до 26-годишна возраст, со согласност на детето |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | според Законот за социјална заштита да, но форма на згрижување на возрасни не |
| СРБИЈА | на дел од возрасните и децата што остануваат во згрижувачки семејства по возраста за согласност |

- **Критериуми и бенефиции за згрижувачкото семејство**

Податоците што се однесуваат на условите што треба да бидат задоволени за да се биде згрижувач во најголем број од европските држави се повторуваат, односно тие најчесто се однесуваат на пример на тоа подносителите да бидат брачна двојка или пак самец, да бидат полнолетни, да не им се одземени деловната способност и родителското право, да се психофизички здрави личности, да имаат задоволителни услови за домување и слично. Исто така згрижувачите треба да поседуваат специфични знаења и вештини потребни за да се грижат за детето Во Австрија значаен услов е згрижувачите да имаат добра финансиска состојба.

**Табела 3. - Законски услови што треба да ги исполнуваат згрижувачите**

| | |
|---|---|
| ШВЕДСКА | - стабилна, здрава и зрела личност<br>- сака да се посвети на потребите на детето<br>- нема пропишано услови во поглед на образовниот статус, но ако на пример негуваат деца со нарушувања во однесувањето, треба да имаат специфични вештини |
| ФИНСКА | - специфични знаења и вештини<br>- обученост и искуство и лични квалитети |
| ХОЛАНДИЈА | - повеќе од 18 години<br>- помината подготвителна обука<br>- подготвеност за соработка<br>- нема криминална историја |
| ШКОТСКА | - може да се разбере и да ги негува етничкото наследство, културата, религијата и јазикот на детето<br>- не постои старосна граница, но да биде доволно зрела личност, да биде во можност да се разбере и да одговори на потребите на детето<br>- добро психофизичко здравје |
| ФРАНЦИЈА | - нема пропишано услови во поглед на образовниот статус на згрижувачите<br>- задоволително психофизичко здравје и услови за домување<br>- подложени на психолошки третман и оценување на социјални вештини |
| ПОЛСКА | - здрави луѓе<br>- соодветно домување<br>- најмалку завршено средно училиште<br>- може да се задоволат потребите на детето |
| УНГАРИЈА | - постаро од 24 години<br>- да нема криминална историја<br>- психофизичко здравје<br>- успешно завршена подготвителна обука |
| АВСТРИЈА | - добра финансиска ситуација, која има свој извор на приход<br>- задоволителен однос меѓу членовите на семејството<br>- добри вештини за управување со „криза“<br>- психофизичко здравје<br>- комуникативност и флексибилност<br>- развиени вештини на размислување (перцепција, емоции, итн.) |
| ИТАЛИЈА | - семејствата/двојки со или без деца или самци<br>- нема пропишано старосна граница или услови што се однесува на економските, вработувањето и образовниот статус |

| | |
|---|---|
| СЛОВЕНИЈА | - возрасни<br>- има постојан престој во Република Словенија<br>- завршено минимум професионално и стручно образование<br>- не смее да е лишен од родителска грижа<br>- не смее да е лишен од деловна способност |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | - возрасни<br>- сопружници, партнери што живеат во вонбрачна заедница, единствено<br>- психофизичко здравје<br>- задоволително домување и други услови неопходни за заштита на потребите на детето |

Од сознанијата до кои дојдовме, кои се прикажани во табелата бр 4, може да се констатира дека во поголем број европски држави постојат професионалните згрижувачи.

**Табела 4. - Правата на професионалните згрижувачи**

| | |
|---|---|
| ШВЕДСКА | не постои професионално згрижување |
| ФИНСКА | - право да се плати надомест за привремена неспособност за работа и да ја напушти |
| ХОЛАНДИЈА | - плата и пензија<br>- надоместок за трошоците за живеење<br>- во просек на секои шест недели обука<br>- годишен одмор |
| ШКОТСКА | - сите згрижувачи добиваат бенефиции за да се покријат трошоците за згрижување дете (износот зависи од возраста на детето) |
| ФРАНЦИЈА | - плати, придонеси за здравствено, пензиско и социјално осигурување, празници |
| ПОЛСКА | - плати, придонеси за пензиско и здравствено осигурување, одмор<br>- право на пристап до професионална поддршка |
| УНГАРИЈА | - социјално осигурување |
| АВСТРИЈА | - добиваат надоместок за грижа<br>- социјално осигурување, главно преку членовите на семејството<br>- немаат можност за користење годишен одмор или боледување<br>* Згрижувачите што имаат потпишано договор со некоја агенција, како што е ЕФКО, добиваат месечна плата и социјално, здравствено и пензиско осигурување |

| | |
|---|---|
| ИТАЛИЈА | - добиваат надоместок за грижа<br>- социјално осигурување главно преку членовите на семејството<br>- немаат можност за користење годишен одмор или боледување<br>* Згрижувачите што имаат потпишано договор со некоја агенција, како што е ЕФКО, добиваат месечна плата и социјално, здравствено и пензиско осигурување |
| СЛОВЕНИЈА | - плата, исто така се предвидени придонесите за социјално осигурување (со пензиското, инвалидското, здравствено осигурување, осигурување од повреда при работа, осигурување за родителска заштита и осигурување при невработеност)<br>- средства обезбедени од државниот буџет, кои не се предмет на данок на доход |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | - не постои професионално згрижување |
| СРБИЈА | - не постои професионално згрижување |

Од европските земјите што се опфатени, може да се констатира дека професионални згрижувачи нема во Шведска, Босна и Херцеговина и во Србија. Во другите државите каде што постојат професионални згрижувачи тие најчесто ги имаат следниве бенефиции: плата, здравствено, пензиско, здравствено и социјално осигурување. Додека, пак, во некои европски држави добиваат само надоместок за грижа.

# ВТОР ДЕЛ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражување

Предмет на нашиот интерес на проучување е сместувањето во згрижувачко семејство како една од вонинституционалните форми на заштита на децата без родители и родителска грижа. Тоа подразбира, од една страна, истражување на формите за помош и поддршка на згрижените деца што се сместени во згрижувачко семејство и на самите згрижувачи преку ангажирање мобилен тим составен од стручни лица. Истовремено, предмет на истражување е и компаративната анализа на системите на заштита на децата без родители и родителска грижа, со посебен осврт во делот на згрижувачките семејства во Р. Македонија и во Р. Србија.

Потребата од проучување на давањето помош и поддршка на децата сместени во згрижувачко семејство преку ангажирање мобилен тим произлезе како резултат на нашите сознанија што се темелат на долгогодишно работно искуство во оваа проблематика, информациите од работните средби со стручните работници и со згрижувачките семејства, како и проучувањето на ситуацијата и на искуствата во оваа област во други држави. Голем поттик за размислување и за истражување беше и судската посета во Германија, која ни овозможи увид во организацијата на поддршката од страна на мобилен тим кон возрасни лица со посебни потреби. По враќањето во Македонија се роди идејата да се проба тој модел и кај нас, се разбира приспособен на нашите потреби.

За да се добие соодветна поддршка, прв и основен услов беше да се направи добра процена на потребите на сместените деца и на згрижувачите. По направената процена, односно по добиените сознанија, беше многу поедноставно да се определи кои стручни профили ќе го сочинуваат мобилниот тим. Всушност, мобилниот тим од една страна претставуваше поддршка за згрижувачките семејства и за сместените деца, а од друга страна поддршка за стручните работници во центрите за социјална работа.

На тој начин мобилниот тим претставува продолжена рака на стручните работници од центарот за социјална работа и се очекува да им обезбеди поквалитетна грижа на сместените деца во згрижувачките семејства, а со тоа

истовремено да се издигне нивото на стручната работа во центрите за социјална работа.

Поддршката на згрижувачките семејства во Р. Македонија претставува сериозен проблем, бидејќи бројот на згрижувачки семејства и на деца сместени во нив секојдневно расте, а со тоа и потребата од развивање на оваа форма станува сè поголема. Поддршката преку мобилен тим е само еден вид поддршка. Може да се размислува и за други начини на поддршка, но овој модел беше новина и затоа сметавме дека е добро да се направи процена на неговата ефикасност.

Компаративната анализа, пак, на системите на заштита на децата без родители и родителска грижа во областа на згрижувачките семејства во Р. Македонија и во Р. Србија е во функција на унапредување на оваа форма на заштита, како во делот на нормативната рамка така и во делот на стручното постапување на стручните работници што работат на оваа проблематика. Изборот на Р. Србија како држава за споредба се заснова врз фактот што имаме сличен систем на социјална заштита, развиена соработка и комуникација без јазична бариера меѓу колегите од двете земји.

## 2. Дефинирање на клучните поими

Во трудот се појавуваат неколку клучни поими, и тоа:

- семејство
- згрижувачко семејство
- дете без родители и родителска грижа
- деинституционализација

- <u>Семејство</u>

Според Законот за семејство („Сл. весник“ бр. 148/2013), семејство е животна заедница на родители и деца и други роднини ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање деца и со посвојување. Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

- Згрижувачко семејство

Според Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“, бр. 148/2013), згрижувачко семејство е семејство што треба да обезбеди грижа за личноста, воспитанието, образованието, здравствената состојба и секојдневните потреби на сместеното лице, во зависност од неговата возраст и потреби. Згрижувачкото семејство добива месечен надоместок за трошоците за сместеното лице и надоместок за згрижување.

- Дете без родителска грижа

Во согласност со Законот за семејство („Сл. весник на РМ“, бр. 148/2013), дете без родители и родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чие родители, без оглед на причините, привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

- Деинституционализација

За овој процес постојат различни сфаќања. Така, на пример, проф. д-р Д. Лакинска истакнува дека овој процес треба да значи трансформирање на големите социјални институции во помали згрижувачки центри во рамките на општините или неколку општини да се грижат за еден центар. На овој начин одговорноста на централната управа, од министерството, се пренесува на локалната заедница, што не значи дека централната власт нема да се грижи или нема грижа и понатаму за овие институции. Но таа грижа се поделува и со локалните сили што ги има општината, а исто така, во голема мера, тука се вклучува и семејството.

Деинституционализацијата од една страна подразбира излегување на корисниците од установите, а од друга страна развој на вонинституционални форми на грижа со кои ќе се згрижат корисниците.

## 3. Цели и задачи на истражувањето

Во согласност со поставените предмети, истражувањето е насочено кон постигнување две цели:

- Утврдување дали стручните работници од центрите за социјална работа им ја даваат потребната поддршка на сместените деца и на згрижувачките семејства и дали ангажираниот мобилен тим може да биде поддршка во согласност со претходно направената процена на потребите на децата сместени во згрижувачките семејства.

- Компаративно проучување на системот на заштита на децата без родители и родителска грижа во делот на примената на формата сместување во згрижувачко семејство во Република Македонија и во Република Србија.

Реализирањето на овие истражувачки цели се операционализира преку повеќе задачи:

- да се утврди дали стручните работници во центрите за социјална работа им даваат стручна помош и поддршка на децата сместени во згрижувачки семејства и на самите згрижувачи;
- да се утврди дали стручните работници во центрите за социјална работа ја применуваат законската регулатива и дали постапуваат во согласност со стручно-методолошката работа што се однесува на згрижувачките семејства;
- да се направи процена на карактеристиките на сместените деца (пол, возраст, здравствена состојба, национална припадност, јазикот на кој зборуваат и вклученоста во воспитно-образовниот процес). и нивните потреби за соодветна помош и поддршка;
- да се направи процена на одредени карактеристики на згрижувачките семејства.

- да се направи процена на ресурсите на локално ниво во општините Прилеп, Македонски Брод и Крушево;
- да се формира мобилен тим што директно ќе работи со деца сместени во згрижувачки семејства и самите згрижувачи
- да им се даде директна поддршка на сместените деца и на згрижувачките семејства од страна на мобилниот тим
- да се направи процена на промените од работата на мобилниот тим во поддршката на сместените деца и на згрижувачките семејства.
- споредбено да се проучи нормативната рамка за примена на формата сместување во згрижувачко семејство во Р. Македонија и во Р. Србија;
- споредбено да се утврди состојбата на згрижувачките семејства (возраст, работен статус и број на сместени деца) и на сместените деца (пол, возраст и здравствена состојба) во Р. Македонија и во Р. Србија;
- споредбено да се проучат правата и услугите за децата без родители и родителска грижа
- споредбено да се проучи стручната постапка во примената на формата сместување во згрижувачко семејство од страна на стручните работници во центрите за социјална работа во Р. Македонија и во Р. Србија;
- споредбено да се проучи улогата на здруженијата во поддршката на згрижувачките семејства.

**Практичната цел** на ова истражување е да надомести една празнина во работењето на центрите за социјална работа во работата со згрижувачките семејства во однос на сместените деца и на згрижувачките семејства. Истовремено треба да се изврши позитивно влијание за промени кај креаторите на политиките во системот на социјална заштита и здравствениот систем преку донесување нови законски решенија и протоколи на соработка што се во функција на поддршка на згрижувачките семејства.

## 4.Хипотези на истражувањето

Имајќи ги предвид предметот, целите и задачите на истражувањето имаме основа да поставиме една општа и неколку поединечни хипотези на истражувањето.

**Општа хипотеза**

Згрижените деца во згрижувачките семејства немаат поддршка од страна на стручните работници од центрите за социјална работа, поради што се јавува потреба од формирање мобилен тим за поддршка.

**Поединечни хипотези**

1. Стручните работници во центрите за социјална работа не даваат континуирана стручна помош и поддршка на децата што се сместени во згрижувачки семејства и на самите згрижувачи .
2. Стручните работници во центрите за социјална работа делумно ги почитуваат законската регулатива и стручно-методолошките упатства што се однесуваат на згрижувачките семејства.
3. Сознанијата за личните карактеристики на згрижувачите (местото на живеење, возраста, здравствената состојба, националната припадност, степенот на образование и работниот статус), се значајни за реализирање на активностите на мобилниот тим
4. Децата сместени во згрижувачките семејства имаат потреба од континуирана стручна помош и поддршка.
5. Избраните општини немаат ресурси за задоволување на потребите на сместените деца.
6. Поддршката од страна на мобилниот тим ќе даде позитивни промени кај децата сместени во згрижувачките семејства во однос на развивање на културните,хигиенските и работните навики

## 5.Варијабли на истражувањето

Во нашето истражување се присутни зависни и независни варијабли.

Независна варијабла во истражувањето е дејствувањето на мобилниот тим за поддршка на децата и на стручните работници од центрите за социјална работа

Зависни варијабли ќе бидат културните,хигиенските и работните навики, кај сместените деца во згрижувачките семејства на кои ќе се влијае.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Предметот на истражување, поставената цел, задачите и хипотезите ги детерминираат и методите, техниките и инструментите што се користат во истражувањето.

Во ова емпириско истражување беа применети: методите на анализа на документацијата - компаративниот и дескриптивниот метод.

Од техниките беа применети: анализа на содржината бидејќи беше потребна за собирање податоци што се однесуваат на одредени сознанија, искуства и состојби кои се значајни за проучување на предметот на истражувањето.

Техниката на анкетирање ја користевме за да дознаеме одредени карактеристики на згрижувачките семејства и на сместените деца, да ги идентификуваме потребите на децата за да може да се формира мобилниот тим за поддршка и да се согледаат ресурсите во трите општини.

За да може да се реализира истражувањето беа подготвени следниве инструменти:

- Прашалник за процена на потребите на децата сместени во згрижувачките семејства во Прилеп, Македонски Брод со с. Манастирец и во Крушево
- Прашалник за согледување одредени статуси кај згрижувачките семејства во Прилеп, Македонски Брод со с. Манастирец и во Крушево
- Прашалник за согледување на ресурсите на локално ниво

- Прашалник за стручните лице од центарот за социјална работа
- Протокол за содржинска анализа на досиејата
- Протокол за работа на членовите на мобилниот тим

**Прашалникот за сместено дете во згрижувачко семејство** се состои од 45 прашања што се групирани во 5 групи и се однесуваат на:

- лични податоци за детето, кој се состои од 12 прашања (3 отворени и 9 затворени);
- податоци за причините и за видот на згрижувањето на детето, кој се состои од 4 прашања (2 отворени и 2 затворени);
- податоци за здравствената состојба на детето, кој се состои од 9 прашања (2 отворени и 7 затворени);

  - податоци за образованието на детето, кој се состои од 13 прашања (3 отворени и 10 затворени);
- податоци за хигиенските и работните навики на детето, кој се состои од 7 затворени прашања.

- **Прашалникот за згрижувачите** се состои од 26 прашања, од кои 10 отворени и 16 затворени прашања. Прашањата се однесуваат на одредени статуси кај згрижувачките семејства: лични податоци, образовен статус, работен статус, станбени услови, мотиви за згрижување, поминати обуки и потреба од обуки како згрижувач.

- **Прашалникот за претставници од локалната самоуправа за согледување на ресурсите на локално ниво** се состои од 30 прашања, од кои 22 отворени и 18 затворени прашања. Прашањата се однесуваат на ресурсите на локално ниво (училишта, градинки, здравствени установи, специјалистички служби, НВО и слично).

- **Прашалникот за стручно лице од центарот за социјална работа што работи на проблематиката сместување во згрижувачко семејство** се состои од 16 прашања, од кои 12 затворени и 4 отворени прашања.

Прашањата се однесуваат на одредени статуси на вработените: лични податоци, образовен статус, работен статус, податоци за бројот на регистрирани згрижувачки семејства и сместени корисници, дали се работи тимски, во која фаза од постапките се вклучуваат, дали ја почитуваат законската регулатива, дали постапуваат во согласност со стручно-методолошкото упатство, дали одат на увиди и колку често, дали ја евидентираат својата работа со корисниците и слично.

- **Протоколот за работа на членовите на мобилниот тим** се состои од 7 прашања од отворен тип, кои се однесуваат на реализираните активности на секој член од мобилниот тим преку евидентирање на времето на посета на згрижувачкото семејство, содржината на работа, методите и техниките на работа и неговите забелешки во текот на работењето.

Прашалниците за згрижувачите, децата и за ресурсите се направени за да му помогнат на мобилниот тим полесно да ја реализира поддршката.

При обработката на податоците добиени од истражувањето се применува квантитативна и квалитативна методологија, бидејќи се користени повеќе техники за собирање податоци. Добиените податоци од истражувањето се прикажани дескриптивно, графички и табеларно.

## 7.Примерок на истражувањето

Примерокот на истражување го сочинуваат:

- ***Примерок на центри за социјална работа:*** со истражувањето ги опфатиме центрите за социјална работа каде што има поголем број згрижувачки семејства и сместени деца, а мал број стручни работници. Во согласност со овие критериуми се избрани центрите за социјална работа во Прилеп, Македонски Брод со с. Манастирец и во Крушево.

- ***Примерок на стручни работници***, е од веќе избраните центри за социјална работа, оние што работат на оваа проблематика.Со истражувањето се опфатени 6 стручни работници од центрите за социјална работа во Прилеп, Македонски Брод и во Крушево. Од нив, 3 се машки и 3 се женски, сите се на возрасна група од 45 до 55 години, со работно искуство од 5 до 10 години на проблематиката сместување во згрижувачко семејство, но работат и на други проблематики, освен еден стручен работник, кој е на возраст од 35 години, со 3 години работно искуство.

  Во однос на застапеност на испитаниците според стручниот профил, тројца се социјални работници, двајца психолози и еден педагог.

- ***Примерок на згрижувачки семејства:*** со истражувањето се опфатени 58 згрижувачки семејства од кои во Прилеп се 29, во Македонски Брод со селото Манастирец се 16 и во Крушево се 13. згрижувачките семејства.

- ***Примерок на сместени деца во згрижувачки семејства:*** со истражувањето се опфате*ни* 101 дете од кои: од Македонски Брод и с. Манастирец - 23 деца, од Прилеп - 55 деца и од Крушево - 23 деца.

- ***Примерок на општини:*** со ова истражување беа опфатени општините во кои се наоѓаат центрите за социјална работа, а тоа се Прилеп, Македонски Брод со селото Манастирец и Крушево, за да се согледаат ресурсите на локално ниво што понатаму би им биле поддршка на згрижените деца и на згрижувачките семејства.

## 8.Организација на истражувањето

Поради големината и спецификите на примерокот, фазата на реализација на истражувањето траеше подолг временски период, од мај 2009 година до декември 2010 година.

- Во првата фаза беа реализирани активностите со згрижувачките семејства и со децата сместени во тие згрижувачки семејства во Прилеп и во Македонски Брод со селото Манастирец.
- Во втората фаза беа реализирани активностите со згрижувачките семејства и со децата сместени во тие згрижувачки семејства во општината Крушево.

Во рамките на истражувањето прво беше направена процена на потребите на децата и беа согледани одредени карактеристики кај згрижувачите преку анкетирање, увид во досието и увид во домот на секое згрижувачко семејство, а потоа се формиран мобилниот тим.

Формирањето на мобилниот тим што им беше поддршка на згрижените деца сместени во згрижувачки семејства се направи по добиените резултати од прашалникот за процена на потребите на децата сместени во згрижувачките семејства и од прашалникот за згрижувачките семејства, за да може да се направи правилен избор на стручни лица што ќе можат да одговорат на потребите на децата.

Мобилниот тим беше составен од следниве профили: социјален работник, педагог, дефектолог, логопед и физиотерапевт. Мобилниот тим работеше непосредно со децата и со семејствата, секој од свој аспект правеше процена и даваше совети и насоки за понатамошното постапување на децата и на згрижувачите.

Членовите на мобилниот тим имаа задача при влегувањето во згрижувачкото семејство да пополнуваат т.н. листа-протокол на која ќе ги бележат следниве информации: името и презимето на детето, времето на почнување и на завршување на посетата, содржината на работа и применетите методи и техники на работа.

По шестмесечна работа со децата и со згрижувачките семејства, членовите на мобилниот тим подготвија извештај за сите постигнати промени кај децата во согласност со индивидуалните постигнувања.

За да се обезбеди одржливост на започнатите активности, а исто така и да се направи процена на сработеното, за секое дете се направи лист за дете, кој содржи идентификациски податоци, број на реализирани средби, методи и техники за работа, настанати промени и препораки за тоа што е потребно да се

работи со детето. Овој документ се наоѓа во досието на секое дете и претставува основа за неговото понатамошно следење на развојот и на сите други промени.

По шестмесечната работа на мобилниот тим и добиените поединечни листи за секое дете беше организирана работна средба со претставници од центрите за социјална работа надлежни за децата сместени во згрижувачките семејства за да се запознаат со постигнатите промени и со потребите од понатамошен третман кај овие деца.

Исто така беше организирана работна средба со згрижувачките семејства за да ги согледаме нивните впечатоци од поддршката од страна на мобилниот тим и да ги информираме што е потребно понатаму во грижата за овие деца.

# ТРЕТ ДЕЛ

## Анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражување

# 1. Анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражување

Анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од емпириското истражување ни овозможуваат да добиеме увид во состојбата на децата без родителска грижа сместени во згрижувачките семејства во трите општини - Прилеп, Македонски Брод и Крушево, да ги согледаме нивните потреби, да им понудиме соодветна стручна помош и поддршка и непосредно да се работи со нив и со нивните згрижувачи.

Промените кај децата што се резултат на поддршката на мобилниот тим укажуваат на потребата од понатамошната одржливост што треба да се обезбеди преку законско решение како форма за поддршка на згрижувачките семејства.

Добиените резултати укажуваат дека со правилна процена на капацитетите на стручните лица во центрите за социјална работа, капацитетите на згрижувачите, потребите на сместените деца, ресурсите на локално ниво и правилно избраниот мобилен тим може да се постигнат позитивни промени кај сместените деца.

Исто така добиените сознанија од компаративната анализа на двата система на заштита на децата без родителска грижа, со посебен осврт на згрижувачките семејства кај нас и во Р. Србија, претставуваат добра основа за согледување на нашите достигнувања, но исто така и кон што треба да се насочиме за да го подобриме квалитетот на грижа. Само на тој начин можеме да го усовршуваме системот и да ја подобруваме грижата.

Преку добиените резултати и нивната анализа, заедно со заклучоците и со дадените препораки што произлегоа од истражувањето во практика, сметаме дека понудивме материјал што може да биде основа за законски промени на постојниот систем и градење нов. Материјалот може да им биде од корист на сите заинтересирани субјекти во градењето на системот на заштита на децата.

## 1. Стручна помош и поддршка на децата сместени во згрижувачко семејство од страна на центарот за социјална работа

*Хипотеза бр. 1*

При сместувањето на детето во згрижувачко семејство се значајни сите фази во стручното постапување на центарот за социјална работа, меѓутоа фазата на третманот за детето игра значајна улога во неговиот живот. Во оваа фаза треба да бидат обезбедени сите предуслови за правилен раст и развој на детето. Тоа значи дека од страна на стручниот тим треба да бидат проценети потенцијалите и потребите на детето, а во согласност со процената згрижувачот добива насоки како да ги насочи негата, грижата и заштитата кон детето, односно како да се обезбеди правилен третман кон детето. Но со сместување на детето во згрижувачкото семејство не престанува улогата на стручниот тим од центарот за социјална работа. Напротив, тие треба да обезбедат континуирана стручна помош и поддршка како за сместеното дете така и за самото згрижувачко семејство. Динамиката на континуираната помош и поддршка зависи од потребите на детето во согласност со неговата возраст, здравствената состојба и неговите потенцијали што се претходно дефинирани. Додека, пак, динамиката на давање на стручната помош и поддршка кон згрижувачите зависи од капацитетите на згрижувачите да се справат со потребите и со проблемите што произлегуваат од грижата кон сместеното дете. Континуираната стручна помош и поддршка треба да бидат и во функција на превенирање некои можни тешкотии во грижата на детето, не треба да се чека да се појави проблем, па да се интервенира. Напротив, поддршката е многу подобра ако е во функција да се олеснат грижата и третманот кон сместеното дете.

Во стручно-методолошките упатства, стандардите и процедурите многу добро е објаснето што всушност значи поддршката и дека секој стручен профил во интердисциплинарниот стручен тим во центарот за социјална работа има своја улога во фазите на постапување.

Меѓутоа, во практиката, континуираната стручна помош и поддршка од страна на стручниот тим од месно надлежниот центар за социјална работа кон сместените деца и згрижувачките семејства недостигаат, не постојат. Тоа го

потврди и нашето истражување спроведено во Прилеп, Македонски Брод и во Крушево, според одговорите добиени од страна на згрижувачките семејства, но исто така и според одговорите добиени од стручните работници од овие центри за социјална работа.

Исто така потврда на нашата хипотеза беа и сознанијата добиени од увидот во стручната документација што ја водат стручните работници во центрите за социјална работа.

Од одговорите на згрижувачите се констатира дека 87% од нив не се задоволни од стручната помош што ја добиваат од стручните работници од центрите за социјална работа. Како потврда се и изјавите од страна на згрижувачите.

Згрижувачката Ц.С.: „Јас сум згрижувачка подолг временски период и кога ми донесоа ново дете ми беше кажано дека си ја знам работата. Гледај да не ти треба наша помош, затоа што ние сме малку вработени во центарот и не можеме постојано да доаѓаме".

Згрижувачката М.Т.: „Од страна на центарот ми беше кажано дека можам да побарам помош, но не да се јавувам многу често во центарот, туку само ако е нешто итно".

Згрижувачката А.В.: „Помош од центарот за социјална работа добивам само ако јас одам сама кај нив да ги прашам за нешто, тие не доаѓаат".

Од интервјуто со шесте стручни работници од центрите за социјална работа каде што се спроведе истражувањето, во Прилеп, Македонски Брод и во Крушево, се потврди хипотезата дека континуирана стручна помош и поддршка за сместените деца и за згрижувачките семејства во нивните општини не се спроведува, бидејќи немале доволно време, работеле и со други категории корисници.

Од нивна страна ни беше истакнато дека организирана поддршка од нивна страна нема, се труделе барем еднаш во текот на годината за да постапат во согласност со законската обврска во делот на преиспитување на корисниците. Од нивна страна исто така ни беше укажано дека, и покрај тоа што не ги посетувале згрижувачките семејства, не значело дека не знаат што се случува. Тие имале информации од страна на згрижувачите, бидејќи почесто згрижувачите оделе во центарот.

Стручниот работник од ЦСР-Крушево ни изјави: „Ние сме мало место, со секој од згрижувачите се среќаваме и неформално, на улица, на пазар, и им помагаме ако имаат некаков проблем. За официјални средби немаме многу време".

Од стручен работник од Прилеп ни беше кажано: „Згрижувачите се информирани дека ние немаме многу време во центарот за социјална работа бидејќи работиме и со други корисници. Ако имаат некој проблем, слободно можат да дојдат во центарот. Ако не го најдат одговорното лице, сигурно ќе најдат некој друг од колегите и колешките".

Стручен работник од Македонски Брод изјави: „Ние си ги знаеме згрижувачите и ги посетуваме кога одиме за друга работа, а тие се информирани ако имаат проблем да нè побараат".

Стручните работници се свесни дека не постапуваат стручно и дека потребата од континуирана помош и поддршка е од огромно значење, но, од друга страна, не се моќни сами да го решат проблемот со недостиг од стручен кадар и службени возила, кои им се потребни за да одат често на терен и постојано да ги следат згрижувачите и сместените деца.

Добиените сознанија ја потврдуваат првата хипотеза дека стручните работници во центрите за социјална работа не даваат континуирана стручна помош и поддршка на децата што се сместени во згрижувачките семејства и на самите згрижувачи .Ова хипотеза е потврдена како од страна на згрижувачите ,така и од страна на стручните работници.

## 2. Постапување во согласност со законската регулатива и стручно-методолошките упатства

*Хипотеза бр. 2*

При примената на формата сместување во згрижувачко семејство стручните работници во центарот за социјална работа треба да постапуваат според законската регулатива, но истовремено да ги почитуваат и стручно-методолошките упатства. Законската регулатива им дефинира како треба да се спроведе целата постапка и дефинирани се роковите кога треба да се одговори, додека, пак, со стручно-методолошките упатства, стандардите и

процедурите, програмите за процена на згрижувачите и обуката на згрижувачите што им ја олеснуваат стручната постапка им се дадени сите чекори на постапување во согласност со фазите, а исто така им е дадено и кој стручен профил што треба да реализира во секоја од фазите на постапување.

Истражувањето исто така имаше за цел да потврди дека стручните работници делумно ја применуваат законската регулатива и делумно постапуваат во согласност со стручно-методолошките упатства и прирачници за работа. Нашата хипотеза се потврди преку спроведеното интервју со стручните работници од центрите за социјална работа и анализата на содржината на стручната документација содржана во досието што ја подготвуваат стручните работници.

Од анализата на содржината на стручната документација содржана во досието може да се констатира дека не се поткрепени со стручна документација сите фази од работата со корисникот, содржината на наодите на стручните работници не задоволува или, пак, таа не е подготвена во согласност со законски предвидениот рок.

Непочитувањето на законските прописи и на стручните постапки беше потврдено и преку спроведеното интервју со шесте стручни работници. Од нивна страна ни беше укажано дека во процената на згрижувачите најголем дел од работата спроведува социјалниот работник, а другите стручни профили се вклучувале по потреба или кога ќе имале време.

Но во Програмата за процена на згрижувачите јасно се дадени улогите на сите стручни профили. Не може социјалниот работник да биде истовремено психолог, педагог или, пак, правник.

Непочитувањето на стручните постапки во овој случај во делот на процената доведува до несоодветна процена на стручниот тим, која понатаму се одразува на изборот на згрижувачките семејства, а потоа тоа се рефлектира во грижата на децата. Затоа стручните работници треба многу посериозно да ја сфатат фазата на процена, но не само оваа фаза туку целосното стручно постапување по оваа проблематика.

Од страна на педагогот и на психолозите што беа опфатени со истражувањето беше истакнато дека тие не се вклучувале во сите фази во постапувањето бидејќи работеле и на други категории корисници. Според нив, инцидентното вклучување во работата со згрижувачите им претставувало

проблем во работењето, бидејќи преку една или две средби, во зависност од времето, не можеле да направат правилна процена на згрижувачите.

Исто така заклучокот од претходната хипотеза дека стручните работници од центрите за социјална работа не даваат континуирана стручна помош и поддршка е уште еден показател дека не се почитуваат законската регулатива и стручно-методолошките упатства.

Делумно почитување на законската регулатива и на стручното постапување имаме и во ситуации кога треба да соработуваат два центра за социјална работа: едниот центар за социјална работа е надлежен за згрижувачкото семејство, а другиот центар за детето што е сместено во згрижувачкото семејство. Во ваквите ситуации секој центар постапува во согласност со своите интереси.

Веднаш се наметнува прашањето што значи тоа „свои интереси". На пример, ако ЦСР-Штип има потреба од сместување дете во згрижувачко семејство и има сознанија дека ЦСР-Прилеп има згрижувачко семејство, тогаш ЦСР-Штип без да побара и да добие согласност од ЦСР-Прилеп, а и без да го информира, си го сместува детето, значи без да знае ЦСР-Прилеп.

Во ваквите ситуации каде што имаме постапување на два центра за социјална работа може да се констатира дека прво не постои колегијалност, а за законско и стручно почитување не станува збор. Не само што не се почитуваат постапките туку не постои соработка, но затоа постои основа за почнување проблеми во реализирањето на постапката при сместување во згрижувачко семејство, но сега во двата центра за социјална работа.

За овие недостатоци во работењето на центрите за социјална работа, како и во однос на спроведувањето на законските и подзаконските акти од страна на стручните работници во центрите за социјална работа, контрола врши Министерството за труд и социјална политика преку надлежниот сектор, и тоа Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и другите прописи од областа на социјалната заштита. Додека, пак, надзор над стручната работа на центрите за социјална работа спроведува Заводот за социјални дејности - Скопје.

Надзорот од страна на овие институции има за цел не само да ги открива недостатоците во работењето на центрите за социјална работа и да се

казнуваат вработените туку, напротив, има и функција на издигање на квалитетот на работата со корисниците.

Меѓутоа овие институции при надзорот исто така треба да ги согледаат и да ги проценат предусловите во однос на човечките ресурси, просторно-техничките услови и капацитети на центрите за социјална работа за спроведување на законската регулатива и на стручно-методолошките упатства за работа со корисниците изложени на социјален ризик.

Исто така треба сериозно да се размислува за овие центри за социјална работа каде што имаме развиено мрежа на згрижувачки семејства со голем број сместени деца, дека за нив треба да постојат посебни стручни тимови што ќе им бидат поддршка на згрижувачите, а не секогаш да провејува изреката „остави, па заборави", што значи смести го детето во згрижувачко семејство и заборави го.

## 3.Идентификување на личните карактеристики на згрижувачите

*Хипотеза бр. 3*

Згрижувачките семејства претставуваат најдобра вонинституционална форма на заштита за децата без родители и родителска грижа. Тие за голем број деца претставуваат замена за нивните родители за извесен временски период, но за некои деца претставуваат и трајна замена на нивните биолошки родители. За да можеме да го определиме пристапот на мобилниот тим што ќе им дава континуирана поддршка и помош на децата и на згрижувачките семејства во рамките на истражувањето моравме да се запознаеме со одредни статуси кај згрижувачите.

Претпоставуваме дека одредени лични карактеристики на згрижувачите (местото на живеење, возраста, степенот на образование, работниот статус, националната припадност и сл.) ќе го олеснат пристапот на мобилниот тим во поддршката, односно ќе помогнат подобро да се организираат и реализираат планираните активности, а со тоа ќе се превенираат одредени проблеми во пристапот. Со овие сознанија за згрижувачките семејства ќе се добијат

поцелосна слика за згрижувачите и соодветен пристап кон нив, за полесен третман кон сместените деца во рамките на нивните семејства.

Со истражувањето беа опфатени 58 згрижувачки семејства од Прилеп, Македонски Брод со селото Манастирец и од Крушево.

Значаен податок за згрижувачките семејства ни беше ***местото на живеење на згрижувачите (град-село).*** Местото на живеење на згрижувачките семејства е значаен податок во истражувањето за да може да се планираат активностите, динамиката и превозот на членовите на мобилниот тим. Тоа се предуслови што треба да бидат обезбедени за добро да биде организирана нивната посета во згрижувачкото семејство.

Според податоците добиени од истражувањето според местото на живеење на згрижувачките семејства, можеме да констатираме дека поголемиот број од нив, или 81,04% живеат во град, а 18,96% живеат на село. Од податоците што се однесуваат за Македонски Брод, 9 згрижувачки семејства се во градот, а другите 7 згрижувачки семејства се во селото Манастирец. Во Крушево сите згрижувачки семејства се во градот. Во Прилеп 83% од згрижувачите живеат во градот, а 17% во рурална средина.

**Табела бр. 5** - Тип на населеното место во кое живее згрижувачкото семејство

| **Ред. бр.** | **Тип на насел. место во кое живее згрижувачкото семејство** | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1 | Град | 47 | 81,04 |
| 2 | Село | 11 | 18,96 |
| | Вкупно | 58 | 100 |

Овој податок беше анализиран бидејќи претпоставуваме дека е можно да се појават тешкотии во спроведувањето на активностите со сместените деца во Македонски Брод, во селото Манастирец и во Крушево, бидејќи се пооддалечени, а членовите на мобилниот тим се од Прилеп.

Овој податок се потврди дека е значаен бидејќи членовите на мобилниот тим немаа проблеми во организирањето и реализирањето на активностите и ги реализираа сите предвидени активности на терен.

За полесен пристап од страна на мобилниот тим беа согледани и ***возраста на згрижувачите, здравствената состојба и степенот на образование.***

Според добиените податоци од истражувањето, во трите општини се констатира дека најголем процент на застапеност се згрижувачи на возраст од 41 до 50 година (55,17%). Приближно се застапени згрижувачите во возрасните групи 51-60 год. (20,08%) и згрижувачите во возрасната група од 31 до 40 год. (17,2%).

**Табела бр. 6** - Возраста на згрижувачите

| **Ред. бр.** | **Возраст на згрижувачите** | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1 | 25-30 год. | 1 | 1,72 |
| 2 | 31-40 год. | 10 | 17,2 |
| 3 | 41-50 год. | 32 | 55,17 |
| 4 | 51-60 год. | 12 | 20,08 |
| 5 | 61-65 год. | 3 | 5,17 |
| | Вкупно | 58 | 100 |

Од податоците што се однесуваат на ***здравствената состојба* на згрижувачите** во трите општини, Македонски Брод, Прилеп и Крушево, може да се констатира дека се во добра здравствена состојба.

**Табела бр. 7** - Степен на образование на жената-згрижувач

| **Ред. бр.** | **Степен на образование** | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1. | Без образование | 1 | 1,72 |
| 2. | Основно образование | 28 | 48,27 |
| 3. | Средно образование | 26 | 44,83 |
| 4. | Вишо образование | / | / |
| 5. | Високо образование | 3 | 5,17 |

**Табела бр. 8** - Степен на образование на мажот-згрижувач

| **Ред. бр.** | **Степен на образование** | **Вкупно** | % |
|---|---|---|---|
| 1. | Без образование | / | |
| 2. | Основно образование | 15 | 31,25 |
| 3. | Средно образование | 30 | 61,5% |
| 4. | Вишо образование | / | / |
| 5. | Високо образование | 3 | 6,25 |
| | Вкупно | 48 | 100 |

Според степенот на образованието, структурата на анкетираните испитаници покажува дека 28 жени се со основно образование, 26 жени се со средно образование, 3 жени се со високо образование и 1 жена е без образование. Додека, пак, од податоците што се однесуваат на степенот на образование на мажот-згрижувач може да се констатира дека најголем број од нив, 30 мажи, се со средно образование, 15 се со основно образование и 3 мажи се со високо образование.

Горенаведените сознанија што се однесуваат на возраста на згрижувачите, здравствената состојба и на степенот на образование за згрижувачките семејства ја потврдија хипотезата дека тие се значајни информации за организирање на мобилниот тим. Всушност тие претставуваат предуслов за добро организирање на активностите на мобилниот тим во поддршката на сместените деца.

Поголемиот број згрижувачите се во возрасна група (31-50 год.), возраст кој нема да претставува проблем за за совладување нови знаења и вештини. Исто така олеснителна околност е тоа што се во добра здравствена состојба и поголемиот број од нив се со средно образование.

Оваа констатација е потврдена и од страна на членовите на мобилниот тим со кои разговаравме на работните средби во почетокот, пред почнувањето на нивната работа на терен и на следните средби во текот на спроведувањето на активностите. Според нив, овие сознанија претставуваа предуслов, основа, за да можат да ги приспособат нивото на комуникација, изборот на активности

што треба да ги применат кон згрижувачите, советите и насоките како тие да ги спроведат со сместените деца, со еден збор им го олесниле пристапот во работата.

Доколку ги немавме овие сознанија, членовите на мобилниот тим ќе мораа во директната работа со згрижувачите да ги откриваат и тогаш да се приспособуваат. Практиката покажува дека колку повеќе знаеме за целната група со која треба да работиме, толку е полесно да го определиме нашиот пристап кон неа.

Исто така значаен податок што ни беше во функција на олеснување на пристапот на мобилниот тим кон згрижувачките семејства во поддршката на сместените деца е и ***работниот статус на згрижувачите.***

Според податоците добиени од истражувањето што се однесуваат на работниот статус на згрижувачите и на згрижувачките поединечно, може да се констатира дека и во двата случаја најголем процент од нив се невработени (68,97% кај жените и 45,83% кај мажите). Додека, пак, во однос на бројот на вработени може да се констатира дека е поголем бројот на вработени мажи (39,58%) во однос на жени (15,51%). Бидејќи поголемиот број згрижувачи не се вработени, тие се посветени на грижата како на сопствените деца така и на сместените деца.

**Табела бр. 9** - Работен статус на жената-згрижувач

| Ред. бр. | Работен статус на жената | Прилеп | % | М. Брод | % | Круше во | % | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вработена | 3 | 10,34 | 4 | 25 | 2 | 15,37 | 9 | 15,51 |
| 2 | Невработена | 22 | 75,86 | 11 | 68,75 | 7 | 53,87 | 40 | 68,98 |
| | Пензионерка | 4 | 13,80 | 1 | 6,25 | 4 | 30,76 | 9 | 15,51 |
| | **Вкупно** | **29** | **100** | **16** | **100** | **13** | **100** | **58** | **100** |

**Табела бр. 10** - Работен статус на мажот-згрижувач

| Ред. бр. | 1. Работен статус на мажот | Прилеп | % | М. Брод | % | Круше во | % | Вку пно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вработен | 8 | 36,36 | 6 | 40 | 5 | 45,45 | 19 | 39,59 |
| 2 | Невработен | 11 | 50 | 7 | 46,67 | 4 | 36,36 | 22 | 45,83 |
| 3 | Пензионер | 3 | 13,64 | 2 | 13,33 | 2 | 18,19 | 7 | 14,45 |
| | **Вкупно** | **22** | **100** | **15** | **100** | **11** | **100** | **48** | **100** |

Податоците што се однесуваат на *работниот статус* на згрижувачите (жени-мажи) се покажа дека се значајни за работата на членовите на мобилниот тим, бидејќи според нив ја определувале динамиката на влегување во згрижувачките семејства и ги имале предвид дневните работни и други активности на згрижувачите.

Исто така со истражувањето беа опфатени и ***националната припадност на згрижувачките семејства и јазикот на кој зборуваат***, за мобилниот тим полесно да ги организира и да ги спроведе активностите.

Од податоците што ги добивме од истражувањето што се однесуваат на националната припадност може да се констатира дека 54% се Македонци, 28% се Роми, 12% се Власи и 6% се од другите националности.

Се покажа дека овие податоци се значајни, бидејќи мобилниот тим внимаваше при влегувањето во семејствата на нивните обичаи и, нормално, на нивните празници. Не ги вознемируваа за време кога тие одбележуваат некој празник, настан и слично.

Се покажа дека и податокот за јазикот на кој комуницираат е многу значаен за да може да се реализираат активностите. Мобилниот тим немаше проблеми бидејќи сите згрижувачи и сместени деца добро го зборуваат македонскиот јазик и немаше потреба од ангажирање преведувач.

Значењето на овие податоци беше потврдено и од страна на членовите на мобилниот тим. Според нив, доколку ги немале овие сознанија, а на терен се појавела потреба од преведувач, тогаш не ќе можеле да ги спроведат активностите и ќе загубеле време во наоѓање нов начин на организирање на активностите.

За полесно и организирано спроведување на активностите на мобилниот тим што се дел од нашето истражување беа и сознанијата добиени за ***бројот на деца во едно згрижувачко семејство.***

За да се добие целосна слика за секоја општина е направена посебна процена на бројот на деца во едно згрижувачко семејство, за да може мобилниот тим да ги планира своите активности и динамиката како со децата така и со згрижувачките семејства во однос на секое дете. Според бројот на децата во едно згрижувачко семејство, ја имаме следнава состојба:

Во Македонски Брод, заедно со селото Манастирец, 23 деца се сместени во згрижувачките семејства по следниот распоред:

- 6 згрижувачки семејства со едно дете
- 7 згрижувачки семејства со две деца

Во Прилеп 55-те деца што се сместени во згрижувачките семејства се распоредени на следниов начин:

- 11 згрижувачки семејства со едно дете
- 11 згрижувачки семејства со две деца
- 6 згрижувачки семејства со три деца
- 1 згрижувачко семејство со 4 деца

Според податоците добиени од согледувањата на згрижувачките семејства во Крушево, каде што се сместени 23 деца, се распоредени на следниов начин:

- 6 згрижувачки семејства со едно дете
- 1 згрижувачко семејство со 2 возрасни лица
- 5 згрижувачки семејства со три деца

Се покажа дека овие податоци се значајни затоа што мобилниот тим имаше јасна слика во која општина колкав е бројот на згрижувачки семејства и по колку деца има во едно згрижувачко семејство. Тие полесно ја организираа динамиката на работа со децата сместени во згрижувачките семејства.

За сите горенаведени информации за згрижувачките семејства мобилниот тим имаше формулар во кој беа внесени сите податоци, како за згрижувачот така и за детето, и веднаш имаа претстава за какво семејство и дете станува збор.

Овие сознанијата што беа добиени за одредени карактеристики за згрижувачките семејства ја потврдија нашата трета хипотеза во истражувањето дека сите тие се значајни за да се определи соодветна поддршка од страна на

мобилниот тим.,со тоа им се овозможи на мобилниот тим побрз и полесен нашин на организирање на активностите,а исто така и подобра организација на самите активности во склад со капацитетите на згрижувачите.

## 4. Идентификување на потребата од континуирана поддршка за сместените деца во згрижувачките семејства

*Хипотеза бр. 4*

За правилно определување на помошта и на поддршката за сместените деца во згрижувачките семејства е потребно прво да се направи процена, т.е. да се идентификуваат потребите што ги имаат децата, а тоа значи дека истовремено треба да се согледаат и потребите на згрижувачите во однос на грижата за детето што е сместено кај нив. Согледувањето на потребите на сместените деца во згрижувачките семејства во трите општини, Македонски Брод, Прилеп и Крушево, беше спроведено преку непосредна работа со децата, увид за секое дете и интервју со детето во согласност со возраста и со здравствената состојба, но и со укажувања од страна на згрижувачите.

За да можат да се дефинираат потребите на сместените деца беа согледани одредени карактеристики кај децата, за да се добие поцелосна слика за целната група со која ќе работи мобилниот тим, односно да се запознае со структурата на децата.

Во однос на сместените деца во згрижувачките семејства беа согледани податоците што се однесуваат на: полот, возраста, здравствената состојба, националната припадност, јазикот на кој зборуваат и вклученоста во воспитно-образовниот процес. Но, секако, за мобилниот тим се најзначајни конкретните потреби што ги имаат сместените деца, и тоа во однос на културните, хигиенските навики, говорот, моториката, социјализацијата, навиките за учење, работните навики и слично во согласност со возраста и со здравствената состојба.

Со истражувањето се опфатени 101 дете сместени во трите општини, и тоа Македонски Брод и с. Манастирец - 23 деца, Прилеп - 55 деца и Крушево - 23 деца.

Податоците за сместените деца *според полот* укажуваат дека за 13,26% се повеќе женски во однос на машките деца, односно имаме 56,43% женски и 43,57% машки деца. Овие податоци се согледани за да помогнат во организирањето на содржините на активностите за работа со децата доколку тие зависат од полот.

**Табела бр. 11** - Податоци за згрижените деца во трите општини според полот

| Ред. бр. | Според полот | Вкупен број | % |
|---|---|---|---|
| **1** | Женски | 57 | 56,43 |
| **2** | Машки | 44 | 43,57 |
| | **Вкупно** | **101** | **100** |

***Возраст***

Според податоците добиени од истражувањето во однос на возраста на сместените деца во згрижувачките семејства, може да се констатира дека е еднаков процентот на застапеност на децата во возрасни групи до 6-годишна возраст и децата од 7 до 10-годишна возраст (29,70%). Потоа се децата во возрасната група од 11 до 24 години (21,78%), а помалку се застапени децата во возрасната група од 15 до 18 години и над 18-годишна возраст (7,92%).

**Табела бр. 12** - Возраст на згрижените деца сместени во трите општини

| Ред. бр. | Возраст на згриж. деца | Вкупно | % | М. Брод | % | Прилеп | % | Крушево | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | до 6 год. | 30 | 29,70 | 4 | 17,39 | 19 | 34,55 | 7 | 30,44 |
| **2** | 7-10 год. | 30 | 29,70 | 9 | 39,13 | 13 | 23,63 | 8 | 34,78 |
| **3** | 11-14 год. | 22 | 21,78 | 3 | 13,04 | 15 | 27,27 | 4 | 17,40 |
| **4** | 15-18 год. | 11 | 10,90 | 4 | 17,40 | 5 | 9,10 | 2 | 8,69 |
| **5** | над 18 год. | 8 | 7,92 | 3 | 13,04 | 3 | 5,45 | 2 | 8,69 |
| | **Вкупно** | **101** | **100** | **23** | **100** | **55** | **100** | **23** | **100** |

Според добиените податоци што се однесуваат на возраста на децата, може да се констатира дека се застапени сите возрасни групи, во помал процент децата од 15 до 18 години (10,90%) и над 18-годишна возраст (7,92%).

Од децата што се сместени во згрижувачките семејства што се со добра здравствена состојба (36 деца) според возраста ја имаме следнава состојба:

**Табела бр. 13** - Возраст на згрижени здрави деца во трите општини

| **Ред. бр.** | **Возраст на згрижените здрави деца** | **Вкупен број здрави деца** |
|---|---|---|
| 1 | до 6 год. | 9 |
| 2 | 7-10 год. | 17 |
| 3 | 11-14 год. | 9 |
| 4 | 15-18 год. | 1 |
| | Вкупно | 36 |

Овој податок за оваа група на деца е посебно издвоен бидејќи потребите на овие деца и пристапот за работа со нив се различни во однос на децата со посебни потреби. Потребите на овие деца се различни, поголемиот број од нив се на училишна возраст и со нив ќе работи педагог, но, се разбира, доколку има потреба, ќе бидат вклучени и логопед и ортопед.

## Национална припадност

Според добиените податоци што се однесуваат на националната припадност на децата, може да се констатира дека најмногу се застапени децата со македонска национална припадност (55,44%), потоа од ромската (31,69%), помалку се застапени децата од другите националности (Албанци, Власи, Бошњаци и сл.).

**Табела бр. 14** - Национална припадност на децата згрижени во трите општини

| Ред. бр. | Национална припадност на сместените деца | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **1** | Македонци | 56 | 55,44 |
| 2 | Роми | 32 | 31,69 |
| 3 | Албанци | 2 | 1,98 |
| 4 | Бошњаци | 3 | 2,97 |
| 5 | Турци | *3* | 2,97 |
| 6 | Друго | *5* | 4,95 |
| | Вкупно | 101 | 100 |

Во истражувањето податокот за националната припадност на децата сместени во згрижувачко семејство е согледан за да им помогне на членовите на мобилниот тим да ги организираат времето и активностите, притоа почитувајќи ги празниците и обичаите на децата од сите национални припадности. Се потврди дека сознанијата за овој податок се корисни при организирањето на активностите со децата од страна на мобилниот тим.

**<u>Здравствена состојба на децата</u>**

За да се согледаат потребите на децата сместени во згрижувачко семејство и да се избере соодветен мобилен тим за нивна поддршка од големо значење е податокот за здравствената состојба на децата.

Во однос на здравствената состојба, освен што се анализира податокот колку од децата се здрави или пак со посебни потреби, се анализираа и податоците: дали и колку од нив примале вакцина, дали се здравствено осигурени, дали имаат потреба од некоја медицинска интервенција и каква, дали имаат потреба од помагала и какви и слично. Исто така значен податок беше и каква била досегашната здравствена состојба на детето откога е сместено во конкретното згрижувачко семејство и каде најчесто ги добивало здравствените услуги во грижата за неговото здравје.

Од спроведеното истражување се констатира дека, од вкупно 101 сместено дете, 36 деца се здрави (35,64%), а 65 (64,35%) се деца со посебни

потреби, односно со умерени, тешки или, пак, со комбинирани пречки во развојот, опфатени со процесот на деинституционализација на деца што беа сместени во Специјалниот завод-Демир Капија.

Во однос на другите податоци може да се констатира дека 84% од децата се вакцинирани во согласност со возраста и со здравствената состојба, а преостанатите 16% од децата, Ромчиња што доаѓаат од биолошко семејство, не ги примиле сите вакцини, но откога престојуваат во згрижувачкото семејство редовно биле вакцинирани.

И од страна на членовите на мобилниот тим беше потврдено дека овие податоци се значајни. Кога тие започнаа да работат непосредно со децата веќе ги имаа основните информации за секое дете каков вид и степен на попреченост има, дали е вакцинирано, дали има потреба од медицинска интервенција и помагала, дали е осигурено. Тоа им овозможи подобро и поорганизирано да ги планираат активностите и насоките што треба да им ги дадат на згрижувачите.

Во однос на клучното прашање на истражувањето, каква стручна помош им е потребна на децата и на згрижувачите во однос на грижата за здравјето на детето и за издигање на целокупниот квалитет на грижа, може да се констатира дека кај децата со попреченост, во согласност со видот и со степенот на нивната попреченост, има потреба од ангажирање стручни лица што ќе им помогнат во надминувањето на одредени проблеми во однос на говорот, движењето, фината моторика, координацијата на екстремитетите, стекнувањето на културно-хигиенските навики, навиките за исхрана и слично.

Во однос на децата со добра здравствена состојба сместени во згрижувачките семејства има потреба од стручна помош во однос на грижата за здравјето, превенција, во однос на учењето и стекнувањето на културно-хигиенските и работните навики.

Овие информации добиени од истражувањето се клучни, бидејќи претставуваат основа врз која треба да се направи правилен избор на членовите на мобилниот тим, а исто така и почетно сознание за потребите на сместените деца. Добиените сознанија за потребите на децата се од големо значење за членовите на мобилниот тим. Врз основа на овие сознанија тие ќе можат да ги планираат активностите, динамиката и пристапот кон децата и згрижувачите.

**Вклученост во воспитно-образовниот процес**

Во истражувањето исто така е опфатен и воспитно-образовниот сегмент преку неколку прашања дали детето учи, каков успех и поведение покажува, како учи, прашања што се однесуваат на културно-хигиенските и работните навики, како и со кого го поминува слободното време.

Од податоците добиени од истражувањето се констатира дека од 36-те деца што имаат добра здравствена состојба и се на училишна возраст, 27 се вклучени во воспитно-образовниот процес, редовно посетуваат настава, а успехот е во согласност со нивните капацитети (одличен успех - 8 деца, многу добар успех - 12 деца, добар - 5 деца и доволен - 2 деца).

Од разговорот со децата може да се констатира дека тие најчесто учат сами, но кога нешто не можат да совладаат и да го решат проблемот бараат помош од згрижувачите или, пак, од нивните деца. Но има и деца (4 деца) што бараат помош од другарчињата со кои учат.

Се покажа дека овие податоци е значајно да се знаат претходно за да може педагогот да ги дефинира активностите и содржините за работа со децата. Тоа беше потврдено и од страна на педагогот, бидејќи информациите за бројот на здрави деца, возраста, полот, националната припадност вклученоста во воспитно-образовниот процес, како и за потребите на децата се основата за да се започне со планирањето и димензионирањето на активностите и со определувањето на содржините, методите и техниките на работа со децата.

Во однос на процената на потребите на децата што имаат добра здравствена состојба најголема потреба се покажа за стручна помош во совладувањето на културно-хигиенските и работните навики, како и во делот за организирање на слободното време.

Од разговорот со децата и со згрижувачите може да се констатира дека, и покрај тоа што поголем број од нив доаѓаат од биолошко семејство, немаат изградено културно-хигиенски и работни навики и не знаат да го организираат слободното време. Згрижувачите се трудат да им помогнат на децата, но за тоа им е потребна стручна помош, за да им се даде совет, да им се покаже начинот како да го постигнат тоа кај децата.

Од искажувањето од страна на здравите деца во однос на нивните потреби ги имаме следниве изјави.

В.П., 9 години: „Јас сакам да ми помогнат да научам како да си ја уредам мојата соба и како да се дружам со други деца".

М.С., момче, 11 години: „Сакам да научам како да го организирам времето за учење и некои од хигиенските навики. Не сакам да се бањам".

Б.И., девојче, 5 години: „Сакам да научам многу работи за правилно и сама да јадам, да се облекувам, да си играм. Сѐ сакам".

С.Н., девојче, 14 години: „Сакам да знам многу работи: како да готвам и да пеглам. Сакам да научам сама да учам и правила на однесување".

И.Т., момче, 6 години: „Сакам да знам сам да си ги мијам забите и да се облекувам, ама и да не ми е страв да спијам сам. Не знам да читам. Сакам да научам, ама како кога не можам сам".

Во однос на потребите на децата со посебни потреби сместени во згрижувачките семејства беше констатирано дека со нив треба да се работи на стекнување навики, развивање на говорот, моториката и слично.

Утврдувањето на потребите на здравите деца и на децата со посебни потреби и дефинирањето на улогата на секој стручен профил, во мобилниот тим ја потврдија хипотезата дека децата сместени во згрижувачките семејства имаат потреба од континуирана стручна помош и поддршка.

## 5.Расположливи ресурси на трите општини за задоволување на потребите на децата сместени во згрижувачко семејство

*Хипотеза бр. 5*

За да се развие мрежата на згрижувачки семејства во една општина, покрај тоа што треба да се ангажираат стручните работници од центарот за социјална работа, потребно е да се воспостави и добра соработка со општината. Тоа значи од една страна да се мапираат ресурсите што постојат во општината (училишта, здравствени установи, граѓански организации и сл.) што треба да им бидат поддршка на згрижувачките семејства за сместените деца, а од друга страна самата локална самоуправа да процени преку кои бенефиции може да поттикне за да се развие мрежата на локално ниво на

пример: преку намалување комунални услуги, бесплатни карти за превоз за одење на лекување надвор од општината и сл.

Во нашиот случај во трите избрани општини веќе ја имаме развиено мрежата, но немаме сознанија за ресурсите на локално ниво, па затоа, за да ја потврдиме петтата хипотеза дека одредени општини немаат ресурси, спроведовме мапирање на ресурсите на локално ниво (училишта, здравствени установи, граѓански организации и сл.).

Овие сознанија ни беа значајни за да направивме согледување кои ресурси постојат, кои невладини организации можат да ни бидат поддршка, за да му укажеме на центарот за социјална работа за понатаму какви деца ќе може да сместува, и заинтересираните граѓани што ги исполнуваат условите да бидат згрижувачи правилно да бидат насочени.

За секој центар за социјална работа од големо значење е да знае кои ресурси функционираат на локално ниво, особено во делот на сместување деца во згрижувачки семејства од други општини, за да може да го информира стручниот тим од другиот центар за социјална работа дали постои можност за сместување таков корисник каков што бара за да може да се одговори на потребите на самиот корисник.

Во прашалникот за општината се содржани информации за владините установи што ги има на локално ниво, за стручните лица што работат и за невладиниот сектор што функционира во општината.

**Ресурси во општината Прилеп**

Во однос на општината Прилеп, од информациите што ги добивме од истражувањето може да констатираме дека општината Прилеп се наоѓа во централниот дел од јужното подрачје на Република Македонија. Според статистичките податоци од 2002 година, во оваа општина живеат 76.768 жители. Во составот на територијата на општината Прилеп спаѓаат и општините Витолиште и Тополчани. Во рамките на општината има 59 населени места.

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа е надлежен за Прилеп, Долнени и за Кривогаштани. Според националната структура, во оваа општина

живеат Македонци (70.878), Роми (4.433), Турци (917), Срби (172), Бошњаци, Албанци, Власи и друго.

Во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа веќе подолго време е развиена формата сместување во згрижувачко семејство. Со процесот на деинституционализација, кој започна во 2000 година, со децата од Специјалниот завод - Демир Капија, бројот на згрижувачки семејства, а истовремено и бројот на згрижени деца се зголеми.

Во центарот за социјална работа има регистрирано 29 згрижувачки семејства, во кои има згрижено 55 деца, а има и 5 потенцијални згрижувачки семејства.

Од ресурсите од социјална и детска заштита во општината Прилеп има: 4 детски градинки, кои опфаќаат деца од 9-месечна до 7-годишна возраст, и дневен центар за деца со посебни потреби, во кој моментално престојуваат 25 корисници.

Од образовниот систем во општината има:

- ✓ 7 основни училишта, а во едно од нив има специјални паралелки за деца со посебни потреби
- ✓ 5 средни училишта со следнава стручната подготовка: гимназиска, економска, хемиско-тутунска, електро-машинска, медицинска, дрвна, рударска, текстилна, козметичко-фризерска
- ✓ високообразовни институции - Економскиот факултет

Од здравствените установи, во оваа општина има медицински центар, завод за здравствена заштита и градска болница. Во рамките на овие установи се вклучени сите потребни одделенија и лекари-специјалисти и друг медицински персонал.

Од невладиниот сектор на локално ниво има центар за граѓанска иницијатива и други невладини организации, со кои Центарот за социјална работа досега нема воспоставено соработка.

Во однос на општината Прилеп може да се констатира дека е општина во која има ресурси како од образовен така и од здравствен аспект. Овие институции можат да бидат поддршка за задоволување на потребите на сместените деца, како на здравите така и на децата со посебни потреби.

Во однос на невладиниот сектор позитивно е што постојат невладини организации, но овие организации не можат да дејствуваат издвоено, многу

подобро е кога истите тие ќе се стават во функција на поддршка на владините институции, во овој случај на центрите за социјална работа, со посебен акцент на згрижувачките семејства.

Во иднина е потребно да се работи на воспоставување соработка на центарот за социјална работа со невладините организации и таа да се темели врз претходно подготвена програма со јасно дефинирани активности, динамика, одговорности и начин на реализација, како и меѓусебно да се информираат за спроведените активности.

Исто така е потребно центарот за социјална работа да го издигне нивото на соработката со локалната самоуправа, да најдат заеднички одредени бенефиции за згрижувачите, кои ќе бидат во насока на издигање на квалитетот на грижа кон сместените деца и мотивирање други згрижувачки семејства.

Доколку овој центар за социјална работа ја воспостави, организира и во континуитет ја подобрува соработката со владините и невладините ресурси на локално ниво, нема да има потреба од нови вработувања, но ако го работи сам, без поддршка од преостанатите ресурси, тогаш има потреба од вработување нови стручни лица. Во иднина со процесот на децентрализација сè повеќе ќе се јакне улогата на локалната самоуправа, а тоа значи дека и центарот за социјална работа ќе треба да се насочува кон користење на ресурсите на локално ниво.

## Ресурси во општината Македонски Брод

Од информациите што ги добивме за општината Македонски Брод може да се констатира дека М. Брод е еден од помалите градови во Македонија, кој се наоѓа во поречката област. Во оваа општина, според статистичките податоци од 2002 година, живеат 3.936 жители (според ДЗС, www.stat.gov.mk).

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа е одговорен за општините М. Брод и Пласница. Во овој центар за социјална работа се вработени двајца стручни работници, од кои едниот е директор и психолог, а другиот е социјален работник, кои работат на сите проблематики.

Бидејќи овој центар за социјална работа има развиено мрежа на згрижувачки семејства и детски центар за децата со посебни потреби во селото

Манастирец потребно е во центарот да се вработи стручен кадар, за да може да одговори на потребите на граѓаните. Според законските прописи, за да може секој центар за социјална работа да функционира како центар е потребно да има минимум еден стручен тим, составен од правник, социјален работник, психолог и од педагог. Овој центар за социјална работа не ги исполнува законските услови. Тоа значи дека не треба да биде центар туку организациска единица на некој поголем центар за социјална работа.

Во општината Македонски Брод има една детска градинка, едно основно училиште и едно средно училиште (гимназија).

Од здравствени институции, има здравствен дом, во чии рамки се следниве специјалистички служби: школска медицина, интернист, очен лекар и гинеколог.

Невладини организации што дејствуваат во ова општина има само две, и тоа едната е „Виножито", а другата е Здружението на згрижувачките семејства, но центарот нема реализирано активности со овие организации.

Центарот за социјална работа во Македонски Брод, во соработка со општината, има започнато активности за отворање дневен центар за деца со посебни потреби во рамките на детска градинка, но сè уште не се реализирани докрај и не е отворен дневниот центар.

Центарот за социјална работа има добра соработка со општината и во иднина е потребно да се продолжи со соработката, како во насока на отворање на дневен центар исто така и за развивање други услуги на локално ниво во согласност со потребите на граѓаните. Исто така локалната самоуправа може да помогне со давање одредени бенефиции за згрижувачките семејства, кои ќе бидат во насока на издигање на квалитетот на грижа кон сместените деца и мотивирање други згрижувачки семејства.

Во однос на преостанатите ресурси, може да се констатира дека за сместување здрави деца во згрижувачките семејства постојат предуслови, меѓутоа за деца со посебни потреби, кои имаат специфични потреби, нема ресурси во здравство, а исто така нема ниту дневен центар за деца со посебни потреби.

Центарот за социјална работа, како носечки ресурс во примената на формата сместување во згрижувачко семејство што треба да им обезбеди континуирана поддршка на сместените деца во згрижувачко семејство, не може

да одговори во целост на потребите на децата бидејќи нема комплетен стручен тим (педагог и правник), а преостанатите стручни работници работат на сите категории корисници актуелни на локално ниво.

Во однос на невладиниот сектор е потребно центарот за социјална работа да оствари соработка и заеднички да дефинираат активности за поддршка на корисниците од социјална заштита.

Со истражувањето се опфатени и ресурсите во селото Манастирец, бидејќи во него има згрижувачки семејства во кои се сместени деца со посебни потреби.

Селото Манастирец има 150 жители, едно основно училиште и детски центар за децата со посебни потреби сместени во згрижувачките семејства и за децата на помала возраст што живеат во селото. Детскиот центар е отворен за децата што се сместени во згрижувачките семејства, а тие се претежно деца со посебни потреби, но никој во центарот не работи со нив, бидејќи самиот центар за социјална работа има недостиг од стручен кадар.

За да може овој детски центар да функционира како центар во кој на организиран начин ќе се работи со децата во насока на нивна социјализација и стекнување културно-хигиенски навики во согласност со нивниот степен на развој и потреби, потребно е да се вработат минимум две стручни лица.

Во селото нема здравствена установа и жителите што имаат потреба најчесто одат во Македонски Брод.

Од непосредниот увид во згрижувачките семејства може да се констатира дека згрижувачите добро се грижат за децата, но во многу отежнати околности, бидејќи немаат ресурси за поддршка (педијатар, психијатар, дефектолог, ортопед, стоматолог и слично), за да се консултираат за одредени проблеми што се јавуваат во грижата за сместените деца.

Позитивните промени што се постигнуваат кај сместените деца во селото Манастирец се резултат на голем број фактори, како што се: чистиот воздух, здравата храна, мирната средина, љубовта, негата и грижата што им ги даваат згрижувачите, но за да им се олесни во грижата на децата е потребна поголема стручна поддршка.

Според добиените сознанија од истражувањето, може да се констатира дека општината Македонски Брод со селото Манастирец ги нема потребните предуслови во однос на ресурсите за згрижување деца со посебни потреби и за

понатамошно ширење на мрежата со нови згрижувачки семејства. Со резултатите од мапирањето на ресурсите на локално ниво се потврди поставената хипотеза дека оваа општина ги нема потребните ресурси на локално ниво за да им излезе во пресрет на потребите на сместените деца, во овој случај на децата со посебни потреби.

## Ресурси во општината Крушево

Во мапирањето на ресурсите на локално ниво со истражувањето исто така е опфатена и општината Крушево. Општината Крушево се наоѓа во централниот дел на Република Македонија. Според последниот попис, во 2002 година, Крушево има 9.684 жители и влегува во помалите општини (според ДЗС, www.stat.gov.mk).

Во оваа општина има 2 основни училишта и 1 средно училиште, во кои годишно се образоваат околу 1.178 ученици. Исто така има и една предучилишна установа, во која се опфатени 50 деца. Во општината функционира и дневен центар за деца со посебни потреби, во кој престојуваат 10 деца.

Од сознанијата добиени во истражувањето што се однесува на мапирање на ресурсите на општината Крушево може да се констатира дека во оваа општина има можност да се згрижат деца, но пред сè здрави деца на помала возраст, за деца со физичка попреченост е потешко, бидејќи теренот не е пристапен за движење со инвалидска количка, како и за деца со посебни потреби, бидејќи општината нема развиени ресурси во делот на здравство, па најчесто ги користат ресурсите во Прилеп.

Исто така треба да се внимава мрежата на згрижувачки семејства да не се шири премногу, бидејќи центарот за социјална работа нема комплетен стручен тим (недостига психолог), а постојниот тим работи на сите категории корисници.

Со ова се потврдува и поставената хипотеза дека оваа општина ги нема потребните ресурси на локално ниво за да им излезе во пресрет на потребите на децата со посебни потреби.

## 6. Позитивни промени кај сместените деца во згрижувачките семејства од поддршката на мобилниот тим

*Хипотеза бр. 6*

За да се каже дека воведувањето мобилен тим како форма на поддршка на децата сместени во згрижувачко семејство е добро решение во работата со овие корисници мора да укажеме на промените што ги констатиравме со нашето истражување.

Мобилниот тим, кој беше составен од педагог, психолог, дефектолог, ортопед и логопед, започна да работи непосредно со децата и со згрижувачките семејства по направената процена на сместените деца и спроведеното истражување со згрижувачките семејства. Истражувањето се одвиваше во две фази, и тоа:

- Во првата фаза беа опфатени децата сместени во згрижувачките семејства во Прилеп и во Македонски Брод со селото Манастирец. Во период од 6 месеци непосредна работа мобилниот тим реализира:
  - 134 средби со 55 деца сместени во згрижувачките семејства во Прилеп
  - 60 средби со 23 деца сместени во згрижувачките семејства во Македонски Брод и во селото Манастирец
- Во втората фаза беа опфатени 23 деца сместени во згрижувачките семејства во Крушево. Во период од 6 месеци непосредна работа мобилниот тим реализира 75 средби.

Пред да започне со реализирање на активностите на терен мобилниот тим беше запознаен со сите активности што претстојат и со целта што треба да се постигне. Пред да влезат во згрижувачките семејства добија формулар со сите потребни податоци за детето и за згрижувачот, а секој од нив од непосредниот контакт реализира дополнителна процена за потребите.

Секој од стручните работници за постигнување на поставената цел применуваше одредени методи и техники на работа, и тоа: тријажен артикулативен тест, тест за развој на прелингвална фаза на говорот, тест за орална праксија, тест за развој на импресивен и експресивен говор, тест за дислексија и дисграфија, тест за латерализација, тест за процена на

психомоториката, Гудинав тест, тест за визуелна перцепција, тест за функционална способност по Ганзберг, процена на координацијата на движење, држење на телото, 'рбетот и на стапалата, практичен приказ на згрижувачот и на детето за спроведување на вежбите. Исто така беа применувани и метод на разговор, набљудување, покажување и слично.

Сите овие добиени сознанија за реализирани активности од страна на членовите на мобилниот тим беа евидентирани на соодветна листа (прилог 4: Протокол *за работа на членовите на мобилниот тим),* каде што се евидентирани името и презимето на детето, датумот кога е реализирана посетата, колку време траела посетата, содржината на работа, применетите методи и техники на работа, забелешката од страна на стручното лице. На оваа листа, каде што се бележеа сите информации, на крајот се потпишаа двете страни: стручното лице и згрижувачот.

Стручните лица, секој од свој аспект, работеа во согласност со потребите на децата. При реализирањето на овие средби секој од членовите на мобилниот тим во согласност со потребите на сместените деца во згрижувачките семејства спроведуваше одредени активности, и тоа:

- увид во документите (наод и мислење) на детето
- детекција на психофизичката состојба на детето, со процена на понатамошните потреби
- совети за орално-вербални перцепции, од пасивен во активен говор (имитација)
- совети за стекнување навики за контролирање на физиолошките потреби
- совети за стекнување навики за самостојно хранење со лажиче
- совети за стекнување хигиенски навики
- совети за стекнување работни навики (вештини за самостојно живеење)
- совети за стекнување навики за учење
- поддршка во осмислување активности за организирање на слободното време
- развој на фината моторика
- процена на координација и обем на движење

- вежби за раздвижување на екстремитетите и корективни положби за корекција на деформитетите на градите и на стапалата
- вежби за развивање на екстремитетите и корективни вежби за корекција на деформитети на градите и на главата

**Реализирани активности и постигнати промени кај децата од работата на педагогот**

Во трудот е направен приказ на постигнатите промени кај здравите деца како резултат на ангажманот на педагогот што беше дел од мобилниот тим. Педагогот работеше со вкупно 36 здрави деца, на возраст од 6 до 18 години, и тоа на: стекнување и развивање хигиенски, културни и работни навики, издигање на нивото на знаење преку работилници за организирање на слободното време, начини на учење, другарство, превенција од употреба и злоупотреба на дрога и други психотропни супстанции, за ХИВ и сида, како и реализирање активности за одбележување роденден, присуство на спортски натпревари и слично.

**Табела бр. 15 -** Возраст на згрижени здрави деца во трите општини

| **Ред. бр.** | **Возраст на згрижени здрави деца** | **Вкупен број здрави деца** |
|---|---|---|
| 1 | до 6 год. | 9 |
| 2 | 7-10 год. | 17 |
| 3 | 11-14 год. | 9 |
| 4 | 15-18 год. | 1 |
| | Вкупно | 36 |

Од податоците што се однесуваат на возраста на здравите деца со која работеше педагогот може да се констатира дека најголем број од нив се во возрасната група од 7 до 10-годишна возраст (17 деца), а потоа се децата на возраст од 11 до 14 години. Возраста и здравствената состојба се посебно издвоени во работата на педагогот затоа што овој стручен профил работи со здрави деца, а возрасните групи затоа што потребите на различна возраст се различни.

Во согласност со преземените активности и со примената на разни методи и техники на работа (индивидуална и групна работа, примена на интервју, набљудување, разговор и скала на процена на нивото на развиеност на навиките и сл.), педагогот со сите 36 деца со кои работеше ги постигна следниве промени:

- Во однос на стекнување и развивање на *хигиенските навики* се

работеше со сите 36 деца, и тоа на активности како што се хигиена на лице, тело, облека, обувки, простор и слично.

На почетокот, пред да се започне со активностите, 9 деца воопшто немаа развиено хигиенски навики, а делумно имаа развиено 21 дете. Со непосредна работа на педагогот со децата, како и насоките што им беа дадени на згрижувачите за да работат со децата, по 6 месеци работа се забележани следниве промени: од 9-те деца кај кои немаше развиено хигиенски навики, сега делумно ги применуваат сите 9 деца, а од оние 21 дете, кај 18 има целосна примена, а 3 деца се останати на истото ниво, нема промена (покажуваат отпор, не прифаќаат промени).

- Во однос на стекнувањето и на развивањето на *културните навики* се работеше со 26 деца, и тоа на културни навики во домот, спрема повозрасни и врсници во одредени ситуации и места и слично. Кај 10 деца немаше потреба, бидејќи културните навики им беа развиени на задоволително ниво и тие беа пример за преостанатите деца во групата кога имаа заеднички активности.

На почетокот, пред да се започне со активностите, 6 деца воопшто немаа развиено културни навики, а делумно имаа развиено 20 деца.

Со непосредна работа на педагогот со децата и со згрижувачите за да работат со децата, по 6 месеци работа се забележани следниве промени: 6-те деца кај кои немаше развиено културни навики сега се на ниво на делумно применување, а од оние 20 деца што делумно ги применуваа, кај 16 има целосна примена, а 4 деца се останати на истото ниво, нема промена (покажуваат отпор, не прифаќаат промени).

- Во однос на стекнувањето и на развивањето на *работните* навики се работеше со 23 деца, и тоа во насока на подготвување на масата за оброци, средување на креветот и на собата, помагање во уредувањето на внатрешниот простор и на дворот, набавката на продукти и слично. Совладувањето на работните навики беше најпроблематичниот дел, особено кај децата на возраст од 9 до 14-годишна возраст, кои даваа отпор во прифаќање на овие промени. Отпорот кај нив беше резултат на тоа што неколку месеци претходно имале работилница од страна на некоја невладина организација, која им зборувала за правата на детето и за злоупотреба на детскиот труд. Од страна на децата ни беше укажано дека преку овие активности ние сме ги малтретирале, а истовремено сме им ги загрозувале нивните права. Веднаш се организира работилница за промена на овие сфаќања и за укажување на позитивните придобивки од развивањето на навиките и на вештините што тие треба да ги поседуваат.

На почетокот, пред да се започне со активности, од вкупно 23 деца, 16 деца воопшто немаа развиено работни навики, а делумно имаа развиено 7 деца.

Со непосредна работа на педагогот со децата, како и со згрижувачите, за период од 6 месеци работа се забележани следниве промени: од 16-те деца кај кои немаше развиено работни навики, сега 7 деца делумно ги применуваат, а од оние 7 деца што делумно ги применуваа, кај 2 деца има целосна примена, а 5 деца останаа на истото ниво, нема промена (покажуваат отпор, не прифаќаат промени).

Покрај горенаведените активности, во непосредна работа со децата педагогот исто така реализира и работилници на различни теми, во согласност со возраста на децата. Работилниците беа организирани на следниве теми:

- Како да се организира слободното време
- Начини на учење
- Другарство
- Превенција од употреба и злоупотреба на дрога и други психотропни супстанции, за ХИВ и сида и слично, како и реализирање активности за одбележување роденден, присуство на спортски натпревари и слично.

Во однос на овие активности може да се констатира дека сите деца покажаа интерес и активно учествуваа на работилниците.

Покрај педагогот, кој беше член на мобилниот тим, дел од мобилниот тим беа и логопед, психолог, дефектолог и ортопед, кои исто така непосредно работеа со децата со посебни потреби и постигнаа значајни промени кај нив.

Овие промени во трудот ги даваме збирно за сите деца, не ги издвојуваме како посебни, но секако дека е значајно да се истакнат, бидејќи се постигнати преку несебично вложување на преостанатите членови на мобилниот тим, како и вложувањето на самите згрижувачи што директно ги применуваа советите кон сместените деца.

По спроведувањето на планираните активности со децата и со згрижувачите од страна на преостанатите членови на мобилниот тим кај децата со посебни потреби се забележани следниве промени:

- Подобрени културно-хигиенски навики, поздравување, миење раце, навикнување на нокшир (одвикнување од „памперс")
- Подобрени аудио и визуелни перцепции
- Подобрена и збогатена орално-вербална комуникација
- Почната фаза на имитација и вокализација на говорот
- Почнат логопедски третман во амбуланта
- Подобрена фината моторика и реедукација на психомоторика
- Почнати вежби во физикална терапија
- Почната примена на ортопедски помагала

Мобилниот тим во рамките на своите задачи имаше обврска на крајот од непосредната работа со децата и со згрижувачите да даде препораки за секое дете, на пример што е потребно понатаму да се работи со секое од нив. Тоа е реализирано од нивна страна, како доказ се листите што се наоѓаат во досието на секое дете.

Позитивните промени постигнати кај децата сместени во згрижувачките семејства во трите општини и промените во начинот на размислување и постапување на згрижувачите кон децата укажуваат на потребата од овој начин

на работа, односно поддршката од страна на мобилен тим во домашни услови да продолжи и понатаму.

Постигнатите промени укажуваат на потребата за создавање предуслови за негово продолжување, а тоа би можело да се постигне доколку Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство остварат соработка и јасно се дефинираат улогите, задачите и динамиката на секој стручен профил што би бил вклучен.

Позитивните резултати од функционирањето на мобилниот тим исто така укажуваат на потребата од комплетирање на стручните тимови во центрите за социјална работа со основниот стручен кадар, а исто така и вклучување дефектолог што ќе работи со децата со посебни потреби.

Позитивните промени кај децата и згрижувачите ја потврдија хипотезата дека мобилниот тим што директно ќе работи со деца сместени во згрижувачки семејства и со самите згрижувачи ќе даде позитивни промени кај сместените деца.

## 2. Компаративна анализа на заштитата на децата без родители сместени во згрижувачко семејство во Р. Македонија и во Р. Србија

За да ги согледаме достигнувањата на нашата држава во однос на заштитата на децата без родители и родителска грижа, а особено во примената на формата на заштита сместување во згрижувачко семејство, потребно е да се направи компарација со друга држава. Досега кај нас многу малку се спроведени вакви компаративни анализи, а исто така нема ни богати теоретски сознанија за оваа форма на заштита од страна на научната фела.

За да дојдеме до некои сознанија треба да одговориме на неколку прашања. Дали Р. Македонија е на вистинскиот пат во заштитата на децата без родители и родителска грижа? Дали нашите стручни работници се на вистинскиот пат во примената на законските и стручните постапувања при примената на формата сместување во згрижувачко семејство? Што е тоа што треба да го промениме за да бидеме подобри и поуспешни во примената на формата сместување во згрижувачко семејство?

За да добиеме одговор на овие прашања и да ги надминеме сите дилеми што ги имаме е потребно да направиме компарација со друг систем на грижа и да ги согледаме искуствата на други држави. Одговорот на овие прашања го побаравме во компарацијата на двата система на заштита на децата без родителска грижа на Р. Македонија и на Р. Србија, и тоа преку споредба на неколку прашања што се однесуваат на:

- правата и услугите на децата без родители и родителска грижа
- нормативната рамка на формата сместување во згрижувачко семејство
- состојбата на згрижувачките семејства (возраст, работен статус и број на сместени деца) и на сместените деца (пол, возраст и здравствена состојба)
- стручното постапување на стручните работници во примената на формата сместување во згрижувачко семејство
- здруженијата во функција на поддршка на згрижувачките семејства

На почетокот е даден приказ на состојбата во нашата држава во однос на горенаведените прашања, а потоа во Р. Србија.

## 1. ИСКУСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***- Права и услуги за децата без родители и родителска грижа -***

Во согласност со Законот за семејство („Сл. весник на РМ", бр. 83/2004), дете без родители и родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чие родители, без оглед на причините, привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Според податоци од електронската база ЛИРИКУС на Заводот за социјални дејности, во центрите за социјална работа во 2013 година се регистрирани вкупно 1.366 деца без родители и родителска грижа.

Оваа категорија деца, во согласност со законските прописи во Р. Македонија, се заштитуваат преку давање повеќе права и услуги, и тоа:

- Право на сместување во установа за социјална заштита
- Посвојување
- Сместување во згрижувачко семејство
- Право на парична помош
- Право на домување
- Парична помош на лице што до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа
- Право на парична помош за студирање

Своите права и услуги децата без родители и родителска грижа ги остваруваат во центарот за социјална работа, кој всушност претставува орган за старателство и треба да ги штити правата на децата изложени на социјален ризик.

Р. Македонија е држава што се протега на површина од 25.713 квадратни километри, со вкупно 2.065.769 жители, кои живеат во 84 општини, во 1.767 населени места.

За превентивно дејствување и справување со лицата изложени на социјален ризик во нашата држава функционираат 30 центри за социјална

работа. Стручната работа во центарот за социјална работа ја спроведуваат социјални работници, психолози, педагози, правници, дефектолози и социолози, кои низ интердисциплинарна тимска работа им даваат услуги на разни категории граѓани изложени на социјален ризик.

Според податоци од електронската база ЛИРИКУС на Заводот за социјални дејности, во центрите за социјална работа во 2013 година во 30-те центри за социјална работа се вработени вкупно 1.538 лица, од кои вкупно 533 стручни лица се од горенаведените стручни профили.

**Табела бр. 16** - Структура на вработените според стручниот профил

| **Ред. број** | **Стручен профил** | **Вкупен број** |
|---|---|---|
| **1** | Педагог | 54 |
| **2** | Социјален работник | 242 |
| **3** | Психолог | **71** |
| **4** | Правник | 96 |
| **5** | Социолог | 42 |
| **6** | Дефектолози | 28 |
| **7** | Други профили | 1.005 |
| | Вкупно | **1.538** |

Според податоците во табелата бр. 16, може да се констатира дека 34,65% од вработените се со стручен профил, а преостанатите 65,35% се другите вработени во центрите за социјална работа. Од вкупниот број вработени, само 3,51% се педагози.

Сите стручни профили се финансирани од страна на Министерството за труд и социјална политика, преку буџетот на РМ.

***Нормативна рамка на формата сместување во згрижувачко семејство***

Во компаративното истражување помеѓу двете држави што се однесува на згрижувачките семејства акцент се става на нормативната рамка и на стручното постапување на вработените во центрите за социјална работа.

Под поимот згрижувачко семејство кај нас се подразбира семејство што треба да обезбеди грижа за личноста, воспитанието, образованието, здравствената состојба и за секојдневните потреби на сместеното лице, во зависност од неговата возраст и потреби.

Оваа форма на заштита во Р. Македонија законски е регулирана уште од 1979 година, а првото згрижувачко семејство датира од далечната 1961 година. Од тој период до денес бројот на згрижувачки семејства постепено се зголемува, а и мрежата на згрижувачки семејства се проширува.

На самиот почеток згрижувачките семејства беа концентрирани во Скопје, но потоа почнаа да се развиваат и во Прилеп, Македонски Брод со селото Манастирец, Крушево, Крива Паланка, Велес, Битола и други градови.

Оваа форма на заштита во нашата држава е малку проучувана и не може да се најдат теоретски и научни сознанија за нејзиното постоење.

За развивање на оваа форма на заштита и за издигање на квалитетот на грижа Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности и центрите за социјална работа во изминатите дваесет години реализираа низа активности, и тоа:

- Подготвени се разни брошури за анимирање на јавноста со формата сместување во згрижувачко семејство
- Спроведени се голем број кампањи на национално и на локално ниво
- Подготвени се законски и подзаконски акти, кои повремено се дополнуваат со нови измени
- Подготвени се стручни материјали за постапувања на центрите за социјална работа (упатства, програми, стандарди, процедури и слично)
- Организирани се обуки за стручните работници во центрите за социјална работа за развивање и за примена на оваа форма на заштита

- Спроведени се низа истражувања, анализи и информации за состојбата на згрижувачките семејства и на сместените лица во Р. Македонија
- Реализирани се поголем број обуки и укажани им се стручна помош и поддршка на стручните лица во центрите за социјална работа за надминување одредени состојби и слично

Сите горенаведени нормативни акти, стручно-методолошки материјали за постапување на стручните работници од центрите за социјална работа, анализи и истражувања се од поново време, што укажува на фактот дека на оваа форма се работи многу поинтензивно.Но не само на нејзино проширување и зголемување на бројот туку и во насока на издигање на квалитетот на стручното постапување на вработените во центрите за социјална работа, што ќе доведе до издигање на квалитетот на грижа.

Во согласност со законските и со подзаконските акти во Р. Македонија постапката за сместување лице во згрижувачко семејство и изборот на згрижувачкото семејство се спроведуваат во центарот за социјална работа од страна на стручни лица (педагог, психолог, социјален работник и правник), преку примена на законската регулатива и стручната методологија на работа.

Со последниот правилник што се однесува на згрижувачките семејства („Сл. весник на РМ", бр. 15/2013) се пропишани критериумите за изборот на згрижувачкото семејство, видот и бројот на корисниците што можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице.

Во согласност со Законот за социјална заштита, право на сместување во згрижувачко семејство му се обезбедува на:

- Дете без родителска грижа до оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование, а не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбедат на друг начин.
- Дете со воспитно-социјални проблеми (злоупотребувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете-жртва на семејно насилство.

- Малолетен сторител на кривично дело или на прекршок.
- Лице со умерени и со тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му се потребни трајно згрижување и нега.
- Старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој што не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му обезбеди заштита на друг начин.

Меѓутоа за да можат овие корисници да бидат прифатени од страна на згрижувачките семејства потребно е да се спроведе стручна постапка за да се направи правилен избор од заинтересираните граѓани што поднеле барање за да бидат згрижувачи.

Постапката за избор на згрижувачки семејства се спроведува во центарот за социјална работа. Процената се прави врз основа на поднесено барање и комплетно доставена документација од страна на заинтересираниот граѓанин.

За да се биде згрижувач е потребно да бидат задоволени критериумите што се дефинирани во правилникот за згрижувачки семејства.

При изборот на згрижувачите најважна е процената од страна на стручниот тим, кој го заснова своето стручно мислење врз основа на примена на разни методи и техники и на самите критериуми.

Изборот на згрижувачки семејства се врши во согласност со следниве критериуми:

- возраста на згрижувачите
- степенот на образование
- здравствената состојба
- моралната подобност
- материјалните услови
- станбените услови

**Возраст на згрижувачот**

Возраста на згрижувачот претставува еден од критериумите што треба да се задоволат за да се биде згрижувач. Во правилникот се определува старосната граница на згрижувачот од 18 до 65 години старост, односно старосната разлика помеѓу згрижувачот и згриженото дете да биде природен однос родител-дете не помала од 18 години.

Во случај кога згрижувачот во згрижувачкото семејство каде што е згрижено детето наполнил 65 години старост, сместувањето може да продолжи до полнолетството на детето, односно до завршувањето на средното образование, врз основа на наод и мислење на стручен тим на центарот за социјална работа.

**Степен на образование**

Друг значаен критериум што треба да се почитува при процената на згрижувачот е неговиот степен на образование.

Во согласност со подзаконскиот акт, згрижувачот може да биде со минимум основно образование, но при процената се зема предвид повисокиот степен на образование на подносителот на барањето или на преостанатите членови на семејството.

Во однос на овој критериум е потребно да се направи промена, бидејќи денес средното образование е задолжително.

**Здравствена состојба**

При изборот на згрижувачкото семејство се проценува и здравствената состојба на згрижувачот. Потребно е згрижувачите да имаат добра здравствена состојба.

Процената на општата здравствена состојба на подносителот на барањето и на преостанатите членови на семејството се прави во согласност со потврда од матичниот лекар.

**Подобност**

При изборот на згрижувачко семејство се прави процена на подобноста на подносителот на барањето и на членовите на семејството преку:

- неосудуваност на подносителот на барањето и на сите полнолетни членови
- подготвеноста за згрижување лице во семејството
- структурата на личноста во поглед на личните ставови, способности, интереси и емоции
- квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација, доколку згрижувачката состојба ја врши брачна двојка
- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца
- квалитетот на релациите со поширокото семејство и со пошироката работна средина
- начинот на живеење и активностите во слободното време

**Материјални услови**

Во критериумите што треба да бидат задоволени при изборот на згрижувачко семејство се и материјалните услови на семејството. Тоа значи дека приходите на згрижувачот и на сите членови на семејството остварени по сите основи во последните три месеци пред поднесувањето на барањето треба да бидат поголеми од правото на социјална парична помош.

**Станбени услови**

Исто така значаен критериум што треба да го исполнува згрижувачкото семејство е да има обезбеден станбен простор за живеење.

Станбениот простор и опремата на згрижувачкото семејство треба да одговараат на просечната опременост на станот на семејството во согласност со бројот на членовите во семејството. Структурата и површината на станбениот простор треба да ги задоволат потребите на сите членови во семејството, во поглед на адекватен дневен престој, простор за спиење, бања, кујна и трпезарија.

Покрај горенаведените услови, згрижувачот треба да има успешно завршена обука спроведена од страна на стручен тим во центарот за социјална работа во согласност со програмата подготвена од ЈУ „Завод за социјални дејности"-Скопје. Во согласност со измените и со дополнувањата во Законот за социјална заштита, во делот на специјализираните згрижувачки семејства обуката ја спроведува Заводот за социјални дејности врз претходно подготвена програма.

Стручната работа со згрижувачките семејства се реализира во месно надлежниот центар за социјална работа во согласност со стручно-методолошкото упатство стандардите и процедурите подготвени од ЈУ Завод за социјални дејности( Стручно-методолошки упатства и прирачници, 2007 )

Со процената што се прави од страна на стручниот тим на центарот за социјална работа се утврдува дали згрижувачот ги исполнува критериумите и во согласност со правилникот за колку деца има капацитет да бидат сместени во рамките на неговото семејство.

Според правилникот, во едно згрижувачко семејство можат да бидат згрижени најмногу:

- пет деца без родители и родителска грижа
- едно дете со воспитно-социјални проблеми (злоупотребувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете-жртва на семејно насилство
- едно дете-малолетен сторител на кривично дело или на прекршок
- две лица со умерени и со тешки пречки во менталниот развој
- едно лице со најтешки пречки во менталниот развој
- две лица со трајна телесна попреченост, возрасни лица со телесна попреченост и лица со пречки во менталниот развој што не се во состојба сами да се грижат за себе
- три стари лица

Критериумите за избор на згрижувачко семејство треба постојано да се надградуваат и осовременуваат. Тоа значи дека во иднина, во однос на

степенот на образование, минимум треба да биде средно образование, бидејќи тоа е веќе задолжително во државата.

За издигање на квалитетот на грижа е потребно да се воведат и минимум стандарди што треба да бидат обезбедени од страна на згрижувачот во однос на исхраната, облеката, училишните помагала, здравствената состојба и слично. Исто така овие стандарди што треба да бидат пропишани ќе го олеснат и уедначат мерењето на квалитетот т.е. ќе се олесни постапката на мониторинг над оваа форма на заштита.

Во иднина треба да се работи повеќе на промовирање и на заживување на „професионалните згрижувачи", бидејќи за тоа имаме законска можност, но во практиката сè уште го немаме регистрирано овој вид згрижување.

Во однос на бенефициите што ги имаат, згрижувачките семејства во Р. Македонија добиваат надоместок за трошоците за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице, а исто така можат да се стекнат и со паричен надоместок за згрижувач по навршување на 62 години возраст.

### *Стручно постапување на стручните профили во центрите за социјална работа*

Стручните работници во центарот за социјална работа што работат на проблематиката сместување во згрижувачко семејство, покрај тоа што треба да ја почитуваат нормативната рамка, треба да постапуваат и во согласност со:

- Програмата за процена на згрижувачите
- Стручно-методолошкото упатство за постапување на стручните работници во центрите за социјална работа
- Стандардите за постапување при сместување корисник во згрижувачко семејство
- Процедурите за постапување при сместување корисник во згрижувачко семејство

Стручното постапување на вработените што работат на проблематиката сместување во згрижувачко семејство започнува со приемот на странката кога заинтересираниот граѓанин го доставува своето барање за да биде згрижувач.

Потоа стручните работници постапуваат во согласност со програмата за процена на згрижувачите.

## - Програма за процена на згрижувачите -

Во спроведувањето на процената на згрижувачките семејства стручните работници, покрај тоа што се раководат од критериумите пропишани во правилникот, ја применуваат и Програмата за процена на згрижувачите

Оваа програма за процена е воведена од 2013 година и во неа се разработени сите критериуми што треба да бидат исполнети од страна на згрижувачите преку улогата на секој стручен профил при процената и методите и техниките што ги применува. Во програмата се дадени сите критериуми што треба да бидат исполнети од страна на згрижувачот, но подолу во текстот се издвоени оние што се карактеристични за процена од страна на педагогот.

Улогата на педагогот е застапена во процената на сите критериуми што треба да ги исполни згрижувачот, но поизразено е неговото учество како стручен профил во процената на:

- подготвеноста за згрижување, мотивите за згрижување, ставовите по однос на вршење на дејноста
- квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација
- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца

Педагогот и другите стручни профили подготвеноста за згрижување, мотивите за згрижување, ставовите по однос на вршење на дејноста ги проценуваат преку согледување на:

- информираноста на потенцијалните згрижувачи и на нивното потесно и пошироко семејство да станат згрижувачи
- нивната подготвеност за промена на динамиката на семејното живеење
- адаптирањето на просторот во согласност со потребите на корисникот за кој сакаат да се грижат
- предизвикот за справување со обврските во грижата за корисникот

- подготвеноста за давање грижа и помош во задоволување на специфичните потреби на корисникот во согласност со неговата возраст, здравствена состојба и развој
- информираноста за потребите на корисникот, за неговите права и интереси

При процената на квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација педагогот и другите стручни профили ја прават процената на определени прашања што се однесуваат на нивната меѓусебна комуникација во однос на:

- квалитетот на меѓусебната комуникација
- меѓусебната поддршка во надминување проблеми и тешкотии во семејното живеење
- начинот на донесување заеднички одлуки за важни прашања од нивниот живот
- начинот на донесување на одлуката да станат згрижувачи

Процената на квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца педагогот и преостанатите стручни профили ја согледуваат на индивидуално и на родителско ниво, во услови кога потенцијалните згрижувачи имаат сопствени деца. Доколку немаат сопствени деца, се проценува дали имале некакво искуство со деца од поширокото семејство. Квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца се проценува преку:

- увид во доставените документи, дали им е одземено родителското право
- процена на родителските стилови во одгледувањето на сопствените деца
- задоволство на сопствените деца од нив како родители
- согледување на искуството во грижа за деца во поширокото семејство

Со примената на законски дадените критериуми и програмата за процена на згрижувачите се уедначува пристапот на стручните работници во изборот на згрижувачките семејства.

Стручните работници во центрите за социјална работа што работат на оваа проблематика при процената постапуваат во согласност со Програмата за процена на згрижувачите, а понатаму во спроведувањето на постапката за сместување постапуваат во согласност со стручно-методолошкото упатство подготвено од ЈУ „Завод за социјални дејности" - Скопје.

Стручно-методолошкото упатство претставува стручен документ што ги содржи сите фази за постапување на стручните работници, од анимирање на јавноста со формата сместување во згрижувачко семејство, критериумите за избор на згрижувач, подготовката на лицето за сместување, подготовката на згрижувачкото семејство, спојот односно сместувањето на детето во згрижувачкото семејство, следењето на детето и на згрижувачкото семејство, поддршката на детето и на семејството и периодот по сместувањето.

## Стручно-методолошко упатство за постапување на стручните работници во центрите за социјална работа

Во заштитата на деца без родители и родителска грижа стручните работници од центарот за социјална работа се должни да постапат во согласност со стручно-методолошкото упатство.

Стручно-методолошкото упатство претставува стручен документ што ги содржи сите фази за постапување при примената на формата сместување во згрижувачко семејство

Стручно-методолошкото упатство ги содржи сите фази на постапување, и тоа: анимирањето на јавноста со формата сместување во згрижувачко семејство, критериумите за избор на згрижувач, подготовката на лицето за сместување, подготовката на згрижувачкото семејство, спојот односно сместувањето на детето во згрижувачкото семејство, следењето на детето и на згрижувачкото семејство, поддршката на детето и на семејството и периодот по сместувањето.

Всушност стручно-методолошкото упатство има за цел да ја унифицира работата во центрите за социјална работа и истовремено за стручниот

работник претставува потсетник во стручното постапување по оваа проблематика.

Стручно-методолошкото упатство ги содржи следниве фази на постапување.(Кичукова,К,Саздова,Г.Димитрова,Т.(2006) Упатство за работа на центрите за социјална работа за развивање и примена на формата сместување во згрижувачко семејство):

- **Анимирање на јавноста**

Анимирањето на јавноста е првиот чекор за да се детектираат потенцијалните згрижувачки семејства со кои ќе треба да се работи, да се мотивираат и да се проценат доколку ги исполнуваат критериумите.

Анимирањето на јавноста може да биде преку организирање кампањи на национално и на локално ниво. Кампањите можат да бидат спроведени преку разни активности: настап на ТВ-медиум или во печатен медиум, подготвување разни брошури, организирање разни трибини, средби со фокус-групи и слично, во согласност со креативноста на инволвираните страни.

Целта на кампањата е да се запознае и сензибилизира јавноста за овој вид згрижување и за целната група на корисници што можат да бидат згрижени.

За да се спроведе кампањата потребно е центарот за социјална работа да подготви програма за анимирање на јавноста и оперативен план за нејзино реализирање. Оперативниот план треба да содржи активности, извршители, начин на реализирање, учесници и време на реализација.

Кога кампањата се споредува организирано, според претходно подготвена програма и оперативен план и почесто се обновува, а не еднаш засекогаш, тогаш резултатите не изостануваат, сигурно ќе се појават потенцијални згрижувачи.

Во последниве 20 години во Р. Македонија се организирани голем број кампањи на национално и на локално ниво преку подготвување спотови, агитки, трибини, активности со училиштата и слично. Како резултат на тие активности бројот на згрижувачки семејства постојано расте.

## ➢ Подготовка на семејството

За успешно сместување на корисникот, покрај тоа што треба да биде подготвено детето, потребно е стручниот тим од центарот за социјална работа да му направи и добра подготовка на згрижувачкото семејство.

Кога станува збор за подготовка на згрижувачкото семејство тоа најчесто се прави преку задолжителна обука што треба да ја помине за да се стекне со сертификат на згрижувач. Содржините во обуката се општи и затоа пред сместувањето се врши подготовка на згрижувачкото семејство за конкретно дете.

Основната обука е задолжителна и се реализира во согласност со содржините дадени во прирачникот за обука.

Содржините во прирачникот се избрани така што ќе му помогнат на згрижувачот правилно да се грижи, а притоа секогаш да се раководи од најдобриот интерес на детето и да ги почитува правата на детето, како и да постапува во согласност со возраста, потенцијалите и со потребите на детето.

Прирачникот е составен од 9 сесии/семинари, со одредени теми и цели што треба се се постигнат и како да се постигнат.

- ✓ Семинар 1: *Запознавање со формата сместување во згрижувачко семејство*

  Цел: Вовед во формата сместувањето во згрижувачко семејство.
- ✓ Семинар 2: *Разбирање за згрижувањето, одвојувањето и приврзаноста*

  Цел: Разбирање за згрижувањето, одвојувањето и приврзаноста, што ќе помогне семејството на најдобар начин да му помогне на детето.
- ✓ Семинар 3: *Идентитет*

  Цел: Запознавање со поимот идентитет и како згрижувачите можат да помогнат детето да го зачува својот идентитет.
- ✓ Семинар 4: *Развој, комуникација и поддршка на детето*

  Цел: Стадиуми на развојот на децата; добра комуникација.
- ✓ Семинар 5: *Згрижувањето како предизвик*

  Цел: Како да се справат згрижувачите со проблематичните деца.
- ✓ Семинар 7: *Правата на децата*

Цел: Учесниците да станат свесни за своите права, за правата на детето, за првата и обврските како згрижувачи, за правата и обврските на ЦСР во спроведувањето на згрижувачката функција.

- ✓ Семинар 8: *Лица со посебни потреби*

  Цел: Запознавање со степенот на попреченост, карактеристиките и со очекувањата.

- ✓ Семинар 9: *Непосредни и долготрајни последици од сексуална злоупотреба на децата - психотераписки импликации*

  Цел: Запознавање со тоа што се подразбира под сексуална злоупотреба и со последиците.

(За подготвување на Програмата за обука на згрижувачките семејства се користени искуства од Англија, Nacional Foster Care Associaciation, 1994, Лондон, како и од Романија)

При реализирањето на обуките стручните работници што ја спроведуваат обуката треба да ги почитуваат згрижувачите, на нив да гледаат како на партнери во градењето на личноста на детето за кое тие треба да се грижат. Притоа треба да се тргне од фактот дека станува збор за учење кај возрасни лица и да се почитуваат нивното претходно искуство и принципите врз чија основа учат возрасните.

Кога станува збор за подготовка на згрижувачот за конкретно дете тогаш стручниот тим е должен да го запознае згрижувачот за личноста на детето, потеклото, потребите, потенцијалите, видот на згрижување и други информации што се потребни за да биде успешно сместувањето.

Со измените во Законот за социјална заштита, во мај 2013 година, обуката за специјализираните згрижувачки семејства ја спроведува Заводот за социјални дејности.

Специјализираните згрижувачки семејства можат да згрижат: дете-жртва на семејно насилство, дете со воспитно-социјални проблеми, малолетен сторител на кривично дело или на прекршок, дете или лице со попреченост и старо лице.

Во согласност со последните промени во Законот за социјална заштита (мај 2013 год.), каде што е назначено дека Заводот за социјални дејности има обврска да ја спроведува обуката за специјализираните згрижувачки семејства, не е добро избрано решението, бидејќи на тој начин се прекинува надлежноста на центарот, кој понатаму ќе треба да го следи специјализираното згрижувачко семејство и кој ќе ја дава поддршката, бидејќи згрижувачкото семејство е регистрирано во ЦСР и проценето од страна на стручниот тим на центарот за социјална работа.

Заводот за социјални дејности, како и досега, може да ги обучи стручните работници во центарот за социјална работа како тие да ги обучат згрижувачките семејства и да помогне во испорачувањето на обуката, но и понатаму центарот да биде надлежен за сите фази во третманот на корисникот.

- **Подготовка на детето**

Покрај процената на згрижувачкото семејство, значаен чекор во постапувањето на стручните работници од центарот се процената на потребите на детето и неговата подготовка за сместување.

Во оваа фаза, кога детето е доведено во положба на социјален ризик во ситуација да биде одвоено од своето биолошко семејство, стручните работници треба добро да го проценат и да го подготват детето.

Стручниот тим од центарот за социјална работа што работи со детето изложено на социјален ризик што се соочува со една сосема нова и за него стресна ситуација, како што е одвојувањето, и придружните чувствува на страв и неизвесност, што се манифестира со несигурност, недоверба и збунетост, треба да му помогне на детето, да го заштити и притоа правилно да му ги процени потребите, а истовремено да ја определи формата на заштита што ја има на располагање. Тоа е многу тешка и одговорна работа, која бара веднаш да се реагира, а притоа добро да се процени.

Процената на потенцијалите и на потребите на детето стручните работници во центарот за социјална работа ја прават врз соодветни техники за работа.

По направената процена на детето и избраното згрижувачко семејство, стручниот тим од центарот за социјална работа го подготвува детето за сместување.

Подготовката на детето од страна на стручниот тим пред сè зависи од:

- возраста на детето
- здравствената состојба
- неговите интелектуални потенцијали
- неговата животна историја и претходно искуство и
- видот на згрижувањето

Во некои ситуации стручниот тим нема услови за подетална подготовка на детето кога станува збор за интервентно сместување, затоа треба стручните работници да реагираат веднаш по сместувањето на детето.

Доколку детето не е добро подготвено и не е запознаено со оваа форма на заштита, можни се и одредени тешкотии.

## ➢ Спојување на детето со згрижувачкото семејство

Исто така значаен момент во грижата на детето е правилното спојување на детето со згрижувачкото семејство.

При спојувањето на детето со згрижувачкото семејство стручниот тим секогаш се раководи од: возраста, потребите, здравствената состојба потенцијалите и образованието на детето да соодветствуваат со личноста, капацитетите и со условите на згрижувачот, а притоа да се почитува и Конвенцијата за правата на детето.

По сместувањето, носителот на згрижувачкото семејство склучува договор со месно надлежниот центар за социјална работа.

Со потпишувањето на договорот двете страни (згрижувачот и месно надлежниот центар за социјална работа) ги преземаат своите обврски, односно надлежности. Договорот се подготвува во согласност со Законот за социјална заштита (видот и обемот на социјалната заштита што му се обезбедува на лицето што се сместува во згрижувачкото семејство, висината на надоместокот за сместеното лице, начинот и условите за сместување и престанокот на сместувањето на лицето во семејството; времетраењето на договорот, со

можност за негово продолжување, условите за раскинување на договорот, отказниот рок за раскинување на договорот, случаите при кои престанува да важи договорот и други права, обврски и одговорности).

Центарот може еднострано да го раскине договорот и пред истекот на рокот утврден во договорот секогаш кога тоа го бараат интересите на лицето што се сместува во згрижувачкото семејство.

За сместеното лице стручниот тим од месно надлежниот центар за социјална работа подготвува план за индивидуална работа и третман со корисникот.

Во планот стручниот тим ги опишува потенцијалите и потребите на детето, активностите, динамиката на нивното реализирање и кој стручен работник за што е одговорен.

Згрижувачкото семејство е должно најмалку еднаш годишно и по потреба да достави извештај за грижата за сместеното дете до месно надлежниот центар за социјална работа, според образец што му е даден од страна на центарот.

За да биде извештајот унифициран и да ги содржи информациите за детето што се поставени во планот се подготвува според следниве елементи: името и презимето на детето, датумот на раѓање, датумот на сместување, училиштето/одделението/класот или дневниот центар, матичниот лекар, здравствената состојба на детето (контрола, заболувања, протези), образованието (успех, поведение, тешкотии), висината на трошоците, користењето на слободното време (курсеви, спортски активност, со кого и каде го поминува времето), почитувањето на куќниот ред, начинот на одржување на контактите со родителите/блиските сродници.

- **Следење и давање поддршка на детето и на згрижувачкото семејство**

Следењето и давањето поддршка на детето и на згрижувачкото семејство претставуваат составен дел на континуираниот процес на планирање - ревидирање на одлуките и планирање на идните активности.

Целта на следењето е да се обезбеди сигурен и ефикасен напредок во поглед на благосостојбата на детето во целиот период на неговото сместување.

Следењето подразбира цела низа средби, увиди, разговори во врска со заштитата, третманот, грижата на детето, можни тешкотии во реализацијата на планираните активности и пронаоѓање на вистинското решение за надминување на проблемот.

Во согласност со процедурите за постапување на центарот за социјална работа при сместување дете во згрижувачко семејство стручниот тим следењето го врши преку чести увиди во периодот на адаптација, а потоа еднаш месечно, во согласност со динамиката определена во Планот за индивидуална работа и третман со корисникот. Целта на следењето т.е. мониторингот и евалуацијата се да се оценат резултатите од спроведувањето на планот и да се оцени како се одразува реализацијата на планот врз личноста на детето и целокупното згрижување.

Стручниот тим од центарот за социјална работа е должен континуирано да го следи и да го поддржува згрижувачкото семејство во текот на целиот период на згрижувањето, и тоа преку увиди, посети, обуки, совети, организирање донации и слично.

Поддршката што се одвива преку континуирано следење на згрижувачкото семејство најчесто е превенирање или интервенирање во поглед на: грижата за здравјето кај детето, воспитанието, образованието, поведението, социјализацијата, осознавањето на сопственото потекло од страна на детето и слично.

Исто така стручниот тим го поддржува згрижувачкото семејство со обезбедување дополнителни материјални средства за задоволување на најразличните потреби на детето (на пример во однос на облека, обувки, храна, автобуски карти, матурски прослави, екскурзии, летен одмор и друго) преку донации и спонзори.

Во однос на оваа фаза може да се констатира дека стручните работници од центарот за социјална работа не ја почитуваат докрај, односно не реализираат активности што се во функција на поддршка на детето и на згрижувачкото семејство. Најчесто стручните работници постапуваат по барање на згрижувачите, а иницијатива за континуирана поддршка на центарот нема.

- **Период по сместувањето**

Во согласност со фазите дадени во стручно-методолошкото упатство, крајна цел на стручниот тим за децата останати без родителска грижа е нивна успешна реинтеграција секогаш кога е можно во нивните семејства или нивно оспособување за самостоен живот.

Младиот човек треба да биде правилно подготвен за овој чекор, треба да му се остават простор и можност да се обрати во центарот или во згрижувачкото семејство за помош и по завршувањето на периодот на згрижувањето. Возраста на која се наоѓаат младите луѓе што треба да се подготват за самостоен живот, односно да се реинтегрираат во своето семејство, како и околностите во кои се наоѓаат се различни речиси за секој поединечен случај.

Аспектите на кои треба да се внимава при престанокот на згрижувањето на детето во семејство се:

- Оспособување на младиот човек да гради и да одржува релации, контакти и пријателства со луѓето.

Тоа значи да му се помогне на младиот човек во градењето на овие релации и со луѓе надвор од системот на згрижување, бидејќи во спротивно ќе се чувствува многу осамено кога ќе престане згрижувањето

- Оспособување на младиот човек да го развива чувството на самодоверба.

На децата без родители и родителска грижа треба постојано да им се укажува, да се разговара, да се советуваат дека тие не се деца без родителска грижа поради тоа што нивните родители не ги сакале, туку поради нивната немоќ, поради тоа што немале доволно капацитети да се справат со одредени проблеми во семејството. Тие треба постојано да се јакнат, да се јакнат нивната личност и довербата кон себе и кон другите.

- Практично оспособување на младиот човек за живот.

Развивањето вештини за оспособување на младиот човек за живот се постигнува само низ практични ситуации, набавка на продукти, приготвување храна, одржување хигиена во домот, контролирано трошење на средствата со кои располага и слично.

Во однос на стручно-методолошкото постапување во центрите за социјална работа при заштита на дете изложено на социјален ризик и сместено во згрижувачко семејство може да се констатира дека теоретски се задоволени сите фази во постапувањето, но практиката е сосема поинаква. За одреден број случаи не се применуваат докрај сите овие фази од постапувањето. На пример фазата на подготовка на детето или, пак, на згрижувачкото семејство во некои случаи не може да се примени бидејќи стручниот тим нема време, има само толку време колку да го заштити детето.

Но таквиот брз начин на дејствување на стручниот тим доведува до лоша процена на формата на заштита, па потоа се јавуваат проблеми кај самото дете.

Затоа можеби најдобро за овие итни сместувања е да постојат кризни центри во кои ќе работат стручни работници што ќе го подготват детето за следната форма на заштита

## - Стандарди за постапување при сместување корисник во згрижувачко семејство –

За уедначување на пристапот во работењето на центрите за социјална работа и за полесно да се следи имплементацијата на фазите во работењето, а со тоа да се издигне квалитетот во грижата, Заводот за социјални дејности во 2012 година ги подготви Стандардите и процедурите за постапување при примената на формата сместување во згрижувачко семејство.

Овие стандарди за постапување се подготвени во согласност со домашното и со меѓународно законодавство што ја регулира ова проблематика, а се засноваат на Стандардите за раководење со предмет во центарот за социјална работа.

Самиот стандард им укажува на стручните работници на што треба да внимаваат, а преку дадените индикатори ги потсетува што треба да реализираат, односно на кој начин треба да го постигнат дадениот стандард, контраиндикаторот всушност претставува она што не е сторено од страна на стручните работници.

Самиот доцумент содржи 10 стандарди што треба да се почитуваат од страна на секој стручен работник, за секој стандард индикатори и контраиндикатори. На пример:

***Стандард 1: Анимирањето на јавноста за мотивирање за згрижување деца/лица во згрижувачки семејства го реализира ЦСР***

**Индикатори**

1. ЦСР има подготвено програма за запознавање на јавноста со формата сместување во згрижувачко семејство со дефинирани активности, начини, динамика и субјекти што треба да ги реализираат предвидените активности.
2. ЦСР организира периодични јавни кампањи за мотивирање апликанти за згрижувачи.
3. ЦСР организира отворени состаноци заради информирање на можните апликанти за згрижувањето. На прашањата од лицата што присуствуваат на состаноците за згрижување се одговара точно и со доверливост.
4. На можните апликанти им се даваат писмени информации за тоа што значи да се биде згрижувач.
5. На можните апликанти им се даваат писмени информации за постапките на избор на згрижувачи и за барањата за обука и за надзор.
6. Внатрешните постапки на ЦСР за мотивирање згрижувачи се во согласност со релевантното законодавство.
7. ЦСР има подготвено извештај за преземените активности во согласност со Програмата за запознавање на јавноста со формата сместување во згрижувачко семејство.

**Контраиндикатори**

ЦСР нема план за мотивирање згрижувачи/Програма за запознавање на јавноста со формата сместување во згрижувачко семејство и не подготвува извештај. Апликантите за згрижувачи не добиваат писмени информации за згрижувањето, ниту за процесот на избор, обука и на надзор. Одредени

процеси не се во согласност со релевантното законодавство. Се добиваат барања за сместување во згрижувачки семејства, но ЦСР нема база од одобрени и обучени згрижувачи.

Други стандарди што се содржани во документот и треба да се почитуваат при примената на формата од страна на стручните работници во центарот за социјална работа се:

*Стандард 2:* Пријавувањето за згрижувачко семејство го разгледува ЦСР според транспарентна постапка, во согласност со законските прописи.

*Стандард 3*: ЦСР има писмена постапка и методологија за процена на апликантите за згрижувачко семејство што се во согласност со законските барања.

*Стандард 4:* ЦСР спроведува обука со згрижувачките семејства.

*Стандард 5*: ЦСР избира згрижувачко семејство соодветно за одреден корисник. Корисникот и згрижувачкото семејство се подготвуваат пред сместувањето.

*Стандард 6:* Односот меѓу ЦСР и згрижувачот се формализира со договор.

*Стандард 7:* Згрижувачот обезбедува грижа за згрижениот корисник според Планот за индивидуална работа.

*Стандард 8:* ЦСР редовно ги мониторира сместувањето на корисникот и спроведувањето на договорот и на планот за грижа од страна на згрижувачот.

*Стандард 9:* ЦСР е подготвен да ги заштити загрижените деца, сопствените деца на згрижувачот и самиот згрижувач од злоупотреба и од насилство.

*Стандард 10:* ЦСР го планира престанокот на сместување.

## Процедури за постапување при сместување корисник во згрижувачко семејство

Процедурите за постапување на центарот за социјална работа за сместување корисник во згрижувачко семејство се засноваат и реализираат врз основа на Процедурите за раководење со предмет. Процедурите всушност претставуваат чекори за постапување на стручните работници, нивната улога во дадена фаза и документацијата што се подготвува.

На пример во фазата на процена на потенцијалното згрижувачко семејство се објаснува што треба да примени секој стручен профил, но во нашиот труд е објаснето само за педагогот како стручен профил.

Педагогот во оваа фаза преку примена на интервју, скали на процена и увид во семејството прави процена на:

- станбените услови, степенот на образование, возраста на згрижувачите
- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца
- квалитетот на релациите со поширокото семејство и со пошироката работна, воспитна и животна средина
- начинот на живеење и активностите во слободното време

Својата работа ја евидентира преку подготвување на следнава стручна документација:

- Лист на корисник
- Записник од увид во семејството
- Наод и мислење на стручен работник за згрижувачкото семејство
- Наод и мислење на стручен тим за згрижувачкото семејство
- Лист за следење на работата со корисник од страна на секој стручен работник

Во оваа фаза исто така се објаснети и другите активностите што треба да се реализираат. По завршената процена по сите критериуми, стручниот тим спроведува обука на згрижувачките семејства што ги исполнуваат законските услови. Во обуката, која е задолжителна за сите згрижувачки семејства, се вклучува целиот стручен тим што работи на оваа проблематика (социјален работник, педагог, психолог и правник) во согласност со содржините дадени во програмата подготвена од ЈУ „Завод за социјални дејности"-Скопје.

Програмата треба да се реализира веднаш по формирање на групата потенцијални згрижувачи, во согласност со темите во минимум 3-4 дена.

При процената и по успешно завршената обука стручниот тим од центарот за социјална работа проценува за каков вид згрижување има капацитети згрижувачот (општо, специјализирано, интервентно или привремено).

Во случај кога станува збор за специјализирано згрижувачко семејство центарот за социјална работа го известува Заводот за социјални дејности-

Скопје да организира и да спроведе обука во согласност со подготвената програма за специјализирана обука.

По реализираната обука се подготвува:

- извештај за начинот на реализираната обука со згрижувачките семејства
- сертификат/уверение дека згрижувачот посетувал обука

По направената процена и реализираната обука стручниот тим на центарот за социјална работа ја подготвува потребната стручна документација и подготвува договор во кој се наведени правата и обврските на згрижувачот:

- начинот и условите за сместување и за престанок на сместувањето на лицето во семејството
- видот и обемот на социјалната заштита што му се обезбедува на
- лицето што се сместува во згрижувачкото семејство
- висината на надоместокот за сместеното лице, која ги опфаќа
- трошоците на сместување и надоместокот за згрижување
- времетраењето на договорот, со можност за негово продолжување
- услови за раскинување на договорот
- отказниот рок за раскинување на договорот, кој за згрижувачкото семејство не може да биде пократок од три месеци
- случаите при кои престанува да важи договорот и други права, обврски и одговорности

Договорот се потпишува од страна на директорот во име на ЦСР и згрижувачот. Потпишан примерок од договорот се чува во досието на згрижувачот, а еден примерок му се дава на згрижувачот.

И другите фази во постапувањето се подготвени на ист начин во процедурите по кои треба да постапуваат стручните работници од центрите за социјална работа.

За практичната примена на стандардите и на процедурите од страна на стручните работници во центрите за социјална работа сè уште е рано да се зборува бидејќи сè уште не е започнато со нивна имплементација.

## Здруженија во функција на поддршка на згрижувачките семејства

И покрај тоа што во Р. Македонија има регистрирано 132 згрижувачки семејства (податок 2012) и тие имаат формирано здруженија (Прилеп, Крушево и Скопје), тие здруженија не профункционираа, бидејќи беа препуштени сами на себе и немаа доволна поддршка од центарот за социјална работа за да можат да заживеат. Овие здруженија беа формирани за да им бидат меѓусебна поддршка за сите членови (згрижувачи), да го споделуваат искуството, а исто така истовремено да ги истакнуваат своите барања за унапредување на улогата згрижувач. Меѓутоа сите овие цели не се реализираа бидејќи немаа поддршка од страна на центарот, а и самите немаа доволно познавање за да се организираат да можат подобро да функционираат.

Во иднина овие здруженија треба да профункционираат или, пак, за згрижувачите да има клубови каде што би се дружеле и би ги споделувале своите искуства. За ова треба да се погрижи центарот за социјална работа со локалната самоуправа. Затоа што само на тој начин, ако меѓусебно се организираат и поддржуваат, можат да ги остваруваат своите предлози што се во функција на унапредување на професијата згрижувач.

## *Состојбата на згрижувачките семејства и на сместените деца*

Составен дел на компаративната анализа на двата система, особено во формата сместување во згрижувачко семејство, претставуваат и одредени карактеристики на згрижувачите (возраста, степенот на образование и бројот на сместени деца во едно семејство) и на сместените деца (полот, возраста и здравствената состојба), за да се согледа структурата на згрижувачките семејства и на сместените деца во двете држави.

На почетокот е направена компарација на податоците што се однесуваат на згрижувачките семејства, а потоа на сместените деца.

*Состојбата на згрижувачките семејства во Р. Македонија*

Во согласност со податоците од центрите за социјална работа, во 2012 година во Р. Македонија се регистрирани 1.272 деца без родители и родителска грижа, од кои во згрижувачки семејства се сместени 237 деца. Во истиот период во Р. Македонија се регистрирани вкупно 132 згрижувачки семејства.

Податоците што се однесуваат на **возраста на носителот на згрижувачкото семејство** укажуваат дека 43,94% се во возрасната група од 41 до 50 години, потоа се згрижувачите во возрасната група од 51 до 60 години (34,09%). Многу малку се застапени возрасните групи од 25 до 30 години (4,55%) и од 31 до 40 години само 9,85%. Препораката до центрите за социјална работа секогаш е во насока целна група за нови згрижувачи да бидат згрижувачи на помлада возраст за да можат да се справат со потребите на децата што треба да се згрижат.

Податоците што се однесуваат на **степенот на образование** на носителот на згрижувачките семејства укажуваат дека најголем број се со основно образование 61,38%, а со средно се 31,06%. Мал е бројот на згрижувачи со вишо и високо образование.

Во согласност со правилникот за згрижувачки семејства е минимум основно образование, но препораките секогаш се во насока идните згрижувачи да имаат повисоко образование.




**Графикон бр. 1** Графички приказ на податоците за степенот на образование на згрижувачите во Р. Македонија

Податоците што се однесуваат на **бројот на деца сместени во едно згрижувачко семејство** укажуваат на приближна застапеност на згрижувачките семејства што згрижуваат по едно или две деца, додека, пак, најмал е бројот на семејства што ја достигнуваат законската горна граница пет деца (има 2 такви згрижувачки семејства). Во грижата за детето многу позначајно е дали се задоволени потребите на детето и какви капацитети има згрижувачот отколку бројот на деца. Бројот на деца секогаш треба да биде во корелација со другите критериуми што треба да бидат исполнети од страна на згрижувачот. Последиците ќе бидат големи доколку стручните лица го гледаат само бројот на деца во согласност со законските прописи.

Според податоците што се однесуваат за 2012 година во однос на структурата на згрижувачките семејства во Р. Македонија, може да се констатира дека најмногу од нив се во возрасна група од 41 до 50 години (43,94%), со основно образование 61,38%, во кое се сместени најмногу по едно до две деца.

### *Состојбата на сместените деца во згрижувачките семејства во Р. Македонија*

Во компаративната анализа се согледани и податоците што се однесуваат на сместените деца во згрижувачко семејство, и тоа според полот, возраста и здравствената состојба.

Податоците за сместените деца во згрижувачките семејства што се однесуваат на полот укажуваат дека приближно се застапени и двата пола (машки 46,84% и женски 53,16%).

Од податоците што се однесуваат на **возраста** на сместените 237 деца во згрижувачките семејства во Р. Македонија може да се констатира дека приближно се застапени децата од следниве возрасни групи:

- до 6-годишна возраст (21,95%)
- од 7 до 10-годишна возраст (25,74%)
- од 11 до 14 години (27,84%)

а помалку се застапени децата во возрасната група од 15 до 18 години (13,93%) и над 18-годишна возраст (10,54%).




**Графикон бр. 2** Графички приказ на податоците за возраста на сместените деца во згрижувачки семејства во Р. Македонија

Во однос на **здравствената состојба** на сместените деца во згрижувачки семејства што се однесува на податокот колку од овие деца се категоризирани, а колку не, може да се констатира дека 52,33% се здрави, а преостанатите 47,67% се со различен вид и степен на попреченост.

Според податоците што се однесуваат за 2012 година, во однос на структурата на сместените деца во згрижувачки семејства во Р. Македонија може да се констатира дека според полот повеќе се женски 53,16%, а според возраста најмногу од нив се во возрасната група од 11 до 14 години (27,84%). Во однос на здравствената состојба, од вкупно 237 сместени деца во згрижувачко семејство, 52,33% се здрави.

## 2, ИСКУСТВА ВО Р. СРБИЈА

### Права и услуги на децата без родители и родителска грижа

Во согласност со Законот за семејство на РС („Сл. гласник РС", бр. 18/2005 г.) дете без родители и родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште, дете чие родители се комплетно лишени од родителското право односно деловно неспособни, дете чии родители се лишени од правото на чување, одгледување и воспитување на детето и дете чии родители не се грижат за него или се грижат на несоодветен начин.

Во Законот за социјална заштита на Р. Србија („Сл. гласник РС", бр. 24/ 2011 г.) се дефинирани правата и услугите за сите корисници во системот на социјална заштита. Во согласност со законските прописи, во Р. Србија децата без родители и родителска грижа се заштитуваат преку користење на следниве услуги:

- сместување во установа за социјална заштита
- посвојување
- сместување во згрижувачко семејство
- сместување во роднински семејства

Според податоците, во Р. Србија, од вкупно 9.038 деца без родителска грижа, во установа се сместени 3.045 деца, а во згрижувачко семејство 5.993 деца ( но овие податоци се однесуваат и за оние деца сместени кај роднински згрижувачи). Заштитата на децата без родители и родителска грижа се остварува во центарот за социјална работа. Улогата на центарот за социјална работа е регулирана во Законот за социјална заштита.

Во согласност со овој закон, центарот за социјална работа е установа што дава услуги, проценува и планира, а други услуги од социјална заштита може да дава само во рамките на своите посебни организациски единици ако добијат лиценца и ако во локалната заедница нема друг овластен давател на услуги од социјална заштита. Центарот за социјална работа е орган за старателство што е должен да ги штити правата и интересите на корисниците кога тие не се во можност, а во интерес да не бидат загрозени нивните права и интереси.

Р. Србија е држава со вкупна површина од 88.361 квадратен километар, со над 7,5 милиони жители. Подрачјето на Р. Србија е покриено со мрежа од 140 центри за социјална работа, односно 173 одделенија на центрите за социјална работа. (Информатор о раду Република Србија, 2013,)

Според податоците од 2012 година, вработени се вкупно 3.922 лица, од кои 3.081 на неопределено работно време и 841 на определено работно време под договор. Од вкупниот број вработени, 1.967 се стручни работници и соработници и тоа според следнава структура:

**Табела бр. 17** - Структура на вработените според стручниот профил

| **Ред. број** | **Стручен профил** | **Вкупен број** |
|---|---|---|
| **1.** | Педагог | **209** |
| **2.** | Специјален педагог | **104** |
| **3.** | Андрагог | **12** |
| **4.** | Социјален работник | **858** |
| **5.** | Психолог | **323** |
| **6.** | Правник | **336** |
| **7.** | Социолог | **63** |
| **8.** | Други профили | **62** |
| | Вкупно | **1.967** |

Во однос на начинот на финансирање на вработените во центрите за социјална работа има две ситуации, и тоа:

- финансирани од државата се вкупно 2.381 лице, од кои: 1.817 стручни работници и 564 административно-технички кадар
- финансирани од локалната самоуправа се вкупно 700 лица, од кои: 323 стручни работници и 377 административно-технички кадар

Во извештајот исто така е даден приказ на застапеност на стручните профили во центрите за социјална работа. . (Информатор о раду Република Србија, 2013,)

Од дадените бројки може да се констатира дека најголем процент на застапеност се социјалните работници - 41,6%, правниците - 16%, психолозите - 15,4% и во преостанатите 27% влегуваат педагозите и другите стручни профили.

Во Р. Србија за вработените во системот на социјална заштита постои комора на социјална заштита, која е непрофитабилна и професионална организација на вработените стручни лица во системот на социјална заштита што ги поврзуваат заедничките професионални интереси.

**Нормативна рамка на формата сместување во згрижувачко семејство**

Сместувањето во згрижувачко семејство од стручен и законски аспект во Р. Србија е регулирано во Законот за семејство („Сл. гласник РС“, бр. 18/2005), Законот за социјална заштита („Сл. гласник РС“, бр. 24/11) и Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008)*

Во Законот за семејство се дефинирани критериумите кој не може да биде згрижувач (лице на кое му е одземена деловната способност, одземено му е родителското право, кое е болно и кое има сторено кривично дело).

Додека, пак, во правилникот се наведени условите што исто така треба да бидат задоволени, а тие се:

- згрижувачкото семејство да одговара на целите на заштитата на детето спрема неговите актуелни и долгорочни потреби
- да биде исполнет условот во однос на разликите на години помеѓу детето и згрижувачот, за да биде запазен односот родител-дете
- да биде исполнет условот во однос на стандардите за простор и за опрема
- згрижувачкото семејство да живее во средина што располага со ресурси што ќе одговараат на развојните и на специфичните потреби на детето, да се одржуваат односите со родителите и со блиските сродници
- да одговара на потребите на детето во согласност со неговата возраст, полот, националното потекло и други потреби
- да има посебни капацитети и потенцијал за задоволување на потребите на дете што има тешки здравствени или развојни проблеми

Во однос на бенефициите што ги имаат згрижувачките семејства во Р. Србија може да се констатира дека, покрај надоместоците што ги добива згрижувачот за грижата што ја дава и надоместокот за детето за кое се грижи, платени му се и пензиско-инвалидското осигурување и здравствената заштита, а исто така добива и одредени други бенефиции.

Висината на надоместокот за дете си ја добива секое дете, без разлика колку се во семејството (најмногу може до 3 деца), но надоместокот за грижа што го добива згрижувачот се намалува во зависност од бројот на деца сместени во неговото семејство. Во однос на другите бенефиции, на пример, згрижувачите во Белград добиваат и плус 50% попуст на комуналните услуги, попуст при плаќање граѓанско земјиште за градба на индивидуална куќа и слично. Додека, пак, детето сместено во згрижувачко семејство добива и џепарлак.

Со правилникот се пропишани поблиските услови за сместување на децата, облиците на згрижување, стандардите за остварување на заштитата на детето во згрижувачкото семејство, стандардите за стручно постапување, програмата за подготовка на згрижувачкото семејство, нормативите и стандардите на центарот за семејно сместување и начинот на водење на евиденцијата и на документацијата за сместување во згрижувачко семејство.

Всушност, правилникот ги дефинира и стручните постапки и стандарди што треба да бидат задоволени како од страна на згрижувачите исто така и од страна на стручните лица во центрите за социјална работа.

Во правилникот е дадена и *целта на сместувањето* во згрижувачко семејство, која претставува мерка на заштита на детето без родители и родителска грижа, односно дете без родителска грижа што има пречки во психофизичкиот развој или во однесувањето, а кое привремено не може да живее со своите родители.

**Во правилникот се регулирани и облиците на згрижување, и тоа:** стандардно, специјализирано, ургентно и повремено згрижување.

При определувањето на обликот стручните работници се раководат од потребите на детето без родители и родителска грижа и од условите потребни за нивно задоволување. Според правилникот за згрижувачи на Р. Србија, („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008)*

постојат следниве видови згрижување:

1. Стандардното згрижување ги задоволува потребите на децата со нормален психофизички развој за кој е проценето дека сместувањето во згрижувачко семејство на пократок или подолг временски период е во согласност со најдобриот интерес на детето.
2. Специјализираното згрижување ги задоволува потребите на децата со пречки во психофизичкиот развој, изразени здравствени проблеми, нарушување во однесувањето за кое е проценето дека сместувањето во згрижувачко семејство на пократок или подолг временски период е во согласност со најдобриот интерес на детето.
3. Ургентното згрижување се применува во ургентни/итни ситуации, кога детето е грубо занемарено или малтретирано, или, пак, кога родителите се спречени да се грижат за детето поради болест или смрт. Згрижувањето трае додека не се реши кризната ситуација во семејството, или до примена на друга мерка на заштита во согласност со најдобриот интерес на детето.
4. Повременото згрижување се применува за дете со развојни или здравствени проблеми што живее во биолошко или во згрижувачко семејство и кое се сместува во друго згрижувачко семејство на краток временски период за да се одмори и да се зачуваат капацитетите на згрижувачкото, односно на биолошкото семејство за понатамошна грижа и превенирање на кризните ситуации што можат да го загрозат функционирањето на семејството.

Повременото згрижување се применува за дете на возраст над 10 години што е подолго време сместено во установа за деца без родители и родителска грижа за да стекне искуство, да го научи семејниот модел на живот и да се подготви за самостоен живот.

Згрижувачите во Србија во најголем број случаи за детето се грижат во својот станбен простор, но има и ситуации кога се грижат и во просторот на детето, кога е тоа во најдобар интерес на детето.

Згрижувачот, покрај тоа што добива решение и договор за сместување, го добива и информаторот за детето „Мојот животен пат".

Овој информатор претставува книга за детето што содржи збир на информации за детето во текот на неговото растење и служи за запознавање

на минатото на детето и за воспоставување континуитет во животот на детето и негување на неговиот идентитет.

Информаторот го пополнува згрижувачот во соработка со стручните лица од центарот за социјална работа што се надлежни за детето.

Со Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008)* исто така се уредени и **стандардите за остварување на заштитата на детето во згрижувачкото семејство**, и тоа:

- изборот на згрижувачкото семејство се прави од редовите на блиските сродници или други згрижувачки семејства
- изборот на згрижувачко семејство се прави првенствено од семејствата што се наоѓаат во средината од каде што е детето
- браќа и сестри по правило се сместуваат во исто семејство
- во згрижувачко семејство се сместуваат најмногу 3 деца, односно 2 деца ако се деца со посебни потреби
- детето што треба да се смести во згрижувачко семејство се подготвува за сместување, за враќање во биолошкото семејство или за промена на обликот на заштита
- развојот на напредокот на детето во згрижувачко семејство се следи во континуитет и се врши увид во згрижувачкото семејство, посетите во почетокот се поинтензивни, а потоа најмалку еднаш месечно
- за детето сместено во згрижувачко семејство надлежниот центар за социјална работа, во соработка со центарот за семејно сместување, подготвува план на услуги, кој вклучува план за поддршка на детето и на згрижувачкото семејство. Реализацијата на планот се проверува двапати годишно
- на детето и на згрижувачкото семејство им се обезбедуваат различни видови поддршка во согласност со нивните потреби
- за извршување на згрижувачката улога се врши процена, односно преиспитување на општата подобност на згрижувачите на секои две години, а во кризни ситуации веднаш по настанатите промени што ги предизвикала кризата
- за да се занимаваат со улогата згрижувач, згрижувачите се подготвуваат според посебна програма, која е составен дел на правилникот

- за згрижувачите во текот на една година, во траење на 10 часа, се организираат програми за едукација за јакнење на згрижувачката компетенција
- за стручните работници што работат со згрижувачите најмалку еднаш годишно се организира едукација за јакнење на професионалната компетенција

Згрижувачот и стручниот работник од центарот за социјална работа остваруваат соработувачки однос за да ги реализираат целите и да ги поделат одговорностите.

Во Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС", бр. *36/2008)* се содржани и ***Стандарди за заштита на детето во згрижувачкото семејство,*** кои ги содржат условите во поглед на просторот и на опремата во згрижувачкото семејство и во поглед на задоволувањето на здравствените и на развојните потреби на детето (исхрана, здравје, предмети за лична употреба и воспитно-образовни потреби).

На пример, во однос на исхраната на детето згрижувачкото семејство треба да обезбеди исхрана во согласност со принципите за здрава исхрана според неговата возраст и здравствена состојба, и тоа:

за дете до 1 година - 6 оброци дневно

за дете над 1 година - 5 оброци (појадок, ручек, вечера и две ужинки)

Згрижувачот е должен да обезбеди разновидна храна, количество и квалитет потребни за здрав развој на детето.

Во однос на задоволувањето на воспитно-образовните потреби, како и на потребите од областа на културно-забавните и спортско-рекреативните активности, згрижувачот треба да ги гледа склоностите и интересите на детето, да го поттикнува неговиот развој, да оди редовно на родителски состаноци, да обезбеди услови за дружење на детето со врсници и да го поттикнува социјалниот развој.

Во согласност со возраста треба да се обезбедат: соодветни играчки, учебници, училиштен прибор, лектири, реквизити за спорт и рекреативни активности, инструменти, влезници за спортски и за културни манифестации и друга опрема за развој на талентот и интересите на детето според возраста и потребите.

Во Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС", бр. *36/2008)* се содржани и ***Стандардите за стручно постапување.*** Стручните постапки што се применуваат се:

- **Процена на општата подобност на детето за сместување во згрижувачко семејство**

Процената ја спроведува центарот за социјална работа преку процена на:

- условите во кои живее детето и степенот на загрозување на неговиот развој, кои ги опфаќаат социоекономските услови на семејството во кои живее детето, структурата на семејството и неговата интегрираност во социјалната средина, како и потенцијалите и ризиците на семејството во развојот на детето
- индивидуалните карактеристики и потреби на детето ги опфаќаат физичкиот, интелектуалниот и емоционалниот развој, здравствената состојба, однесувањето, идентитетот, специфичните потреби поврзани со развојот и со потенцијалите на детето, а исто така ги опфаќа и воспитанието, образованието, интересот, постигнувањето и недостатоците што треба да се надминат и слично

Надлежниот центар за социјална работа има за задача да го дефинира планот за поддршка на биолошкото семејство за воспоставување квалитетен контакт со детето и давање поддршка за рехабилитација на родителските капацитети и потенцијали.

- **Популаризирање на формата, искажување на потребата и информирање на кандидатите за згрижување**

Популаризирањето најчесто се реализира преку кампањи и преку медиумите за развивање на мрежата, и тоа: за сите облици на згрижувачки семејства, за посебни облици згрижувачки семејства или, пак, насочено кон потребите на конкретно дете.

- **Процена на општата подобност на згрижувачите**

Процената на идните згрижувачи се реализира преку: анализа на потребната документација, интервју со згрижувачот и другите членови на

семејството и увид во нивниот дом. Исто така се прави процена во текот на реализирањето на програмата за подготовка на згрижувањето.

Преку интервјуто се прави процена на:

- почетните знаења за згрижувањето и нивните очекувања
- мотивите за згрижување
- препознавањето и начинот на задоволување на потребите на детето
- разбирањето на специфичните потреби на детето
- личната историја на згрижувачите, структурата на семејството, семејните односи, моделот на семејно живеење, капацитетот за надминување кризни ситуации
- бракот и квалитетот на партнерските релации
- родителството: трансгенерациски модел, сфаќањето на родителските улоги и задачи и слично

При увидот во семејството се проверуваат станбените услови, хигиената и опременоста на просторот, се проверуваат на вработеноста на членовите и материјалните услови на семејството, се проценуваат социјалната интегрираност на семејството и користењето на расположливата мрежа на социјална поддршка, се согледува инфраструктурата на местото на живеење на идните згрижувачи и слично.

Процената на идните згрижувачи исто така опфаќа и процена на компетенциите во однос на:

- преземањето на грижата за физичкиот развој на детето
- поттикнувањето на развојот на детето
- обезбедувањето на сигурно опкружување и заштита на детето од малтретирање и занемарување
- прифаќањето и негувањето на личниот, семејниот и националниот идентитет на детето
- развивањето самостојност кај детето
- разбирањето и почитувањето на правата на детето

Потоа стручниот тим од центарот подготвува извештај со наод и мислење од секој стручен работник за општата подобност на згрижувачкото семејство и му издава потврда на згрижувачот за згрижување.

- **Избор на згрижувачко семејство за конкретно дете**

Во Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008)* исто така е даден и изборот на згрижувачкото семејство . Изборот го прави центарот за социјална работа што е надлежен за детето, во соработка со центарот за семејно сместување. Изборот на згрижувачкото семејство по правило треба да биде од територијата каде што е и детето, но не мора, може да биде и во друга општина. При изборот на згрижувачкото семејство за детето месно надлежниот центар за социјална работа организира консултација за правилно да се согледаат потребите и да се направи правилниот избор на згрижувачкото семејство.

Во консултациите учествуваат:

- стручни работници од месно надлежниот центар за социјална работа
- родителите/старателите
- детето во согласност со возраста
- други лица значајни за согледување на најдобриот интерес на детето

За правилен избор на згрижувачко семејство е потребно:

- згрижувачкото семејство да одговара на целите на заштитата на детето според неговите актуелни и долгорочни потреби
- да биде исполнет условот во однос на разликите на години помеѓу детето и згрижувачот за да биде запазен односот родител-дете
- да биде исполнет условот во однос на стандардите за простор и за опрема
- згрижувачкото семејство да живее во средина што располага со ресурси што ќе одговараат на развојните и специфичните потреби на детето, да се одржуваат односите со родителите и со блиските сродници
- да одговара на потребите на детето во согласност со неговата возраст, полот, националното потекло и други потреби
- да има посебни капацитети и потенцијал за задоволување на потребите на детето што има тешки здравствени или развојни проблеми

- **Планирање на услугите и на мерките за заштита на детето во згрижувачко семејство**

Планирањето на услугите и на мерките за заштита на детето во згрижувачко семејство во Р. Србија, во согласност со Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008)*, опфаќа: дефинирање на индивидуалните потреби на детето и на згрижувачкото семејство, поттик за остварување на потенцијалите на детето, како и определување и конкретизирање на сите активности и интервенции на решавање на евентуалните проблеми со кои детето и семејството се среќаваат, за нивно навремено надминување и создавање услови за оптимален развој на детето.

Планот на услугите и на мерките за заштита на детето и на згрижувачкото семејство го носат центарот за социјална работа и центарот за семејно сместување кога сместувањето се обезбедува преку тој центар.

Во подготвувањето на планот на услугите и на мерките за заштита на детето сместено во згрижувачко семејство, покрај претставник од центарот за социјална работа, учествуваат и:

- детето, односно корисникот што е сместен во згрижувачко семејство во согласност со неговата возраст и когнитивните капацитети
- биолошките родители на детето и другите членови на семејството или блиски роднини
- старателот на детето, бивши згрижувачи и други значајни личности во животот на детето
- претставници од други институции што се значајни за задоволување на потребите на детето

Организираната заштита на детето сместено во згрижувачко семејство опфаќа подготвување повеќе планови од страна на надлежниот центар за социјална работа, и тоа:

***План за подготовка на детето и на згрижувачкото семејство за сместување,*** кој ги опфаќа следниве активности:

- запознавање на детето со семејството и обратно, запознавање на згрижувачкото семејство со детето

- активности за подготовка на средината од каде што детето заминува и подготовка на средината каде што оди
- активности за обезбедување на потребната документација за детето и на потребната опрема и материјални средства
- наведување на стручните лица што ќе ги следат детето и семејството и ќе доставуваат извештај

**План за меѓусебно приспособување на детето и на згрижувачкото семејство**, во кој се определени следниве активности:

- активности за поддршка за меѓусебно прифаќање, градење доверба и интегрирање на детето во семејството
- динамика на посети во семејството и евалуација на резултатите од заштитата
- определување на лицата што ќе ја даваат поддршката и ќе го следат меѓусебното приспособување
- известување на центарот за социјална работа за резултатите од меѓусебното приспособување

**План на услуги и на мерки во текот на растењето во згрижувачкото семејство,** кој ги содржи следниве информации:

- лични податоци за детето и за семејството од каде што потекнува, карактеристики за детето, неговите потенцијали, ризици и потреби и услугите потребни за правилен развој на детето
- податоци за здравјето на детето, здравствената установа во која се лекува, терапија, третмани што се во тек, имунизација и услуги потребни за зачувување и за подобрување на здравјето на детето
- податоци за воспитанието и за образованието на детето, недостатоците, како и услугите за постигнување на воспитно-образовните цели во согласност со потенцијалите на детето
- податоци за психолошкиот развој на детето, особено за емоционалниот и за социјалниот, и услугите потребни за надминување на тешкотиите и развојните проблеми на детето
- податоци за искуството од занемарување и малтретирање и услугите потребни за надминување на последиците од таквото искуство

- облици на поддршка на детето во згрижувачкото семејство за почитување на идентитетот на детето и начинот на одржување на контактите со биолошкото семејство и со другите значајни личности во животот на детето
- други мерки што треба да се преземат за семејна правна заштита на детето
- лица што се задолжени за реализацијата на планот на услуги и мерки на заштита на детето во згрижувачкото семејство, со јасно дефинирани рокови, како и рокови за евалуација на резултатите

**План за подготовка на младата личност за еманципација и за напуштање на заштитата**, со кој се проценуваат:

- стекнатите социјални вештини и степенот на самостојност за независен живот
- областите во животот во кои се препознаваат слабостите и недоволната самостојност на младата личност и услугите потребни за подготовка за самостоен живот
- плановите на младата личност за вработување, решавање на станбеното прашање, почетните средства за самостоен живот и услугите за поддршка и за помош во реализацијата на плановите
- лицата задолжени за реализација на планот, потребните средства и рокови за реализација на планираните активности

- **Следење и увид во остварувањето на целите на згрижувачот**

Во согласност со Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС", бр. *36/2008),* следењето и увидот во работата на згрижувачите претставуваат збир на континуирани активности за процена на остварените цели на згрижувањето, согледување на актуелните потреби и промени во згрижувачкото семејство за реализирање на планот на услуги и на мерки за заштита, односно утврдување на степенот на задоволување на потребите на детето од страна на згрижувачкото семејство.

Преку следењето на згрижувачкото семејство што има цел на детето да му обезбеди стимулативни услови се следи и се поддржува неговиот развој во согласност со неговите индивидуални потреби и потенцијали.

Следењето го прави советникот за згрижување, и тоа во својата работа главниот акцент го става на:

- согледувањето на животните услови за детето еднаш неделно за време на адаптацијата, а потоа еднаш месечно
- задоволувањето на стандардите за заштита на детето (сигурноста и безбедноста, здравјето на детето, емотивниот развој и степенот на интегрирање во згрижувачкото семејство, воспитанието и образованието, социјалното однесување, негувањето на идентитетот, самостојноста, остварувањето на правата на детето, контактите со биолошкото семејство и со блиските сродници)
- увидот во трошење на средствата

Советникот го прави тоа преку: разговор со згрижувачите и со другите членови на згрижувачкото семејство, контакти по телефон, собирање релевантни информации од други установи во корист на детето, состаноци со воспитувачи и со наставници, контакти со други лица што се значајни за детето и слично.

- **Поддршка на детето во згрижувачкото семејство**

Во согласност со Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008),* поддршката на детето во згрижувачкото семејство во текот на сместувањето и грижата претставува збир на континуирани активности со кои непосредно се реагира на констатираните потреби на детето и на згрижувачкото семејство, за да се остварат задачите од планот на заштита на детето, да се зајакнат компетенциите на згрижувачкото семејство и да се задоволат специфичните потреби на детето.

Поддршката се заснова на принципи на почитување на мислењето на детето и на членовите на биолошкото семејство, односно на реализирање партнерски однос помеѓу стручните работници и згрижувачите, со поделени

одговорности за развојот на детето. Поддршката на детето во згрижувачкото семејство опфаќа:

- советодавни услуги
- материјална поддршка
- психосоцијална поддршка
- едукативни програми за унапредување на компетенциите на згрижувачкото семејство во развојот на детето
- координирање на социјалната мрежа на поддршка
- поттикнување клубови на згрижувачки семејства и деца во групи за самоподдршка
- други видови поддршка во согласност со потребите на детето и на згрижувачкото семејство

Поддршката на детето во згрижувачкото семејство во текот на сместувањето и грижата ја организира центарот за семејно сместување на територијата каде што живее детето. Советникот за згрижувачко семејство ја интензивира поддршката во кризни ситуации и во периоди што претставуваат пресврт во животот на детето: поаѓањето на училиште, преминот од одделенска во предметна настава, преминот во средно училиште, периодот на осамостојување на детето и слично.

Исто така им се дава посебна поддршка и на децата со понизок степен на интелектуални потенцијали и на децата со посебни потреби.

Советникот води дневник за работа за згрижувачите за следење и за поддршка. Кога сместувањето е организирано преку центарот за семејно сместување, тогаш советникот е должен двапати годишно да достави извештај до центарот за социјална работа за остварувањето на заштитата на детето во згрижувачкото семејство.

Згрижувачот за секое дете што е сместено во неговото семејство води Работна тетратка за згрижување дете, во која се бележат најзначајните активности во согласност со задачите во однос на детето што ги договара со советникот, и тоа:

- значајните случувања во животот на детето
- основните податоци за напредокот во развојот и тешкотиите во развојот

- прашањата и дилемите што треба да се разменат со советникот или со други лица со кои се остварува соработка во заштитата на детето
- контактите на детето со биолошкото семејство и со блиските сродници и неговите реакции по контактите
- календар-потсетник за редовни здравствени контроли
- податоци за трошење на средствата

Работната тетратка треба да му биде на згрижувачот потсетник за задолженијата за кои треба да го информира советникот на состанокот на кој се прават евалуација и планирање на заштитата.

Во Правилникот за згрижувачи („Сл. гласник РС“, бр. *36/2008)* исто така се содржани и ***Нормативи и стандарди за работа на центарот за семејно сместување.***

Во него се разработени и нормативите и стандардите за функционирање на центарот за семејно сместување, активностите и стручно-административниот кадар што учествува во реализацијата на предвидените активности.

Центарот за семејно сместување ги реализира следниве активности:

- Популаризирање на згрижувачкото семејство и водење локални и национални кампањи за различни облици на згрижување во согласност со потребите на децата.
- Процена на општата подобност на згрижувачите и подготвување извештај за процената на згрижувачкото семејство.
- Спроведување на програмата за подготовка за згрижувачкото семејство.
- Формирање база на податоци за децата и за згрижувачките семејства на меѓуопштинско ниво за ефикасен избор на згрижувачко семејство за детето.
- Избор на соодветно згрижувачко семејство за детето во соработка со центарот за социјална работа што е надлежен за заштитата на детето.

- Планирање на услугите и на мерките за заштита на детето во згрижувачкото семејство во соработка со центарот за социјална работа што е надлежен за заштитата на детето.
- Следење на реализирањето на планот на заштита, како и известување на надлежниот центар за социјална работа за напредокот на детето во згрижувачкото семејство.
- Увид во работата на згрижувачките семејства во поглед на задоволувањето на потребите на детето и почитувањето на стандардите за заштита на детето во згрижувачкото семејство.
- Континуирана и соодветна поддршки на детето и на згрижувачкото семејство во заштитата на детето и во задоволувањето на неговите потреби.
- Реализирање на програмата за поддршка на младите во згрижувачко семејство и активности за нивна еманципација и напуштање на заштитата и самостојно почнување живот и работа.
- Поттикнување организирана поддршка на работа во група за самоподдршка на децата и на згрижувачите.
- Реализирање различни едукативни програми за јакнење на децата и на згрижувачите.
- Разновидни активности што се важни за унапредување и за развој на згрижувачките семејства.
- Следење и проучување на потребите за заштита на децата без родители и родителска грижа и примена на сместување во згрижувачко семејство како мерка на заштита.
- Едукација на стручните работници во центарот за семејно сместување за јакнење на нивните професионални компетентности.
- Изработка на разни информативни и едукативни материјали за згрижувачите и стручна литература за стручните работници.
- Следење на современите движења и искуства од други земји во заштитата на децата без родителска грижа.
- Координација на мрежата на поддршка и соработка со институциите што се значајни за задоволување на потребите на децата, како и со хуманитарните и другите организации.

- Учество во проекти значајни за унапредување на заштитата на децата без родителска грижа.
- Други активности за унапредување и за развој на згрижувачките семејства и заштитата на децата.

Во однос на стручниот кадар што е вработен во овој центар постои стандард, и тоа: еден советник на 30 згрижувачки семејства, двајца реализатори на едукативните програми на 150 згрижувачки семејства и еден супервизор на 10 вработени во центарот за семејно сместување.

Советник на згрижувачките семејства може да биде: социјален работник, психолог, педагог и дефектолог. Можат да бидат и други стручни работници од општествено-хуманистичките и медицинските науки со најмалку пет години работно искуство во установа за деца без родители и родителска грижа. Супервизор и реализатори на едукативните програми можат да бидат социјален работник, психолог, педагог и дефектолог. Треба да имаат работно искуство од заштита на деца без родители и родителска грижа, како и обука за реализација на Програмата за подготовка на згрижувачите.

Во правилникот се опишува и *начинот на водење на евиденцијата и на документацијата за згрижувачките семејства* преку книги за евиденција на сместените корисници и на згрижувачките семејства.

**- Состојбата на згрижувачките семејства и на сместените деца -**

**Состојба на згрижувачките семејства во Република Србија**

Во однос на згрижувачките семејства, во Република Србија во 2012 година бројот на активни згрижувачи изнесува вкупно 1.618 згрижувачи во кои има сместено корисници и 147 што се празни без корисници. (Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012 годин , 2013)

Податоците што се однесуваат на степенот на образование на згрижувачите во Р. Србија укажуваат дека најголем број се со средно образование, а потоа згрижувачите со основно образование. Најмалку се застапени згрижувачите со високо образование.

Според податоците што се однесуваат на **возраста на згрижувачките семејства,** може да се констатира дека во Република Србија како од активните исто така и од празните згрижувачки семејства најголем број се во возрасната група помеѓу 41-50 години, потоа приближно се застапени згрижувачите во возрасните групи помеѓу 51-55 години и 56-60 години. Интересен е податокот што кај нив има 7,04% згрижувачи над 65-годишна возраст.(Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012 година , 2013)

**Табела бр. 18** - Податоци за згрижувачките семејства во Р. Србија според возраста

| Возраст на згрижувачите | Згрижувачки семејства Србија | % |
|---|---|---|
| До 25 год | 3 | 0,18 |
| 26-30 | 38 | 2,36 |
| 31-40 | 240 | 14,83 |
| 41-50 | 429 | 26,51 |
| 51-55 | 347 | 21,46 |
| 56-60 | 328 | 20,27 |
| 61-64 | 119 | 7,35 |
| 65-70 | 79 | 4,88 |
| Над 70 | 35 | 2,16 |
| Вкупно | 1.618 | 100 |




**Графикон бр. 3 -** Графички приказ на резултатите од табела бр. 18

Во однос на податокот што се однесува на **бројот на сместени деца во едно згрижувачко семејство** може да се констатира дека најголем е бројот на згрижувачки семејства каде што има сместено по едо дете (50,62%), а потоа се семејствата во кои се сместени по две деца (34,92%). Најмал е бројот на згрижувачки семејства во кои се сместени по пет деца, такви има само 2 згрижувачки семејства (Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012 година , 2013)

**Табела бр. 19** - Податоци за бројот на сместени деца во згрижувачките семејства во Р. Србија

| Ред. бр. | Број на деца сместени во згрижувачко семејство | Згрижувачки семејства во Р. Србија | % |
|---|---|---|---|
| **1** | 1 дете | 819 | 50,62 |
| **2** | 2 деца | 565 | 34,92 |
| **3** | 3 деца | 182 | 11,25 |
| **4** | 4 деца | 50 | 3,09 |
| **5** | 5 деца | 2 | 0,12 |
| | **Вкупно** | 1.618 | **100** |




**Графикон бр. 4** - Графички приказ на податоците од табела бр. 19

Од податоците што се однесуваат на структурата на згрижувачките семејства, во Република Србија за 2012 година може да се констатира дека вкупниот број на активни згрижувачи изнесува 1.618, најголем број од нив се во возрасна група од 41 до 50 години (26,51%), со средно образование, во кои е сместено најмногу по 1 дете. (Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012 година , 2013)

***Состојба на сместените деца во згрижувачките семејства***

Во компаративната анализа се согледани и податоците што се однесуваат на сместените деца во згрижувачко семејство, и тоа според полот, возраста и здравствената состојба, за да се согледа структурата на сместените деца во згрижувачките семејства.

Податоците за сместените деца во згрижувачките семејства што се однесуваат на полот укажуваат дека приближно се застапени и двата пола (машки 51,10% и женски 48,90%) (Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012 година , 2013)

Податоците што се однесуваат **возраста** за сите 2.501 дете сместени во згрижувачките семејства во Р. Србија укажуваат дека најголем број од децата се на возраст до 6 години - 68,89%, потоа децата во возрасна група од 7 до 10 години - 18,78%, а помал е бројот на деца во другите возрасни групи. (Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012 година , 2013)

**Табела бр. 20** - Возраст на сместените деца во згрижувачките семејства во Р. Србија

| **Ред. бр.** | **Возраст на дете сместено во згрижувачко семејство** | **Возраст на сместените деца во згрижувачките семејства во Р. Србија** | **%** |
|---|---|---|---|
| **1** | до 6 год. | 1.723 | 68,89 |
| **2** | 7-10 год. | 470 | 18,78 |
| **3** | 11-14 год. | 203 | 8,12 |
| **4** | 15-17 год. | 69 | 2,77 |
| **5** | над 18 год. | 36 | 1,44 |
| | Вкупно | 2.501 | 100 |




**Графикон бр. 5** - Графички приказ на податоците од табела бр. 20

Податоците што се однесуваат на здравствената состојба на децата сместени во згрижувачки семејства во Р. Србија укажуваат дека 19,64% од нив се деца со посебни потреби, со различен вид и степен на попреченост.

Според податоците што се однесуваат на децата сместени во згрижувачките семејства за кои се надлежни центрите за социјална работа во Р. Србија во 2012 година, нивниот број е 2.501 дете, според одредени карактеристики може да се констатира следнава структура: според полот повеќето се машки, според возраста најмногу се деца до 6 години и најголем процент од сместените деца се во добра здравствена состојба.

**Здруженија во функција на поддршка на згрижувачките семејства**

Во однос на здруженијата за поддршка на згрижувачките семејства во Р. Србија може да се констатира дека постојат во поголем број како здруженија на згрижувачи што претставуваат група за меѓусебна поддршка. Исто така постојат и други форми на групна работа со згрижувачите за размена на искуства и за да се увиди дека и други имаат слични проблеми и дека заеднички можат да го најдат решението на проблемот.

Значајно е да се истакне и тоа што во Р. Србија има и многу невладини организации што им помагаат на згрижувачите. Тие се нивни соработници што работат заедно на подобрување на квалитетот на грижа.

## 3. СОГЛЕДУВАЊА ОД КОМПАРАТИВНАТА АНАЛИЗА НА СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА ВО ДЕЛОТ НА ЗГРИЖУВАЧКИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО Р. МАКЕДОНИЈА И ВО Р. СРБИЈА

### *Права и услуги на децата без родители и родителска грижа*

За да се определи статусот на едно дете дали е дете без родителска грижа многу е значајна законската определба, односно дефиницијата што се подразбира под „дете без родителска грижа".

Во однос на дефиницијата не постои разлика. Во двете држави дефиницијата за дете без родители и без родителска грижа ги опфаќа истите причини за дефинирање на овој статус. Меѓутоа нашата практика укажува на потребата од појасно дефинирање на делот на тоа што се подразбира под „дете без родителска грижа", што всушност се подразбира под „дете чие родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности" и дали сите причини ќе бидат прифатливи и секое дете ќе добива статус дете без родителска грижа.

Затоа што во практиката кај нас и детето што има живи родители, но тие го напуштиле поради засновање нова брачна заедница, а новиот брачен партнер не го прифаќа детето од претходниот брак и тоа се сместува во установа или во згрижувачко семејство, го добива статусот дете без родителска грижа.

Честопати се наметнува прашањето до кога родителите (ако може да се наречат родители) ќе ги создаваат децата, а државата ќе треба да ги чува и да мисли на нив. За оваа и слични ситуации дефинитивно треба да се најде законско решение. Родителот не смее да го напушти сопственото дете, тој има обврска да го чува и да се грижи за него. Доколку го напушти, родителот треба да одговара кривично. Во практиката имаме многу слични ситуации, но ако

навреме не се преземат сериозни чекори, овие родители ќе бидат лош пример за другите, а секогаш негативните примери побрзо се прифаќаат од позитивните.

Центарот за социјална работа како орган за старателство што треба да го заштити детето треба да реализира добри процени и да ги користи сите механизми за да го предупреди и казни неодговорниот родител. Тогаш во државата вистинските деца без родителска грижа ќе ја добијат соодветната заштита.

Анализирајќи ги законските права и услуги што ги имаат децата без родители и родителска грижа во нашата држава може да се констатира дека позитивно е што државата презема мерки на заштита кон оваа категорија деца, но тие се премногу заштитнички, не водат кон осамостојување на децата и градење на сопствената иднина. Веднаш се наметнува прашањето зошто се премногу заштитнички.

Тоа најдобро се објаснува преку следниов пример од практиката. Имаме дете без родители и родителска грижа на 10-годишна возраст, родено вонбрачно, со неутврдено татковство (посочен татко), оставено поради заминување на мајката во непознат правец, а центарот за социјална работа го сместил во детскиот дом „11 Октомври“-Скопје. Времето си поминува, детето со години престојува во установата, центарот чека детето да наполни 18 години, да заврши средно, да излезе од установата и по излегувањето да му даде 3.000 евра, потоа право на домување, да го вработи или да студира, ако студира 24.000 денари месечно, и сè така до 26-годишна возраст, а потоа да му додели стан. Во тој период центарот не ја пронашол мајката, не се ангажирал да го утврди татковство и да воспостави соработка со блиски сродници на детето.

Се наметнува прашањето што направи системот од детето.

Одговорот е едноставен - презаштитена личност, несигурна во себе, која за цело време недостигот од родител го компензира со некакви парични надоместоци што не можат да ја заменат љубовта.

Следуваат и други прашања. Каде е мајката на ова дете? Зошто не е утврдено татковството? Зошто не се воспоставени релации со блиските сродници? Дали немаше да биде подобро центарот за социјална работа да ја

пронајде мајката или, пак, таткото, да ги зајакнеше нивните родителски капацитети, финансиски да им помогнеше и детето да растеше со еден од двајцата родители?

Треба сериозно да се размислува за заштитата на оваа категорија деца, бидејќи погрешниот третман остава последици во текот на целиот живот.

Во таа насока е потребно да се преиспитаат сите парични права што ги добиваат овие деца и да се најдат нови законски решенија, кои повеќе би биле насочени кон јакнење на биолошкото семејство.

Во однос на паричната помош во Р. Србија може да се констатира дека ја немаат законски дефинирано.

Анализирајќи ја улогата на центарот за социјална работа во заштитата на децата без родители и родителска грижа и делот на згрижувачките семејства кај нас и во Р. Србија може да се констатира дека нема големи разлики. Разликата е во тоа што во Р. Србија центарот за социјална работа може дел од услугите од социјална заштита да ги дава само во рамките на своите посебни организациски единици ако добијат лиценца и ако во локалната заедница нема друг овластен давател на услуги од социјална заштита.

Во Р. Србија поддршка на згрижувачките семејства им е и центарот за семејно сместување, кој има многу задачи, и тоа: популаризирање на згрижувачкото семејство како форма на заштита преку спроведување кампањи, процена, подготовка на згрижувачите, планирање и следење на услугите и мерките за заштита на детето во згрижувачкото семејство, поттикнување организирана поддршка на работа во група за самоподдршка на децата и на згрижувачите, како и уште многу други активности за унапредување и за развој на згрижувачките семејства и заштитата на децата.

Во однос на центрите за социјална работа кај нас, каде што е развиена мрежата на згрижувачки семејства, потребно е да се вработи стручен тим што ќе работи само со згрижувачите. Можеби треба да се размислува за отворање агенција или нешто слично што ќе работи со згрижувачките семејства.

Согледувајќи ги податоците што се однесуваат на вработените во центарот за социјална работа кај нас може да се констатира дека во 30-те центри за социјална работа има вработено вкупно 1.538 лица, од кои стручни профили определени со Законот за социјална заштита се 533 стручни лица.

Според податоците, може да се констатира дека 34,65% од вработените се стручен профил, а преостанатите 65,35% се другите вработени во центрите за социјална работа. Од вкупниот број вработени, само 3,51% се педагози.

Во однос на бројот на вработени стручни работници во центрите за социјална работа во Р. Македонија може да се констатира дека во 8 центри недостига педагог како стручен профил. За да можат да функционираат центрите за социјална работа е потребно нивно стручно екипирање со сите стручни профили. Податоците исто така укажуваат дека во центрите за социјална работа имаме многу мал процент стручни работници во однос на другите вработени.

Од податоците што се однесуваат на бројот на вработени на стручните работници во центрите за социјална работа во Р. Србија може да се констатира дека најголем процент на застапеност се социјалните работници - 41,6%, правниците - 16%, психолозите - 15,4% и во преостанатите 27% влегуваат педагозите и другите стручни профили.

Податоците што се однесуваат на структурата на вработени во центрите за социјална работа во двете држави укажуваат дека се застапени сите профили, освен што постои разлика во профилот педагог. Во Р. Србија има специјални педагози и андрагози, а кај нас не се застапени овие педагози.

### Нормативна рамка на формата сместување во згрижувачко семејство

Заштитата на децата без родители и родителска грижа преку формата сместување во згрижувачко семејство се остварува преку Законот за семејство, Законот за социјална заштита и разни подзаконски акти за остварување одредени права. Во однос на нормативната рамка кај нас може да се констатира дека не е доволно јасна, секогаш има простор за различно толкување, правилникот за згрижувачките семејства не е целосен, не се објаснети стручните постапки, стандардите и процедурите што треба да се почитуваат, ги немаме сите информации на едно место за да може полесно да се следат.

За разлика од нашите законски и подзаконски акти, во Р. Србија законите имаат тек на сите постапки, а самиот правилник за згрижувачи всушност претставува водич каде што сè е јасно и прецизно дефинирано.

Во однос на бенефициите што ги имаат, згрижувачките семејства кај нас, во Р. Македонија, добиваат надоместок за трошоците за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице, а исто така можат да се стекнат и со паричен надоместок за згрижувач по наврпувањето 62-годишна возраст.

Во Р. Србија може да се констатира дека, покрај надоместоците што ги добива згрижувачот за грижата што ја дава и надоместокот за детето за кое се грижи, добива и одредени други бенефиции. Згрижувачите во Белград добиваат и плус 50% попуст на комуналните услуги, попуст при плаќање граѓанско земјиште за градба на индивидуална куќа и слично. Додека, пак, детето сместено во згрижувачко семејство добива и џепарлак.

Затоа е добро кога се компарираат два или повеќе системи, може да се согледаат разни искуства, но секако притоа треба да бидеме селективни, да знаеме што ни е потребно и тоа да го приспособиме на наши услови. И во овој случај, кога се однесува на бенефициите, не значи дека и ние треба да им дадеме исти бенефиции на нашите згрижувачи. Напротив, секоја општина треба да ги приспособи на локално ниво. Не е толку важна висината на бенефицијата колку што е значајно вреднувањето на улогата згрижувач. На згрижувачот многу му значи тоа што некој го почитува и го вреднува неговиот труд, а на тој начин се мотивираат и другите граѓани што сакаат да бидат згрижувачи.

### *Стручно постапување на стручните работници во центрите за социјална работа*

Во последниве неколку години во нашата држава се става голем акцент на издигање на квалитетот на работа на стручните работници во системот на социјална заштита, и тоа преку подготвување стандарди, процедури за постапување, програми за работа со корисници изложени на разни социјални ризици, обуки за нивна примена, изработка на разни техники за процена на потребите и согледување на состојбите и слично. Сите овие стручни

материјали имаат единствена цел, а тоа е подобрување на пристапот кон корисниците.

Во делот на стручното постапување на стручните работници на центрите за социјална работа во двете држави не постои разлика во фазите на поскапување, меѓутоа во Р. Србија сè е јасно дефинирано во правилникот, а тоа значи и јасно дефинирани улоги и одговорности. Така јасно дефинираните улоги и одговорности овозможуваат полесен, попрегледен и побрз начин на следење, а истовремено и подобро дејствување и јакнење на компетенциите.

Позитивно во системот на социјалната заштита во Р. Србија е постоењето на центарот за семејно сместување, кој им е поддршка на згрижувачите, и на центарот за социјална работа.

Всушност, недостаток во нашиот систем на социјална заштита е поддршката на центрите за социјална работа во делот на згрижувачките семејства и сместените деца. Затоа можеби во иднина треба да се размислува за отворање центар/агенција за поддршка.

### Состојба на згрижувачките семејства и на сместените деца

Споредувајќи ги податоците што се однесуваат на структурата на згрижувачките семејства во Р Србија и во Р. Македонија може да се констатира дека процентуално нема големи разлики во однос на параметрите што беа согледани (возраста, степенот на образование и бројот на сместени деца во едно згрижувачко семејство).

Од податоците што се однесуваат на степенот на образование на згрижувачите може да се констатира дека кај нас најголем број се со основно образование (61,38%), а во Србија најмногу се со средно образование (52,41%). Во однос на згрижувачите со високо образование може да се констатира дека и во двете држави постои мал интерес.

**Табела бр. 21** - Податоци за згрижувачките семејства во Р. Македонија и во Р. Србија според степенот на образование

| Степен на образование | Згрижувачки семејства Македонија | % | Згрижувачки семејства Србија | % |
|---|---|---|---|---|
| Завршено 4 одд. од ОУ | 5 | 3,78 | 107 | 6,61 |
| Основно училиште | 81 | 61,38 | 431 | 26,64 |
| ССС | 41 | 31,06 | 848 | 52,41 |
| ВШС | 1 | 0,75 | 147 | 9,08 |
| ВСС | 4 | 3,03 | 85 | 5,26 |
| Вкупно | 132 | 100 | 1.618 | 100 |




**Графикон бр. 6** - Графички приказ на податоците од табела бр. 21

Тоа значи дека во иднина треба да се бараат законски решенија што би ги мотивирале лицата со вишо и високо образование да се пријават за згрижувачи. Интересен е податокот што се однесува на возраста на згрижувачите во двете држави. Најмногу се застапени згрижувачите во возрасната група од 41 до 50-годишна возраст. Исто така и во двете држави е мал бројот на згрижувачи до 30-годишна возраст. Кај нас немаме згрижувачи над 65 години, затоа што таа е законски дозволената горна граница.

**Табела бр. 22** - Податоци за згрижувачките семејства во Р. Македонија и во Р. Србија според возраста

| Возраст на згрижувачите | Згрижувачки семејства Македонија | % | Згрижувачки семејства Србија | % |
|---|---|---|---|---|
| До 25 год. | / | / | 3 | 0,18 |
| 26–30 год. | 6 | 4,55 | 38 | 2,36 |
| 31-40 год. | 13 | 9,85 | 240 | 14,83 |
| 41-50 год. | 58 | 43,94 | 429 | 26,51 |
| 51-55 год. | 21 | 15,91 | 347 | 21,46 |
| 56-60 год. | 24 | 18,18 | 328 | 20,27 |
| 61-64 год. | 10 | 7,57 | 119 | 7,35 |
| 65-70 год. | / | / | 79 | 4,88 |
| Над 70 год. | / | / | 35 | 2,16 |
| Вкупно | 132 | 100 | 1.618 | 100 |




**Графикон бр. 7** - Графички приказ на податоците од табела бр. 22

Од податоците што се однесуваат на бројот на сместени деца во едно згрижувачко семејство во двете држави може да се констатира дека најмногу се застапени семејствата што згрижуваат едно или две деца, а помалку се застапени три, четири или пет деца.

**Табела бр. 23** - Податоци за згрижувачките семејства според бројот на сместени деца

| Број на деца сместени во згрижувачко семејство | Згрижувачи Македонија | % | Згрижувачи Србија | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 дете | 55 | 41,66 | 819 | 50,62 |
| 2 деца | 56 | 42,43 | 565 | 34,92 |
| 3 деца | 15 | 11,36 | 182 | 11,25 |
| 4 деца | 4 | 3,03 | 50 | 3,09 |
| 5 деца | 2 | 1,52 | 2 | 0,12 |
| **Вкупно** | **132** | **100** | 1618 | **100** |




**Графикон бр. 8** - Графички приказ на податоците од табела бр. 23

***Состојба на сместените деца во згрижувачките семејства***

Исто така е направена и споредба на податоците што се однесуваат на полот и возраста и на здравствената состојба на сместените деца.

Од податоците што се однесуваат на полот на сместените деца и во двете држави се приближно застапени децата од двата пола, тоа значи дека во социјален ризик можат да се најдат децата од двата пола, ризикот не прави

селекција, но секогаш згрижувачите се тие што треба да внимаваат во пристапот кон децата во согласност со нивните потреби.

**Табела бр. 24** - Податоци за сместените деца во згрижувачките семејства во Р. Македонија и во Р. Србија според полот

| Пол | Македонија | % | Србија | % |
|---|---|---|---|---|
| Машки | 111 | 46,84 | 1.278 | 51,1 |
| Женски | 126 | 53,16 | 1.223 | 48,9 |
| Вкупно | 237 | 100 | **2.501** | **100** |




**Графикон бр. 19** - Графички приказ на податоците од табела бр. 24

Во однос на возраста на сместените деца во згрижувачките семејства може да се констатира дека кај нас приближно се застапени децата на возраст до 14 години (75,53%) од вкупниот број деца сместени во згрижувачко семејство, а преостанатиот број деца (24,47%) се децата на возраст од 15 до 17 години и на 18-годишна возраст.

Додека, пак, податоците што се однесуваат на возраста на децата сместени во згрижувачките семејства во Р. Србија укажуваат дека најголем број од нив се децата до 6-годишна возраст (68,89%), помалку се застапени децата од другите возрасни групи.

**Табела бр. 25** - Податоци за сместените деца во згрижувачките семејства во Р. Македонија и во Р. Србија според возраста

| Возраст на дете сместено во згрижувачко семејство | Македонија | % | Србија | % |
|---|---|---|---|---|
| до 6 год. | 52 | 21,95 | 1.723 | 68,89 |
| 7-10 год. | 61 | 25,74 | 470 | 18,78 |
| 11-14 год. | 66 | 27,84 | 203 | 8,12 |
| 15-17 год. | 33 | 13,93 | 69 | 2,77 |
| над 18 год. | 25 | 10,54 | 36 | 1,44 |
| Вкупно | 237 | 100 | 2.501 | 100 |




**Графикон бр. 20** - Графички приказ на податоците од табела бр. 25

Во однос на здравствената состојба на сместените деца во згрижувачки семејства што се однесува на податокот колку од овие деца се категоризирани, а колку не, може да се констатира дека и во двете држави се згрижени здрави деца и деца со различен вид и степен на попреченост.

Кај нас од вкупниот број згрижени деца, 52,33% се здрави, а преостанатите 47,67% се со различен вид и степен на попреченост, додека, пак, во Р. Србија 80,36% се здрави деца, а 19,64% се деца со посебни потреби со различен вид и степен на попреченост.

Податоците што се однесуваат на сместените деца во згрижувачките семејства во двете држави укажуваат на фактот дека негативните појави во

државите, долгиот период на транзиција и сите негативни појави што се резултат на транзицијата најмногу се одразуваат на децата, тие ги трпат последиците. Може да се констатира дека се зафатени сите возрасни групи на деца, не избирајќи ги според полот и здравствената состојба.

Во иднина и двете држави треба да стават поголем акцент на превенцијата од социјален ризик, а тоа значи да се зајакне семејството и неговата воспитна улога. Доколку семејството не е во можност да се справи со проблемите, институциите на системот треба да дејствуваат навреме и да не дозволат проблемите да ескалираат. Ако системот на заштита кон граѓаните е насочен така, тогаш бројот на лицата изложени на социјален ризик ќе биде помал.

**Здруженија во функција на поддршка на згрижувачките семејства**

Од сознанијата добиени во однос на здруженијата кои се во функција на поддршка на згрижувачките семејства во двете држави може да се констатира дека кај нас овој начин на поддршка на згрижувачките семејства сеуште не е заживеан ,направени се обиди да се формираат меѓутоа не профункционираа.

За разлика од кај нас, во Р.Србија може да се констатира дека постојат поголем број на здруженија кои се во функција на поддршка на згрижувачките семејства,исто така постојат и други форми на групна работа со згрижувачите за размена на искуства и за да се увиди дека и други имаат слични проблеми и дека заеднички можат да го најдат решението на проблемот. Значајно е да се истакне и тоа што во Р. Србија има и многу невладини организации што им помагаат на згрижувачите. Тие се нивни соработници што работат заедно на подобрување на квалитетот на грижа.

Во иднина здруженијата треба да бидат во поголем број и да се во функција на поддршка на згрижувачките семејства .

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

## ЗАКЛУЧОК

Голем број деца во светот, па и кај нас, се изложени на ризик поради разни причини. Во однос на нашата држава може да се констатира дека вложува напори на разни начини да ги заштити децата и во огромна мера да ги намали нивните неволји, да го унапреди целосниот развој на нивниот човечки потенцијал и да им ја развие свеста за сопствените потреби, права и можности. Всушност активностите се во насока на сите деца да им се даде можност да го пронајдат сопствениот идентитет и да ја согледаат својата вредност во средината во која им се даваат сигурност и поддршка.

Република Македонија води посебна грижа за децата и за семејството во рамките на своите политики и стратегии, а особено во делот на заштитата на децата без родители и родителска грижа и на оние со ризик да останат без родителска грижа. Според Универзалната декларација за правата на човекот од 1948 година: „Семејството е природен и основен елемент на општеството и има право на заштита од страна на државата и на општеството" (членот 16).

Во таа насока, тргнувајќи од основните човекови права, вклучувајќи ги и правата на детето, Р. Македонија се залага за унапредување на заштитата на децата и за достигнување на европските стандарди на грижа.

Р. Македонија се грижи за социјалната заштита на граѓаните во согласност со начелото на социјалната праведност. Социјалната заштита во Р. Македонија е заснована врз начелото на хуманизам, социјална праведност и солидарност, кои државата им ги гарантира на сите граѓани, без разлика на полот, расата, бојата на кожата, националната, етничката, социјалната, политичката, верската, културната, јазичната, имотната и општествената припадност, онеспособеност и потекло.

Владата на Република Македонија, како социјална држава, презема соодветни мерки за заштита на овие деца преку примената на разни форми на грижа: посвојување, сместување во згрижувачко семејство или во установи.

При определувањето на формата на заштита на детето изложено на социјален ризик стручните работници од центарот за социјална работа тргнуваат од најдобриот интерес на детето во согласност со неговите потенцијали и потреби во сите сфери на неговиот раст и развој.

Во согласност со Законот за семејство, дете без родители и родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чие родители, без оглед на причините, привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Според податоците што се користени од електронската база ЛИРИКУС, во мај 2013 година во Република Македонија се регистрирани вкупно 1.366 деца без родители и родителска грижа, од кои во згрижувачко семејство се сместени вкупно 273 деца.

Во согласност со законските и подзаконските акти, оваа категорија на деца ужива одредени права и услуги на заштита до 26-годишна возраст.

Со истражувањето во овој труд беа опфатени децата сместени во згрижувачките семејства од три општини, Прилеп, Македонски Брод и Крушево, каде што во периодот 2009-2010 година имаше вкупно 101 сместено дете и 58 згрижувачки семејства.

Изборот на центрите за социјална работа беше намерно направен, бидејќи има голем број сместени деца и згрижувачки семејства, а нема доволен број стручни лица што ќе работат со деца. Па затоа, со помош на мобилниот тим од стручни лица, кој беше избран во согласност со потребите на децата, им се даде поддршка и помош на сместените деца и на згрижувачите што непосредно се грижат за правилниот раст и развој на овие деца.

Од спроведеното истражување може да се констатира дека во однос на згрижувачките семејства во Р. Македонија најголем број од згрижувачите се невработени, со основно образование (61%), се наоѓаат во возрасната група од 41 до 50-годишна возраст (44%). Споредено со згрижувачките семејства во Р. Србија, може да се констатира дека кај нив оваа форма многу е развиена, но имаат и голем број деца без родители и родителска грижа.

Во однос на згрижувачите, кај нив најмногубројни се оние во возрасната група од 41 до 50-годишна возраст (26,54%), но се разликуваме во однос на степенот на образование. Кај нив најголем процент се со средно образование (53%).

Од теоретските сознанија и резултатите во овој труд можат да се изведат голем број заклучоци што отвораат нови прашања, но и сугерираат

многу практични решенија за издигање на квалитетот на грижа на децата без родители и родителска грижа.

На заклучоците и на препораките во трудот влијание има и компаративната анализа на нашиот систем за социјална заштита во однос на децата без родители и родителска грижа сместени во згрижувачки семејства во Р. Србија.

Од компаративната анализа на двата система во делот на заштитата на децата преку сместување во згрижувачко семејство може да се заклучи дека не постојат големи разлики во поставеноста на системите, туку во квалитетот на давањето на услугите, особено во стручната документација со која располагаат стручните работници во Р. Србија, која е преточена во стандарди што се почитуваат и применуваат.

Добиените сознанија од компаративната анализа на двата система во делот на заштитата на децата преку сместување во згрижувачко семејство укажува на следново:

- Не постои разлика во фазите на поскапување, меѓутоа кај нив сѐ е јасно дефинирано во правилникот, а тоа значи и јасно дефинирани улоги и одговорности. Така јасно дефинираните улоги и одговорностите овозможуваат полесен, попрегледен и побрз начин на следење, а истовремено и подобро дејствување и јакнење на компетенциите.
- Позитивно што го има во системот на социјална заштита во Србија во делот на згрижувачките семејства е ***Стандардот за заштита на детето во згрижувачко семејство.***

Овој стандард ги содржи условите во поглед на просторот, опремата во згрижувачкото семејство и во поглед на задоволувањето на здравствените и развојните потреби на детето (исхрана, здравје, предмети за лична употреба, воспитно-образовни потреби).

Пример: Во однос на исхраната на детето згрижувачкото семејство треба да обезбеди исхрана во согласност со принципите за здрава исхрана според неговата возраст и здравствена состојба, и тоа:

за дете до 1 год. - 6 оброци дневно

за дете над 1 год. - 5 оброци (појадок, ручек, вечера и две ужинки)

Згрижувачот е должен да обезбеди разновидна храна, количество и квалитет потребни за здрав развој на детето.

Овој стандард е од големо значење за следење на квалитетот на згрижувањето, односно на дадените услуги кон сместеното дете од страна на згрижувачот.

Ова од наша страна неколкупати е доставено до Министерството за труд и социјална политика, но сè уште не е прифатено, со образложение дека предлогот предизвикува фискални импликации.

❖ Позитивно во однос на стручната документација што се води од страна на стручните работници во центрите за социјална работа во Србија е подготвувањето повеќе планови, и тоа:
  - план за подготовка на детето и на згрижувачкото семејство за сместување
  - план за меѓусебно приспособување на детето и на згрижувачкото семејство
  - план на услуги и на мерки во текот на растењето во згрижувачкото семејство
  - план за подготовка на младата личност за еманципација и за напуштање на заштитата

Во овие планови јасно се дефинирани содржините на активностите што треба да се реализираат.

❖ Позитивно во системот на социјалната заштита во Р. Србија е постоењето на Центарот за семејно сместување, кој им е поддршка на згрижувачките, и на Центарот за социјална работа.

Меѓутоа доколку се направи споредба во Р. Македонија на периодот пред 20 години и денес во делот на заштитата на децата без родителска грижа и примената на формата сместување во згрижувачко семејство, може да се заклучи дека има огромен напредок.

Пред 20 години не постоела стручна документација за работа на центрите за социјална работа, се ставал акцент само на зголемување на бројот на згрижувачките семејства. Но денес постои голем напредок во квалитетот преку

подобрување на правната рамка, стручните документи и издигањето на квалитетот на грижата кон децата.

Секогаш постои простор за подобрување на работите за издигање на квалитетот на грижата преку постојано осовременување на постапките, стручно-методолошкиот пристап, преку воведување стандарди за квалитет и законските и подзаконските акти.

Како држава, за да можеме да одиме напред, да го подобруваме системот на заштита и да ги унапредуваме услугите, треба да правиме ретроспектива на минатото, но секогаш да се споредуваме и стремиме кон некој што е понапред од нас и за сè што сакаме да примениме е потребно добро да ги испитаме предусловите за негова примена, но и да го приспособиме на нашите услови.

Истражувањето имаше цел да покаже дека токму со мала промена, но добро осмислена и приспособена на потребите, може да се постигнат позитивни промени во издигањето на квалитетот на грижата кај децата сместени во згрижувачко семејство.

Самото истражување укажува дека непосредната стручна помош и поддршка на згрижувачките семејства се од големо значење за подобрување на грижата, правилен раст и развој и олеснување во пристапот на згрижувачите кон децата преку добивање совети од компетентни стручни лица.

Оваа поддршка, покрај тоа што е олеснување за децата и за згрижувачките семејства од една страна, претставува поддршка и за стручниот тим од центарот за социјална работа од друга страна.

Позитивните промени што се постигнати кај сместените деца во згрижувачките семејства од трите општини во согласност со нивните развојни потенцијали што се однесуваат на нивното подобрување во хигиенско-културните и, работните навики, подобрување на аудио и визуелните перцепции, подобрување на моториката и слично, треба да бидат мотив за понатамошна заложба на креаторите на политиката да најдат начин ова да биде секојдневие за сите деца.

Истражувањето укажува дека системот на социјална заштита треба да биде поврзан со здравствениот систем во делот на давање услуги во домашни услови, за некои интервенции, како и совети за сместените деца наместо да се

чека пред ординациите на лекарите, логопедите, ортопедите и други стручни лица.

Овие стручни лица можат да ги даваат услугите во домот или во дневен центар за деца со посебни потреби, да дадат одредени насоки, препораки и совети за постапување.

Исто така, истражувањето имаше за цел да покаже дека во центрите за социјална работа каде што немаме целосен стручен тим, а имаме развиено мрежа на згрижувачки семејства изостануваат континуираната стручна помош и поддршка на згрижувачките семејства.

Честопати стручните лица од центрите за социјална работа го сместуваат детето во згрижувачкото семејство и по долг временски период одат да го посетат, се разбира ако во меѓувреме згрижувачот не побара помош. Но нередовното следење на детето од страна на стручните лица и ненавременото ажурирање на планот на детето доведуваат до одредени проблеми во грижата, кои подоцна потешко се решаваат.

Исто така, значаен проблем во примената на оваа форма на заштита, сместување во згрижувачко семејство за прифаќање деца со посебни потреби, претставува и недостигот од стручен профил дефектолог во центрите за социјална работа.

Резултатите од истражувањето се показател дека ако се вклучат сите потребни стручни профили во грижата на детето, т.е. ако детето ја добие соодветната грижа и се задоволат неговите потреби во насока на стимулирање на неговиот развој во согласност со неговите потенцијали, позитивните промени ќе бидат видливи. Тоа значи дека секој стручен профил може да си ги најде своето место и улогата во стимулирањето на развојот на детето и во поддршката на згрижувачкото семејство.

Со преземање соодветни чекори за надминување на тешкотиите во нашиот систем на грижа при примена на оваа форма на заштита, сместување во згрижувачко семејство, кои се однесуваат во делот на законската регулатива, стручното постапување каде што има одредени пропусти поради недоволни човечки, технички и ресурси на локално ниво во грижата на децата, би се изградил систем што би бил поблиску до корисниците и во согласност со нивните потреби.

## *ПРЕПОРАКИ*

Кога станува збор за подобрување на квалитетот на заштита и грижа на децата без родителска грижа во Р. Македонија, честопати си ги поставуваме прашањата дали сме на вистинскиот пат во грижата на децата и зошто родителите ги оставаат сопствените деца, а стручните работници од центрите за социјална работа многу малку преземаат казнени мерки спрема нив, како и уште многу слични прашања за кои нема едноставен одговор, туку треба да се бара системско решение.

Но ако сакаме да најдеме одговор на прашањата, потребно е вистински да им пријдеме на работите, добро да ги анализираме законските и стручните постапувања и одговорите сами ќе дојдат.

Во однос на првото прашање, дали сме на вистинскиот пат, сметам дека е потребна заштита на оваа категорија деца, но треба добро да бидат одмерени правата и услугите што ги уживаат децата без родители и родителска грижа, да не бидат премногу заштитнички до 26-годишна возраст, бидејќи периодот е премногу долг. Исто така во овој период добиваат и разни парични права наместо да ги јакнеме и да ги оспособиме за самостоен живот, да им ги отвораме видиците кон светот за да можат да се соочат со реалноста што ги чека во животот.

Во однос на второто прашање, зошто родителите ги оставаат сопствените деца, а стручните работници од центрите за социјална работа многу малку преземаат казнени мерки спрема нив, одговорот лежи во дефиницијата за тоа што се подразбира под „дете без родителска грижа“. Многу се нејасни причините кои деца треба да го добијат овој статус. Сега се опфатени и децата чии родители ги оставиле поради разни причини (засновале нова брачна заедница, заминале во странство, не биле станбено-материјално обезбедени и слично). Стручните работници, постапувајќи според законот за семејство, веднаш го заштитуваат детето, но спрема родителите не преземаат никакви казнени мерки.

До кога родителите ќе ги ослободуваме од родителската улога и грижа, а државата ќе мисли на нивните деца? Се разбира, сè додека не се донесат поригорозни законски мерки и тие не се имплементираат во практиката.

За да може да се подобри квалитетот на заштита на децата без родители и родителска грижа потребно е да се направат системски промени во следната насока:

1. Се препорачуваат измени во Законот за семејство во делот на дефиницијата, да се прецизира што точно се подразбира под „дете без родителска грижа".

2. Се препорачува преиспитување на досегашните права и услуги што ги добиваат децата без родители и родителска грижа и тие да се пренасочат кон ставање на детето во активна положба.

3. Се препорачуваат измени и дополнувања во Законот за социјална заштита во делот на
   - формите на грижа, и тоа, наместо институционални и вонинституционални форми на заштита, да стојат алтернативни форми, кои подразбираат грижа во семејството и надвор од него. * Водич за алтернативна грижа за децата, (*Советот за човекови права,* Генерално собрание, 2009 год.)

4. Се препорачува и воведување нова форма роднинско згрижување, за кое роднините што ќе се грижат ќе добиваат надоместок.

5. Се препорачува да се димензионира временскиот период на престој на дете во установа.

6. Се препорачува да се отворат центри за родители во кои би се работело на јакнење на родителските капацитети, а со тоа би се превенирало децата да не останат без родителска грижа.

7. Се препорачуваат промени во Правилникот за згрижувачки семејства, и тоа:

- Издигање на образовното ниво на згрижувачите од основно на задолжително средно образование.
- Внесување минимум стандарди за заштита на детето во поглед на просторните услови и опремата, задоволувањето на здравствените и на развојните потреби на детето, опремата за лична хигиена, облеката, обувките, воспитно-образовните потреби што треба да бидат исполнети од страна на згрижувачкото семејство.

8. Се препорачува намалување на бројот на деца во згрижувачко семејство најмногу до 3 деца плус сопствените (сега е 5 деца плус сопствените) за да се добие квалитетна грижа.

9. Се препорачува да се подготви стандардот за заштита на детето во згрижувачко семејство, кој би ги содржал условите во поглед на просторот, опремата во згрижувачкото семејство и во поглед на задоволувањето на здравствените и развојните потреби на детето (исхрана, здравје, предмети за лична употреба, воспитно-образовни потреби).

10. Се препорачува зголемување на месечниот надоместок за трошоците за сместеното лице и надоместок за згрижување.

11. Се препорачува мрежата на згрижувачки семејства да се развие во сите центри за социјална работа во Р. Македонија.

12. Се препорачува да се вработат стручни работници во центрите за социјална работа, да постојат стручни тимови што ќе работат исклучиво со згрижувачките семејства и со сместените деца.

13. Се препорачуваат континуирани обуки и обуки за специјализирани згрижувачки семејства да бидат реализирани од страна на центрите за социјална работа, под мониторинг на ЈУ „Завод за социјални дејности“ - Скопје,

а не заводот да ја реализира обуката со специјализираните згрижувачки семејства.

14. Се препорачува континуирана поддршка на згрижувачките семејства од страна на центрите за социјална работа или во партнерство т.е. со поддршка од НВО-сектор со претходно подготвен протокол на соработка.

15. Се препорачува подобрување на евиденцијата во однос на згрижувачот и згриженото дете, да се води книга за детето.

16. Се препорачува во соработката со здравство/образование/дневните центри на локално ниво да се формираат мобилни тимови што ќе им нудат услуги на згрижувачките семејства во домашни услови.

17. Се препорачува да се отвори центар/агенција/дирекција за поддршка на згрижувачките семејства и на центрите за социјална работа.

Сметам дека значењето на ова истражување, заедно со заклучоците и со дадените препораки што произлегоа од теоретските и од практичните сознанија, претставува основа за преземање соодветни чекори за подобрување на квалитетот на грижата на децата без родители и родителска грижа воопшто, а исто така и во примената на формата сместување во згрижувачко семејство.

Всушност материјалот може да биде од корист за сите заинтересирани субјекти за преземање одредени мерки од областа на социјалната заштита во заштитата на децата без родители и родителска грижа.

# ЛИТЕРТУРА


1. Ajduković, M. & Sladović Franz, B. (2008) Instrumenti socijalnog rada za procjenjivanje obiteljske situacije i potreba djece. U: Ajduković, M. & Radočaj, T. (ur.) *Pravo djeteta na život u obitelji.* Zagreb: Unicef.
2. Ангеловска-Галевска,Н..(1988),*Квалитативни истражувања во*
3. Bašić, J. (2006), *Rizična ponašanja i prevencija - Sistem preveniranja socijalnog isključivanja mladih*, Zenica: Islamski pedagoški fakultet u Zenica.
4. Barber, J( 2004)Children in Foster Care
5. Bezenšek L, O. (2007), *Reakcije socijalnih radnica na nasilje u obitelji.* Zagreb.
6. Bergan,M. (1973), Promene porodice i problem porodcnog pitanja, Beograd
7. Beric., (1989),Vaspitanje deteta,Globus,Zagreb
8. Brajsa,P(1990),Drugciji pogled na brak i obitelj,Globos,Zagred
9. Brašnić, E., Ajduović, M. & Ručević, S.(2009) Privrženost i razvojni rizici djece i mladih u dječjim domovima. Dijete i društvo,11 (1-2)
10. Vajt Džon (2010), Roditeljske brige, Beograd, Školska knjiga
11. Vasilev,S (1999) :Porodica prva decja skola,GITP, Proleter Loznica
12. .Vidanovic.I.(1997) Pojedinac i porodica,Beograd.
13. Vidović, L. & Ivković, Đ. (2010.) *Smjernice za alternativnu skrb o djeci.* Zagreb: Ured Unicefa za Hrvatsku.
14. Vilotijević N. (2006). Porodična pedagogija. Beograd, Školska knjiga.
15. Vukov, G. (1988*): Porodica u krizi,* Medicinska knjiga, Beograd.
16. Vukoje J ,,Osnovne funkcije savremene porodice, Beograd.
17. Водичот за алтернативна грижа за децата,,(2009) *Советот за Човекови Права* Генерално Собрание,
18. Gasparetto,M.(2007),(Sogleduvanje za zgrizuvanje vo semejstvo, promocija, potraga I razvivanje na zgrzuvacki semejstva-Imola Italija
19. Genc,L.(1998)Dimenzije vaspitanja I razvoj licnosti:terorija I istrazivanja, Psihologija,4 121-131
20. Gidens.E,(2003),Sociologija,Ekonomski fakultet,Beograd
21. Golubovic.Z.(1981),Porodica kao ljudska zajednica ,Naprijed, Zagrdeb

22. Gulden Van Holly, Lisa Bartels-Rabb,(1995)Real Parents, Real Children: Parenting the Adopted Child ,Crossroad Publishing Co,U.S.
23. Grupa autor (2007)Porodica i drustveni system,Institut za socijalnu politiku,Beograd
24. Grupa autora,( 1986), Vaspitanje dece ranog uzrast,Zavod za ucebnike i nastavne sredstva,Beograd.
25. Група автори (1970),Воспитната функција на семејството во современи услови,Скопје
26. :Диретива од областа на згрижувањето во семејство и прифаќање во заедница на деца и млади лица,Регион Емилиа-Ромања, (2007) Италија
27. Група автори (2002),Прирачник за обука на згрижувачкото семејство
28. Група автори (1971),Семејството и воспитувањето,Скопје
29. Закон за социјална заштита (Сл.весник бр148 /2013)
30. Закон за семејство (Сл.весник бр148 /2013)
31. Zakon o socijalnoj zastiti (Сл гласнику РС,бр.24/11)
32. Зборник на материјали од научен собир (1992) Социјализација,Битола
33. Zvonarevic, M.(1985),*Socijalna psihologija,* Zagreb: Skolska knjiga.
34. Zegarac, N.i dr.(2009), *Zastita deteta od zlostavljanje*, Beograd: Jugoslovenski centar za prava deteta.
35. Zlebnik,Leon.,(1972),Psihologija deteta i mladih,Beograd
36. Ivic I (1984) Vaspitanje dece predskolskog uzrasta,Svjetlost Sarajevo
37. Izvestaj o radu centar za porodicni smestaj dece i omladine (2011) Београд
38. Jaksic.S.(1985) Dete i porodica,Beogradska Knjiga,Beograd.
39. Jankovic,I., Pesic, V.(1981), *Drustvene devijacije,* Beograd: Visa skola za socijalne radnike.
40. Jelena Janičić-Holcer (2007), Uspješni roditelj, uspješno dijete, Beograd:
41. Informator o radu Republika Srbija,Republicki zavod za socijalnu zastitu,(2013),Beograd
42. Jovanović B. (1998). Porodično vaspitanje. Jagodina, Učiteljski fakultet
43. Jovančević, M. (2008) O važnosti ranog odnosa dojenče-roditelj. U: Ajduković, M. i Radočaj, T (2008.) *Pravo djeteta na život u obitelj.* Zagreb: UNICEF (str. 27 – 40)
44. Kapor-Stanojlović, N.(1985) *Psihologija roditeljstva*, Nolit,Beograd.

45. Кембел,Р.(2009),*Вашето дете: Како вистински да го сакате*, Скопје: Ѓурѓа.
46. Кичукова,Катица,Саздова,Г.Димитрова,Т.(2006) Упатство за работа на центрите за социјална работа за развивање и примена на формата сместување во згрижувачко семејство ЈУ Завод за социјални дејности,Скопје: Сак – стил
47. Koller-Trbović, N. (1999c), Nizozemska. (red.Bašić, J. & Mamek Jagić, I), *Odgoj u domovima - kako dalje*, str. 185-197.
48. Koller-Trbović, N. (1999a),,Mjesto i uloga socijalne pedagogije danas.,,vo spisanie", *Kriminologija i socijalna integracija* 7, 21-25.
49.. Kokovic,D.Tripkovic,M.,(1993),Sociologija,Novi Sad
50. Конвенција за правата на детето.(2010), Скопје:УНИЦЕФ.
51. Kopić, Z., Korajac,V.(2010), ,,Djeca i djetinjstvo u dokumentima o pravima djece", *Život i škola br.24,* 56, 45-56.
52. Котева-Мојсовска,Т.(2006), *Семејното воспитување и социјалното однесување на децата*, Скопје: Академски печат.
53. KodzopeljicJ.Pekic,J.Genc,A.(2008)Relacije izmedju vaspitnog stavova roditelja i autiritarnosti dece.
54. Kosicek,M.(1983),Antiroditeli,Svjetlost,Beograd.
55. Krebs.B ( 2007) Beyond the Foster Care System: The Future of Teens Center in New York
56. Kuburić, Zorica(2001), Porodica i psihičko zdravlje dece, Beograd
57. Laklija.M.(2011) Modeli udomiteljstva u Europi, .Zagreb
58. Laklija, M. (2011.) Pristupi udomiteljskoj skrbi za djecu u svijetu i čimbenici koji utječu na ishode udomiteljstva. *Revija za socijalnu politiku,* 18(3), 291-308.
59. Лакинска,Дивна(1987),Семејството и воспитанието, Студенски Збор, Скопје
60. Lawrence J. Cohen (2009) ,Razigrano roditeljstvo,
61. Lekić, Đ. (1979), *Metodologija pedagoškog istraživanja i stvaralaštva*, Sarajevo: Zavod za udbenike i nastavna sredstva.
62. Lindblad.F.(2004), ,Adoption, Studentlitteratur
63. Longo I,( 2010), Roditeljstvo se moze uciti, Zagreb

64. Lord Jenifer(2001), Adopting a Child ,British Association for Adoption and Fostering (BAAF)
65. Ljubetić, Maja, (2007),Biti kompetentan roditelj, Mali profesor, Zagreb,
66. Matic,R. (1989) Igre i aktivnosti deca,Nova Prosveta,Beograd,
67. Matić,Vera., (2005) Sociologija, Beograd
68. Mary Ann Goodearle, ,(2006 ) Guide to Foster Parenting: Everything But the Kids!
69. Marjanovic,A: Vaspitna funkcija porodica,Predskolsko dete,Beograd
70. Matejević M., (2007). Vrednosne orijentacije i vaspitni stil roditelja. Niš, Filozofski fakultet.
71. Medić, S. i dr. (1997), *Škola za roditelje*, Beograd: Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta.
72. Medić,S.(1998),Koncepcije i model za brak, porodicu i roditeljstvo, *Istraživanja u pedagogiji i andragogiji*, 33-40.
73. Milenković,S, Vesna Argakijev, Gordana Maletić i Vladan Jovandić,(2010), Informator o detetu na hraniteljstvu „Moj životni put". Informator je pripremljen i odštampan u saradnji sa UNICEF-om. (www.hraniteljstvocps.gov.rs/latinica)
74. Milojković, M., Srna, J., Micovic, R.(1997), *Porodićna terapija*. Beograd: Centar za brak i porodicu.
75. Milošević, Lj. (1995),*Vaspitni odnosi u porodici,* Unireks, Nikšić
76. Milic.A (2001),Sociologoja porodice,Cigoja , Beograd
77. Milic,A.,(1998),Radjanje moderne porodice", Beograd,
78. Milojković, M., Srna,J..Micovic, R.(1997), *Porodićna terapija*. Beograd: Centar za brak i porodicu.
79. Mihanovic.V.Herencic,M..(2006),Kvalitativna analiza udomiteljstva za djecu s teskoskocama u Republici Hrvatskoj-Stanje I perspective, Zagreb
80. Mladenovic,M.:(1997) Osnovi sociologije porodice, Savremena Administracija, Beograd
81. Mladenovic, M. (1973), *Drustvena zastita porodice i deca*, Beograd: IP Rad.
82. Модул 4 Ангажирање и работење со семејства изготвен (2011) (Westwater International Partnerships) и Универзитетот во Стратклајд (University of Strathclyde), Шкотска
83. Mužić, V. (1986), *Metodologija pedagoškog istraživanja i stvaralaštva*, Sarajevo: Zavod za udbenike i nastavna sredstva.

84. Националната програма за развој на социјалната заштита. (2011-2021), (Сл.Весник бр.121 од 15.09.2010).
85. Национална програма за развој на образованието во РМ 2005-2015
86. Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015). (2012), Скопје: Министерство за труд и социјална политика и Светска здравствена организација.
87. Nacional FosterCare Associaciation 1994 London
88. Opacic,G.,(1995),Licnost u socijalnom ogledalu,Institut za pedagoska istrazivanja,Beograd.
89. Palcok,Z.(1985),Roditelji i odgoj dece,Savez drustva,,Nasa djeca,, Zagreb
90. Paskoleti Karlo(2009),Put do dobrog roditelja,
91. Pedagoška enciklopedija I.(1989), (red. Potkowak, N. i Simlesa, P.), Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.
92. Pedagoška enciklopedija II,(1989), (red. Potkowak, N. i Simlesa, P.), Beograd:Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.
93. Petkovic, V,(2008).Sociologija, Visoka Poslovna Škola, Cacak.
94. Петров,Р.Копачев,д Такишманова,Т.,Деинституционализација на деца со ментална ретардација,(2004)Македонска ризница,Куманово
95. Petrović.J (2009),Porodica,Kreativni Centar,Beograd
96. Pećnik, N. (2008.) Prema viziji roditeljstva u najboljem interesu djeteta. U: Daly, Mary (ur.) *Roditeljstvo u suvremenoj Europi: Pozitivan pristup.* Zagreb: Ministarstvo obitelji, branitelja i međugeneracijske solidarnosti. Str. 15-38.
97. Poldrugac,V(1979),Odgoj u porodici,Pedagoski Knizevan Zbor, Zagreb,
98. Porodicni zakon( *Сл. гласнику РС", бр.72/2011)*
99. Puljiz .V. (1994),Socijalna politika iobitelj,Pravni fakultet,Zagreb
100. Правилник о хранитељству(Сл. гласнику РС", бр.36/2008).
101. Поп Јорданова,Нада(2005) Како да се биде добар родител,Култура, Скопје
102. Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство,видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно зфрижувачко семејство,видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице,висината на надоместокот,трошоците за сместување и надоместокот за згрижување(Сл.весник,бр15/2013)

103. Правилник за уредувањена згрижувањето на малолетни лица во семејство,Провинција на Болоња (2005) Италија (превод)
104. Процедури за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, (2013), ЈУ Завод за социјални дејности,Скопје
105. Програма за проценка на згрижувачите(2013), ЈУ Завод за социјални дејности,Скопје
106. Rakić. Ivana.(2009),Mala knjiga za velike roditelje, Znanje, Zagreb,
107. Ралева, М., Бошкова, М. (2001), *Растеме заедно - Прирачник за поддршка на психичкиот развој и превенција на злоупотреба на децата од предучилишна возраст*, Скопје: Безбедно детство.
108. Rapaj,Z.,((1998),Kako razumeti svoe roditelje,Zavod za udzbenike I nastavna sredstva,Beograd
109. Rejčel. Moris, (2011), Prirucnik za samohrane roditelje,Kreativni centar
110. Pejić R. (2007). Uloga roditelja i njihov odnos prema detetu. Sarajevo,
111.. Rot, N. (1989), *Osnovi socijalne psihologije,* Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
112. Savic,B.(1954),Uloga porodica u vaspitanju dece,Rad,Beograd
113. Savićević, D.,(1967) Obrazovanje za život u porodici, Zavod za izdavanje udžbenika SRS, Beograd,
114..Sarah Gerstenzang ,(2007). Co-Parenting with the Foster Care
115. Saric, Z., Zganec, A.(2003),,Roditeljski odgojni postupci I problematicno ponasanje djece u ranoj adolescenciji", *Rizicni I zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece I mladezi,*
116. Синтетизован извештај о раду центра за породични смештај и усвојење деца и омладине за 2012год (2013), Републички завод за социјалну заштиту, Београд
117. Simpozium ,(2008),Podrska reformi hraniteljstva u Srbiji –FICE Srbija
118. Stanojlović, B. (1999): *Porodica i vaspitanje djece*, Naučna knjiga, Beograd.
119. Stanulovic-Kapor.H. (1985),Psihologija roditeljstva,Nilit,Beograd
120. Стандард за Квалитет за дете,(Q4)
121. Стандарди за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство , (2007), ЈУ Завод за социјални дејности,Скопје:
122. Stojaković.M(2005), Čovek i društvo", Vranje.
123. Stanojlović, B.(1997), Porodica i vaspitanje dece., Beograd

124. Stevanović, M.(2000) Predškolska pedagogija, EDK, Rijeka.
125. Strategiju razvoja socijalne zastite (Sluzbeni glasnik RS br 55/05 I 71/05
126. Стратегија за деинституционализација во системот заштита на Република Македонија -2008 год
127. Стратегија за демографски развој на РМ 2008-2015
128. Стандарди за рано учење и развој за деца од 0-6 години
129. Стручно – методолошки упатства и прирачници (2007), ЈУ Завод за социјални дејности,Скопје: Сак – стил
130. Temple-Plotz L., (2002) Practical Tools for Foster Parents
131. Templar.R( )100 Pravila odgoja,
132. Ţiţak, A., Koller-Trbović N., Lebedina-Manzoni M. (2001), *Od rizika do intervencije*, Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.
133. Tripkovoc,M.(1992) Porodica i drustvena kriza,Matica srpska,Novi Sad
134. C,Figle.(1990),Treating stress in families,New Yourk
135. Ferić, M. (2002), „Obitelj kao čimbenik rizika i zaštite za razvoj poremećaja u ponašanju djece i mladih", *Hrvatska revija za rehabilitacijska istraživanja,*
136. FICE Srbija-(2008) Prajd progam- Beograd,
137. Fromm Erich .,(2002), Autoritet i porodica
138. Функционална анализа на центрите за социјална работа во Република Македонија (2013). Необјавен труд: Басме,консалтинг и тернинг. Скопје: МТСП и Светска банка.
139. Freitas.M,Gunter.J,Frost.E and Michailidis M Children,Young Pepole and Families,Carocci editore
140. Holcer Jelena,Prirucnik za bebisiterke i roditelje,Mikro knjiga,Zagreb
141. Đorđević.B,(1005) Savremena porodica i njena vaspitna uloga, Prosveta Beograd

# *П Р И Л О З И*

**ПРИЛОГ 1:Прашалник** ***за згрижувачкото семејство***

**ПРИЛОГ 2: Прашалник** ***за за сместено дете во згрижувачко семејство***

**ПРИЛОГ 3: Прашалник** ***за стручно лице од центарот за социјална работа кој работи на проблематиката –сместување во згрижувачко семејство***

**ПРИЛОГ 4 Прашалник за претставници од локалната самопуправа за согледување на ресурсите на локално ниво**

**ПРИЛОГ 5: Протокол за работа на мобилниот тим**

Меѓуопштински Центар за социјална работа

---------------------------------------

*ПРАШАЛНИК*

***за згрижувачкото семејство***

## 1.Име и презиме на згржувачите

а)---------------------------------- ----------------------------------------------------
(име на жената) (презиме на жената)

б)---------------------------------- ----------------------------------------------------
(име на мажот) (презиме на мажот)

## 2. Место на живеење

Адреса :_______________________________________________

Населено место ________________________________________

## 3. Дата и место на раѓање

| | жената | мажот |
|---|---|---|
| Дата на раѓање | /_/_/ /_/_/ /_/_/_/_/ | /_/_/ /_/_/ /_/_/_/_/ |
| | ден месец година | ден месец година |

## 4. Национална припадност

**мажот**

- 1- Македонска
- 2- Албанска
- 3- Турска
- 4- Ромска
- 5-Српска
- 6- Друга ---------------------

**жената**

- 1- Македонска
- 2- Албанска
- 3- Турска
- 4- Ромска
- 5- Српска
- 6- Друга-----------------

## 5. Завршен највисок степен на образование

**жената**
- 1-Без образование
- 2-И до ИВ одделение
- 3-Основно образование
- 4-Средно образование
- 5-Вишо образование
- 6-Високо образование

**мажот**
- 1-Без образование
- 2-И до ИВ одделение
- 3-Основно образование
- 4-Средно образование
- 5-Вишо образование
- 6-Високо образование

## 6 .Јазик на кој зборуваат згрижувачите

- македонски
- албански
- ромски
- влашки
- друг јазик

## 7.Работен статус

**а) Вработеност**

**жената**
- 1 -Вработена
- 2- Невработена
- 3- Пензионерка

**мажот**
- 1 -Вработен
- 2- Невработен
- 3- Пензионер

**б)Занимање што се обавува(може да се опишат работните задачи што се извршуваат)**

жената------------------------------------------------------------------------------------------------

мажот-------------------------------------------------------------------------------------------------

**в)Работен стаж (да се заокружи во години)**

| | **жената** | **мажот** |
|---|---|---|
| Вкупно години на работен стаж | /_/_/ | /_/_/ |

## 8.Здравствена состојба на згрижувачите

***жената***
- 1- здрава
- 2- со потешки хронични заболувања
- 3-со физички хендикеп
- 4- друго

***мажот***
- 1-здрава
- 2-со потешки хронични заболувања
- 3-со физички хендикеп
- 4- друго

## 9.Стамбени положба и услови за домување:

**а) Во што живее семејството:**

- 1-Стамбена зграда
- 2- Индивидуална куќа

**б) Сопственост на станот:**

- 1-Сопствен
- 2-Сопственост на сродници
- 3-Сопственост на други
- 4-Друго ---------------------------------

**в) Станарски статус:**

- 1-Единствен корисник на целиот стан
- 2-Состанар(заедничко користење на станот)
- 3-Потстанар(корисник на дел од станот)

**г) Вкупна површина на стан / куќа што го користи семејството /_/_/_/ м$^2$ .**

**д) Основен материјал од кој се изградени надворешните ѕидови на станот/куќата**

- 1-Бетон, бетонски блокови, камен, тули и сл
- 2- Дрво, монтажни дрвени панели и сл
- 3-Слаб материјал(плитар,набој штици и сл)

**ѓ) Инсталации што постојат во станот:**

- 1-Водовод
- 2-Канализација
- 3-Електрична енергија
- 4- Парно греење

**е) Санитарија што постои во станот**

- 1-Бања во станот
- 2-Клозет во станот

**ж) Најчест начин на загревање на станот**

- 1-Централно парно греење
- 2-Тврди горива
- 3-Течни горива
- 4-Останати горива
- 5-Станот не се загрева

**з) Дали во станот има влага 1- има 2- нема**

**10.Број на членови на семејството(без згрижените деца)**

- 1-Малолетни /_/_/
- 2-Полнолетни /_/_/
- 3-Стари лица (над 65 год) /_/_/
- 4-Број на деца од предучилишна возраст: /_/_/
- 5-Број на ученици во школската 2006 / 07 год: /_/_/
- 6-Број на студенти во учебната 2006/ 07 год /_/_/

## 11.Други податоци за згрижувачите

**11.1. Колкав е бројот на деца за кои сега се грижите /_/_/ ?**

**11.2.Кои беа Вашиите мотиви за да бидете згрижувач?**

- 1-Хумани побуди
- 2-Желба за деца (бидејќи нема сопствени)
- 3-Љубов кон децата
- 4-Обезбедување материјални средства за егзистенција на семејството

**11.3. Дали имате посетено обука за како да се грижите за детето кое е сместено кај Вас?**

- 1- Да
- 2- Не

**11.4. Доколку не сте посетиле обука дали би сакале да бидете обучени за згрижување на деца без родители и родителска грижа?**

- 1- Да
- 2- Не

**П о п о л н и л**

______________________

**Д а т а** ________________

**Место** ________________

**ПРИЛОГ 2:**

Меѓуопштински центар
за социјална работа

______________________________

***ПРАШАЛНИК***

***за сместено дете во згрижувачко семејство***

**1. Име и презиме на згрижувачот**

__________________________________________________________

**2. Лични податоци за детето**

а) Име и презиме

--------------------------------------- ----------------------------------------------------------------

(име) (презиме)

**3. Пол**

- 1-Женско
- 2-Машко

**4. Дата и место на раѓање**

Дата на раѓање /_/_/ /_/_/ /_/_/_/_/
ден месец година

Место ______________________________

**5. Национална припадност**

- 1- Македонска
- 2- Албанска
- 3- Турска
- 4- Ромска
- 5-Српска
- 6- Друга

______________________

**6. Државјанство**

- 1- Македонско
- 2- Албанско
- 3- Турско
- 5-Српско
- 6- Друго____________________

**7. Јазик на кој зборуваат**

- македонски
- албански
- ромски
- влашки
- друг јазик

8. **Какво е потеклото на детето според брачната состојба на биолошките родители?**
    - 1-Брачно
    - 2- Вонбрачно
    - 3- Непознато
9. **Дали детето има живи родители и блиски сродници**

- 1-Мајка
- 2-Татко
- 3-Браќа (колку)-------
- 4-Сестри (колку)-------
- 1-Баба
- 2-Дедо
- 3-Други роднин___________________

10. **Здравсвена состојба на биолошките роители**

**мајката**

- 1-Здрава
- 2-Тешки хронични заболувања
- 3-Пречки во психичкиот развој
- 4-Пречки во физичкиот развој
- 5-Друго

**таткото**

- 1-Здрав
- 2-Тешки хронични заболувања
- 3-Пречки во психичкиот развој
- 4-Пречки во физичкиот развој
- 5- Друго

11. **Од каде е упатено детето ?**
    - 1-Биолошкото семејство
    - 3-Дом за доенчиња и мали деца-Битола
    - 4-Детски дом 11 Октомври-Скопје
    - 5-Специјален Завод Демир- Капија
    - 6-ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје
    - 7-ЈУ Завод за згрижување и воспитување на деца и младинци Ранка Милановиќ
    - 8-ЈУ Завод за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми-Скопје
    - 9- Од друга установа__________________________________________________
    - 10-Од друго семејство

12. **Дали детето е ставено под старателство?**
    - 1-Да
    - 2-Не

13. **Ако е ставено под старателство кој е назначен за старател на детето?**

    - 1-Блиски сродници
    - 2-Непосредно Центарот за социјална работа
    - 3-Вработено лице од Центарот за социјална работа
    - 4-Носителот на згрижувачкото семејство

## Податоци за причините и видот на згрижувањето на детето

**14..Која е основната причините за сместување на детето во друго семејство?**

- 1-Нема живи родители
- 2-Непознати родители
- 3-Со непознато место на живеење
- 4-Родители спречени да го извршуваат родителското право
- 5-Родители со одземено родителско право
- 6-Потекнуваат од социјално-материјално загрозени семејства
- 7-Потекнуваат од семејства со пореметени семејни односи

**15.Дата од кога детето е згрижено во семејството? /_/_/ /_/_/ /_/_/_/_/**
**ден месец година**

**16.Кој вид на згрижување е определен за детето.**

- 1-Краткорочно згрижување (до 1 година)
- 2-Среднорочно згрижување (од 1 - 3 години)
- 3-Долгорочно згрижување (над 3 години)
- 4-Не е определен

**16.Колку време ќе има потреба детето да биде сместено во ова семејство**

______________________________________________

## Податоци за здравствената состојба на детето

**17.Здравствена состојба на детето**

- 1-Здраво дете
- 2-Со лесен психички хендикеп
- 3-Со умерен психички хендикеп
- 4-Со тежок психички хендикеп
- 5-Со најтежок психички хендикеп
- 7-Со пречки во видот
- 8-Со пречки во слухот
- 9-Со пречки во говорот и гласот
- 10-Со телесен инвалидитет
- 11-Со комбинирани пречки

**18. Дали детето ги има примено сите потребни вакцнии согласно возраста?**
- 1-Да
- 2-Не

**19. Дали детето имало проблеми со здравствената состојба од како е сместено кај Вас?**
- 1-Да
- 2-Не

**20. Ако имало проблеми наведете кои се:**

______________________________________________________________

**21. Дали детето има потреба од одредена стручна помош од :**

- дефектолог
- физотерапеут
- невропсихијатар
- други ________________________________________

**22. Дали детето има потреба од медицинска интервенција и помагала и кои :**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**23. Здравствените услуги кои најчесто ви се потребни за детето ги добивате во здравствена установа во:**

- 1-Вашето место на живеење
- 2-во друго населено место __________________
- 3-во друга општина ________________________
- 4-друго

**24. Дали детето е здравствено осигурано?**

- 1-Да
- 2-Не

**25. Ако е осигурано наведете по кој основ.**

- 1-Преку Центарот за социјална работа
- 2-Преку биолошките родители
- 3-Преку старателот
- 4-Друго

## Податоци за образованието на детето

**26. Дали во школската 2006/2007 година посетува образовна установа/специјално училиште?**

| а) редовно | б) специјално | в) редовно (спец. паралелка) | г) дневен центар |
|---|---|---|---|
| • Да | • Да | • Да | • Да |
| • Не | • Не | • Не | • Не |

**27. Ако не посетува која е причината:**

- 1-Детето е на предучилишна возраст
- 2-Поради здравствени проблеми
- 3-Заради неодговорност на згрижувачите
- 4- Друго -------------------------------------------------------

**28. Кое одделение/клас посетува во школската 2009/2010 -------------?**

**29. Со каков успех го заврши I полугодие?**

- 1-Одличен
- 2-Многу добар
- 3-Добар
- 4-Доволен
- 5-Незадоволителен

**30. Каво поведение манифестирало во претходното полугодие?**

- задоволително
- незадоволително

**31. Ако манифестирало незадоволително поведение кои се проблемите**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**32. Дали го има потребниот училишен прибор?**

- 1-Да целосно
- 2-Делумно
- 3-Нема

**33. Дали детето има проблеми со учењето**

- 1-Да
- 2-Не

**34. Доколку има проблеми кои се ?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**35.Како детето најчесто учи ?**

- 1- учи само
- 2-потребна му е помош
- 3- му помагаат згрижувачите
- 4 -му помагаат децата на згрижувачите
- 5- само го контролираат згрижувачите
- 6-сметаат дека не му е потребна помош и не го контролираат

**36. Дали се интересирате за успехот и поведението на детето во училиште?**

- 1-Да
- 2-Не

**37. На кој начин најчесто се интересирате за успехот и поведението на детето во училиште?**

- 1-Редовно одите, но само на родителските средби
- 2-Самоиницијативно контактирате со класниот раководите и другите наставници
- 3-По барање од училиштето

**38. Проблемите во однос на поведението и учењето најчесто ги решавате**

- 1- со помош на згрижувачот
- 2 -со помош на наставниот кадар во училиштето(учител,класен и сл)
- 3-со помош на педагошко-психолошката служба во училиштето
- 4-со помош на стручно лице од ЦСР
- 5-со помош на други лица ________________________________________

## ПОДАТОЦИ ЗА ХИГИЕНСКИ И РАБОТНИ НАВИКИ НА ДЕТЕТО

**39. Дали има стекнато основни хигиенски навики согласно возраста?(миење заби, бањање, контрола на сфинктери)**

- 1-Да
- 2-Не

**40. Дали детето може само да се храни согласно возраста?**

- 1-Да
- 2-Не

**41. Дали имате потреба од стручна помош во однос на исхраната на детето?**

- 1-Да
- 2-Не

**42. Дали детето може само да се облекува - соблекува согласно возраста?**

- 1-Да
- 2-Не

**43. Доколку нема стекнато хигиенски и навики за самопослужување дали Ви е потребна стручна помош**

- 1-Да
- 2-Не

**44. Како најчесто детето го поминува слободното време?**

- 1-гледа ТВ
- 2-чита книги
- 3-игра дома
- 4-игра надвор
- 5-помага во домашните работи
- 6- друго ___________________________

**45.Со кого најчесто го поминува слободното време?**

- 1-Сам
- 2-Со децата во семејството
- 3-Возрасните членови од семејството
- 4-Другарчиња
- 5-Нагости кај роднини /пријатели
- 6- Друго ______________________________

**П о п о л н и л**

**Д а т а**________________ ________________________

**Место** ________________

**ПРИЛОГ 3:**

Меѓуопштински центар
за социјална работа

________________________

## *ПРАШАЛНИК*

***за стручно лице од центарот за социјална работа кој работи на проблематиката - сместување во згрижувачко семејство***

**1.Пол**

- 1-Женско
- 2-Машко

**2.Возраст ________________**

**3.Стручен профил**

- Социјален работник
- Педагог
- Психолог
- Правник
- Друго_________________

**4. Колку време работите на ова проблематика ______?**

**5. Колку згрижувачки семејства има регистрирано во Вашиот Центар за социјална работа ? ____________**

**6. Колку корисници има сместено во згрижувачки семејства регистрирани во Вашиот Центар за социјална работа ? ____________**

**7 Дали работите тимски на ова проблематика?**

- да
- не

**8.Во која фаза од работата сте вклучени како стручен профил?**

- Во сите фази
- Делумно
- Никогаш

**9.Доколку сте делумно вклучени заокружете во која активност**

- при проценката на згрижувачите
- во пишување стручен наод и мислење
- во обуката
- во сместувањето на корисник
- во следењето

**10.Дали ја почитувате законската регулатива при избор на згрижувачко семејство**

- Во целост
- Делумно
- Воопшто не постапувам

**11.На кој критериум најмалку внимаваш при проценката на згрижувачко семејство**

- Степенот на образование
- Здравствената состојба
- Станбените услови
- Материјалните услови
- Моралната подобност
- Друго________________________

**12. Дали досието ја содржи комплетната документација за згрижувачко семејство**

- да
- не
- делумно

**13.Дали постапувате согласно стручно - методолошкото упатство**

- да
- не
- делумно

**14.Колку пати месечно правиш увид во згрижувачките семејства**

- еднаш
- два пати
- повќе од два пати
- ниту еднаш (наведи ја причината)

**15.На кој начин им даваш стручна помош и поддршка на згрижувачите**

- по барање на згрижувачжот
- по барање на сместениот корисник
- по твоја иницијатива

**16.Дали својата стручна работа со згрижувачкото семејство и сместениот корисник редовно ја евидентираш во листот за следење**

- да
- не

**П о п о л н и л**

**Д а т а**________________

______________________

**Место** ______________

**ПРИЛОГ 4:**

## П Р А Ш А Л Н И К
**за претставници од локалната самопуправа за согледување на ресурсите на локално ниво**

1. Назив на општината: ________________________

2. Број на жители: ______________________

3. Меѓуопштинскиот центар за социјална работа за кои општини е

надлежен: _________________________________________________

4. Број на згрижувачки семејства во кои има сместено деца :________

5. Број на евидентирани згрижувачки семејства:_________

6. Број на потенцијални згрижувачи кои ги исполнуваат условите,а немаат згрижено деца: _____________.

7. Број на деца сместени во згрижувачко семејство од Вашата општина?

8. Број на деца сместени во згрижувачко семејство од други општини?

9. Наведете ги другите општини и бројот на деца ....?

10. Колкав е бројот на деца со посебни потреби сместени во згрижувачко семејство? _______.

11. Колку од децата со посебни потреби се излезени од установа (деинституционализирани) ? _______. и во кој период 200... до 200...?

12. Број на детски градинки во вашата општина: ________ ?

13. Дали во детските градинки се опфатени деца со посебни потреби

    а) да    колку градинки _____ ,по колку деца во група ______.

    б) не

14.Број на основни училишта _________?

15. Број на основни училишта во кои има специјални паралелки за деца со посебни потреби __________.

16. Број на средни училишта _______?
17. Наведете за каква стручна подготовка постојат средни училишта:

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

18. Дали во Вашата општина има факултети ?

а) да

б) не

19. Ако има наведете ги:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

20. Дали имате дневни центри за лица со посебни потреби:

а) деца да не

б) возрасни да не

21. Колкав е бројот на деца кои се во згрижувачко семејство,а истовремено посетуваат и дневен центар за деца со посебни потрби: ?

22. Дали има деца кои се во згрижувачко семејство го посетувале дневниот центар а сега се откажале?

а) да

б) не

23. Колкав е бројот на згрижувачки семејства кои прекинале да ги носат децата во дневен центар __________?

24. Наведете ги причините поради кои згрижувачите прекинале да ги носат децата во дневен центар?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

25. Колкав е бројот на деца со посебни потреби кои се сместени во згрижувачко семејство,а имаат желба да ги вклучат децата во дневен центар за деца со посебни потреби? ___________.

26. Кои здравствени институции постојат на локално ниво да се наведат:

________________________________________________

________________________________________________

27.Кои специјалистички служби функционираат во овие здравствени институци:

________________________________________________

________________________________________________

28. Кои стручни профили ги има во овие институции :

________________________________________________

________________________________________________

29. Дали има невладини организации кои делуваат на локално ниво?

а) да

б) не

30.Доколку има наведете некои од нив :

________________________________________________

________________________________________________

**Пополнил**

**Дата**________________ ____________________

**Место** ______________

**ПРИЛОГ 5**

***ПРОТОКОЛ***

***за работа на членовите на мобилниот тим***

1. Место и дата /_//_/ /_/_/ /_/_/_/_/ ____________________.

2. Име и презиме на детето ________________________________

3. Време на започнување на посетата _______________________

4. Време на започнување на посетата _______________________

5. Содржина на работата со корисникот:

6. Применети методи и техники на работа:

7. Забелешки на стручното лице

Потпис на згрижувачот:

_______________________

Потпис на стручното лице

___________________________

(профил)